# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КАРПОШ

***03.04.2026 година * Број 7 * Година XX ***
**Излегува по потреба**
**e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk**

Скопје, Април, 2026 година

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за изградба на новопроектирана секундарна улична мрежа за дел од сервисна улица: „Д“ и дел од сервисна улица: „А“ (ул: Скупи – 3) – н.м. Злокуќани, Општина Карпош**

1. Се објавува Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за изградба на новопроектирана секундарна улична мрежа за дел од сервисна улица: „Д“ и дел од сервисна улица: „А“ (ул: Скупи – 3) – н.м. Злокуќани, Општина Карпош, донесена на 11. седница (второ продолжение) на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3519/1**
**Датум: 03.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 241/24), како и врз основа на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за изградба на новопроектирана секундарна улична мрежа за дел од сервисна улица: „Д“ и дел од сервисна улица: „А“ (ул: Скупи – 3) – н.м. Злокуќани, Општина Карпош, донесена од Советот на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје“ бр.3/26), Советот на Општина Карпош на 11.седница (второ продолжение), одржана на 02 април 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за изградба на новопроектирана секундарна улична мрежа за дел од сервисна улица: „Д“ и дел од сервисна улица: „А“ (ул: Скупи – 3) – н.м. Злокуќани, Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Карпош воспоставува меѓуопштинска соработка со Град Скопје за изградба на новопроектирана секундарна улична мрежа за дел од сервисна улица: „Д“ и дел од сервисна улица: „А“ (ул: Скупи – 3) – н.м. Злокуќани, Општина Карпош, како и други прашања во остварување на заедничката цел и интерес.

**Член 2**

Проценетата вредност за реализација на меѓуопштинската соработка од членот 1 на оваа Одлука, изнесува 6.289.483,44 денари со вклучен ДДВ.

Град Скопје во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со средства во висина од 6.289.483,44 денари со вклучен ДДВ, обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2026 година, од подпрограма ЈДА 482130 – Меѓуопштинска соработка - Изградба, реконструкција и одржување на сообраќајници.

Општина Карпош во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со техничка документација, односно Основен проект за новопроектирана секундарна улична мрежа за дел од сервисна улица: „Д“ и дел од сервисна улица: „А“ (ул: Скупи – 3) – н.м. Злокуќани, Општина Карпош и решавање на евентуалните имотно правни односи.

Средствата од ставот 2 на овој член ќе се користат исклучиво за намената од член 1 на оваа Одлука и во согласност со прописите со кои се уредуваат градежни работи од

ваков тип, а изведбата ќе се реализира преку спроведување на јавна набавка или преку ангажирање на Јавното Претпријатие Улици и патишта – Скопје, чиј основач е Град Скопје.

**Член 3**

За реализација на оваа Одлука Градоначалникот на Општина Карпош ќе склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје во форма и содржина пропишана во Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-2973/8**
**Датум 02.04.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Христо Саракинов с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет “ Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет “ Карпош-Скопје, донесено на 11. седница (второ продолжение) на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3519/2**
**Датум: 03.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски с.р.**

Врз онова на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), а во врска со член 60, став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и Барањето бр.54-246/1 од 14.01.2026 година, Советот на Општина Карпош, на 11. седница (второ продолжение), одржана на 02 април 2026 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет “ Карпош-Скопје**

1. Се дава согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје, бр.02-181/4 од 26.12.2025 година, донесена од Управниот одбор на јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“-Општина Карпош-Скопје

2. Решението да се достави до јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 09-2973/9**
**Датум 02.04.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Христо Саракинов с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје, донесено на 11. седница (второ продолжение) на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3519/3**
**Датум:03.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и („ Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24,), , а во врска со член 60, став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и Барањето бр.09-674/1 од 28.01.2026 година, Советот на Општина Карпош, на 11. седница (второ продолжение), одржана на 02 април 2026 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје**

1. Се дава согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје, бр.02-30/3 од 26.01.2026 година, донесена од Управниот одбор на јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“-Општина Карпош-Скопје

2. Решението да се достави до јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 09-2973/10** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Датум 02.04.2026 година** **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Христо Саракинов с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Пролет “ Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Пролет “ Карпош-Скопје, донесено на 11. седница (второ продолжение) на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3519/4**
**Датум: 03.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и („ Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24,), , а во врска со член 60, став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и Барањето бр.54-692/1 од 28.01.2026 година Советот на Општина Карпош, на 11. седница, (второ продолжение), одржана на 02 април 2026 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Пролет “ Карпош-Скопје

1. Се дава согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Карпош-Скопје, бр.02-18/5 од 16.01.2026 година, донесена од Управниот одбор на јавната установа општинска детска градинка „Пролет“-Општина Карпош-Скопје

2. Решението да се достави до јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Карпош-Скопје.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 09-2973/11**
**Датум 02.04.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Христо Саракинов с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Карпош-Скопје, донесено на 11. седница (второ продолжение) на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3519/5**
**Датум: 03.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и („ Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24,), , а во врска со член 60, став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и Барањето бр.54-247/1 од 14.01.2026 година, Советот на Општина Карпош, на 11. седница, (второ продолжение), одржана на 02 април 2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Карпош-Скопје**

1. Се дава согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Карпош-Скопје, бр.02-248/14 од 22.12.2025 година, донесена од Управниот одбор на јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“-Општина Карпош-Скопје

2. Решението да се достави до јавната установа општинска детска градинка „ Распеана Младост“ Карпош-Скопје.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 09-2973/12** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Датум 02.04.2026 година** **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Христо Саракинов с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош - Скопје, донесено на 11. седница (второ продолжение) на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3519/6**
**Датум: 03.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/2024 ) и членот 114, ставови 10, 13, 15, 16, 17 и 18 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), Записник од одржан состанок на Стручниот совет во ЈУОДГ „Распеана Младост “ бр. 02-22/3 од 23.01.2026 година, Барањето бр.03-33/1 од 30.01.2026 година, заверено во архивата на Општина Карпош 54-784/1 од 30.01.2026 година и Барањето бр.03-33/1 од 30.01.2026 година, заверено во архивата на Општина Карпош 54-784/1 од 30.01..2026 година, Советот на Општина Карпош на 11. седница (второ продолжение), одржана на 02 април 2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош - Скопје**

1. Со ова решение се разрешува членот на управен одбор на ЈУОДГ „Распеана Младост“ претставник од редот на вработените, а именуван и верификуван од Советот на Општина Карпош, поради престанок на мандат:

- Биљана Клетничка

2. За член во управниот одбор на ЈУОДГ „Распеана Младост “претставник од редот на вработените, Советот на Општина Карпош ја именува и верификува:

- Јулијана Јованов

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-2973/13** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Датум 02.04.2026 година** **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Христо Саракинов с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Правилникот за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации наменети за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година**

1.Се објавува Правилникот за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации наменети за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година, донесен на 11. седница (второ продолжение) на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3519/7**
**Датум: 03.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024) член 8 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 53/21,72/21,150,21,173/22, 170/24 и 37/25) и член 184 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) ,а во врска со Уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца-детски градинки и Центри за ран детски развој во состав на Јавни детски градинки по општини за 2026 година бр. 57-1502/8 од 17.02.2026 година, Советот на Општина Карпош, на 11. седница (второ продолжение), одржана на 02 април 2026 година, го донесе следниот

## ПРАВИЛНИК
## за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации наменети за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година

### Член 1

Со овој Правилник се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации наменети за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година.

### Член 2

Со средствата од блок дотациите за финансирање на дејноста - згрижување и воспитание на деца, трансферирани од Буџетот на Република Македонија за 2026 година во Раздел 15001-Министерство за социјална политика, демографија и млади, Програма А, Потпрограма А2-Пренесување на надлежности на единиците на локалната самоуправа, согласно Буџетот на Општина Карпош за 2026 година, се врши финансирање на Јавните установи општинските детски градинки:

- „ Орце Николов“,
- „Мајски Цвет“,
- „Пролет“ и
- „ Распеана Младост“.

Средствата од став 1 на овој член се распоредуваат поединечно на секоја јавна установа општинска детска градинка врз основа на претходно доставените податоци

од страна на јавна установа општинска детска градинка и нивните годишни финансиски планови.

**Член 3**

Распределбата на блок дотацијата по Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош ќе се врши по следните критериуми:
- основна сума по дете за престој на дете во општинска јавна установа за деца-детска градинка
-број на деца во општинската јавна установа за деца-детска градинка
-број на вработени во општинската јавна установа за деца-детска градинка

**Член 4**

Блок дотацијата за дејноста згрижување и воспитание на деца во општинските јавни установи за деца-детски градинки и центри за ран развој во состав на детски градинки, по општини не може да биде помала од 350.000,00 денари месечно, по општина.
Блок дотацијата за дејноста згрижување и воспитание на деца во општинките јавни установи за деца-детски градинки и центри за ран развој во состав на јавните детски градинки, по општина не може да биде помала од потребните средства за исплата на плата на вработените по општинксите јавни установи за деца-детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки заклучно со состојбата на вработените од предходната фискална година.

**Член 5**

Средствата за блок дотацијата за општинските јавни установи за деца-детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки че се насочуваат во општините и општините во Градот Скопје каде што е седиштето на установата, од Буџетот на Република Северна Македонија преку Министерството за социјална политика, демографија и млади , месечно или во динамика договорена со Министерство за финансии.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-2973/14** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Датум 02.04.2026 година** **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Христо Саракинов с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2026 година

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2026 година, донесена на 11. седница (второ продолжение) на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3519/8**
**Датум: 03.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 ) и („Службен весник на Република Северна Македонија бр 202/24), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2026 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.23/25 год.“), Советот на Општина Карпош, на 11. седница (второ продолжение), одржана на 02 април 2026 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2026 година**

1. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Образованието за 2026 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2025), во точка II. Проектни активности се врши измена на следниот начин:

- Во точка **2. Ужинки за учениците од општинските основни училишта** се менува износот во делот Предвидена финансиска рамка: износот од 5.000.000 (пет милиони) денари се менува и **Предвидената финансиска рамка** Во точка 2. гласи **4.800.000** (четири милиони и осумстотини илјади) денари.

- Во **II. Проектни активности** се врши дополнување на следниот начин: По точка 16. **се додава нова точка 17.** која гласи: **Финансиска поддршка за меѓународна ученичка размена со партнерско училиште**, во делот на **Предвидена финансиска рамка:** предвидениот финансиски износ е **200.000** (двеста илјади) денари.

ПРОГРАМА
**за активностите на Општина Карпош во областа на образованието**
**за 2026 година**

# I. Развојни приоритети и цели

Целта на програмата за образование е да го стимулира напредокот во образовниот процес и да ги мотивира учениците да постигнуваат високи резултати во образованието, подобрување на квалитетот во образованието како и условите за работа во општинските основни училишта.

# II. Проектни активности

| 1 | Опремување на училишните кабинети и библиотеки |
|---|---|
| **Опис на активности** | Осовременување на наставата во општинските основни училишта со нагледни средства, лектирни изданија и дидактички материјали. |
| **Стратешки насоки и цели** | Континуирано обновување на нагледните средства, лектирните изданија и дидактичките материјали во основните општински училишта. |
| **Очекувани резултати** | • Поквалитетен воспитно-образовен процес.<br>• Стекнување на трајни знаења на учениците. |
| **Целна група** | Ученици и наставници од општинските основни училишта. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **4.500.000 денари** |
| **Трошоци** | Трошоци за лектирни изданија и обезбедување нагледни средства и дидактички материјали за училиштата преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2026 година. |

| 2 | Ужинки за учениците од општинските основни училишта |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **Опис на активности** | Во период јануари-јуни 2026 година, за учебната 2025/2026 и за периодот септември-декември 2026 година за учебната 2026/2027, Општина Карпош ќе субвенционира ужинки за учениците од 1-9 одделение од општинските основни училишта, во висина од 50% од износот на месечниот надоместок. |
| **Стратешки насоки и цели** | Зајакнување на довербата помеѓу Општина Карпош и родителите на учениците од основните општински училишта. |
| **Очекувани резултати** | Финансиска помош за родителите на учениците. |
| **Целна група** | Ученици од 1-9 одделение од општинските основни училишта. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **4.800.000 денари** |
| **Трошоци** | Обезбедување ужинки на ученици преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2026 година. |

| 3 | **Ослободување од плаќање месечен надомест за ужинка/топол оброк на ученици – деца на бранители во општинските основни училишта** |
|---|---|
| **Опис на активности** | Оваа активност се предвидува согласно Одлуката ( бр.09-8890/16 од 07.12.2022 година) донесена од Советот на Општина Карпош за ослободување од плаќање месечен надомест за топол оброк и ужинки. |
| **Стратешки насоки и цели** | • Поддршка на бранителите.<br>• Заслуги во одбраната на татковината |
| **Очекувани резултати** | Финансиска помош на семејствата на учениците. |
| **Целна група** | Ученици–деца на бранителите во општинските основни училишта. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **200.000 денари** |
| **Трошоци** | Плаќање на фактури на правно лице за трошоци за топол оброк и ужинки. |

| 4 | **Редовен превоз на учениците од општинските основни училишта** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **Опис на активности** | Обезбедување на месечни билети за секојдневен превоз на ученици од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош, за месеците додека трае наставната година. |
| **Стратешки насоки и цели** | • Усогласување со законска регулатива согласно член 73 став (1) од Законот за основното образование.<br>• Олеснет и безбеден превоз до најблиското општинско основно училиште оддалечено најмалку два километри од местото на живеење |
| **Очекувани резултати** | Финансиска помош на родителите на учениците. |
| **Целна група** | Ученици од општинските основни училишта на кои местото на живеење им е оддалечено најмалку два километри од најблиското општинско основно училиште. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **1.500.000 денари** |
| **Трошоци** | Обезбедување превоз на ученици. |

| 5 | Превоз на ученици на еднодневен пролетен излет |
|---|---|
| **Опис на активности** | Организирање на превоз за реализација на еднодневен пролетен излет во околината на Скопје за учениците од 1-9 одделение од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош, во 2026 година. |
| **Стратешки насоки и цели** | Реализирање на дел од програмската активност за реализација на еднодневен пролетен излет согласно годишните програми за реализирање на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на сите општински основни училишта, изготвени согласно Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта. |
| **Очекувани резултати** | • Дружење меѓу учениците и наставниците, социјализација, едукација за излетничките места со посета на културно историски обележја.<br>• Финансиска помош за родителите на учениците. |
| **Целна група** | Ученици и наставници од општинските основни училишта. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **2.500.000 денари** |
| **Трошоци** | Обезбедување превоз на ученици преку спроведена јавна набавка |

| | |
|---|---|
| | согласно План за јавни набавки за 2026 година. |

| **6** | **Стипендии за талентирани ученици од основните училишта** |
|---|---|
| **Опис на активности** | Стипендии за талентирани ученици од основните училишта ќе ги опфати талентираните ученици од 8 (осмо) и 9 (деветто) одделение од училиштата на територија на Општина Карпош, жители на Општина Карпош, за постигнати резултати од областа на науката, литературата, техниката, културата и уметноста на:<br>-општински,<br>-регионални,<br>-државни и<br>-меѓународни натпревари и<br>-олимпијади во државата и странство.<br>Стипендиите се доделуваат за осум месеци и се во две категории, и тоа:<br>-Прва категорија 3.500 денари,<br>-Втора категорија 3.000 денари.<br>Комисијата е формирана од Градоначалникот од редот на општинската администрација.<br>На ученикот кој конкурирал за две стипендии во Општина Карпош (образование и спорт) и ги исполнил условите за добивање на двете стипендии, му се доделува една стипендија, по негов избор, врз основа на доставена изјава за која стипендија се одлучил.<br>Јавениот оглас ќе се спроведе по претходно утврдени услови и критериуми.<br>Активноста ги опфаќа следниве постапки:<br>1.Одлука за јавен оглас<br>2. Формирање на комисија<br>3. Објава на јавен оглас<br>4.Записник од отварање на апликации<br>5.Извештај (табеларен преглед)<br>6.Решение за исплата<br>-други акти во врска со предметната постапка |
| **Стратешки насоки и цели** | Целта е да се стимулира и развива талентот на учениците, за понатамошно надградување во областите каде покажуваат успеси. |
| **Очекувани резултати** | • Учество на разни натпревари од областа на науката, техниката, културата и уметноста;<br>• Создавање вистински вредности и навики кај учениците. |
| **Целна група** | Редовни ученици од 8-мо и 9-то одделение во основните училишта на територија на Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| **Предвидена финансиска рамка** | **1.500.000 денари** |
| **Трошоци** | Парични средства за учениците во времетраење од осум месеци во текот на календарската година.<br>2026 (февруари, март, април, мај, јуни)-за учебна 2025/2026<br>2026 (октомври, ноември и декември) -за учебна 2026/2027 |

| **7** | **Награди за првенци на генерација од општинските основни училишта** |
|---|---|
| **Опис на активности** | **а) Еднократна финансиска поддршка на првенци на генерација**<br>Наставничките совети на училиштата врз основа на предлогот од Комисијата за избор на првенец на генерација, одлучуваат за изборот на ученикот кој ќе биде прогласен за првенец на генерација по што доставуваат известување до Општина Карпош.<br>**б) Превоз за летен одмор за првенци на генерација, истакнати спортисти и спортски тимови**<br>Предвидена е реализиција во период на летниот распуст. |
| **Стратешки насоки и цели** | Целта е учениците да се наградат за нивниот успех и да се мотивираат за напредок во понатамошното образование |
| **Очекувани резултати** | Поттик на учениците за учество на разни меѓународни, државни, градски и општински натпревари конкурси и изложби. |
| **Целна група** | а) 10 ученици - првенци на генерација<br>б) 10 ученици-првенци на генерација, наставници и претставници од одделението за образование од Општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **700.000 денари** |
| **Трошоци** | а) 10 ученици првенци по 10.000 денари<br>б) превоз за летен одмор за 10 ученици првенци и истакнати спортисти и спортски тимови - 600.000 денари<br>Обезбедубвање превоз преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2026 година. |

| **8** | **Избор за најдобро уреден ЕКО-училишен двор /катче** |
|---|---|
| | Со цел подигање на свеста на учениците, родителите, наставниците за важноста на животната средина и рециклирањето, како модел за заштита на животната средина, |

| | |
|---|---|
| **Опис на активности** | училиштата ќе се натпреваруваат за најдобро уреден еко-училишен двор /катче во училиштето.<br>Активноста ќе се реализира во период од март - мај 2026 година.<br>Училиштата кои во минатите години добиле награда за ЕКО-уреден училишен двор/катче не можат повторно да учествиваат на следен јавен повик со истиот простор, за кој веќе имаат добиено награда.<br>Активноста ги опфаќа следниве постапки:<br>1.Формирање на комисија<br>2. Записник од увид на училишниот двор/катче<br>3. Извештај (табеларен преглед)<br>4. Решение за исплата<br>-други акти во врска со предметната постапка<br>Изборот за најдобро уреден еко-училишен двор /катче ќе го врши Комисија формирана од Градоначалникот од редот на општинската администрација . |
| **Стратешки насоки и цели** | Финансиска поддршка за основните општински училишта, подигање на еколошката свест, употреба на рециклирани материјали и нивно понатамошно користење и реупотреба |
| **Очекувани резултати** | Поттикната мотивираност и креативност за создавање на здрава средина за учеење и развој и развивање на еколошката свест на сите чинители во воспитно-образовниот процес |
| **Целна група** | Ученици, родители и наставници од основните општински училиштпта. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **150.000 денари** |
| **Трошоци** | <u>Награди:</u><br>I место 70.000 денари<br>II место 50.000 денари<br>III место 30.000 денари |

| 9 | Хорски натпревар |
|---|---|
| | Проектот Хорски натпревар меѓу училиштата е предвидено да се одржи во период од месец мај до јуни во просториите на едно од основните општински училишта. Право на учество имаат сите општински основни училишта.<br>Активноста ги опфаќа следниве постапки: |

| | |
|---|---|
| **Опис на активности** | 1.Формирање на комисија<br>2. Записник од натпреварувачкиот дел<br>3. Извештај (табеларен преглед)<br>4. Решение за исплата<br>-други акти во врска со предметната постапка<br>Изборот за наградените училишта ќе го врши Комисија составена од надворешни членови, стучни лица од областа на музиката и членови од редот на општинската администрација. |
| **Стратешки насоки и цели** | Зголемување на соработката и дружењето помеѓу учениците и наставниците во училиштата од Општина Карпош и мотивирање за поголеми успеси на ниво на училиште. |
| **Очекувани резултати** | Развивање на уметнички и натпреварувачки дух кај учениците и музичките педагози |
| **Целна група** | Учениците и музичките педагози од општинските основни училишта. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **150.000 денари** |
| **Трошоци** | -Награди:<br>I место - 40.000 ден<br>II место - 30.000 ден<br>III место -20.000 ден<br>Вкупно (90.000 ден) 30% од износот ќе се исплати на музичкиот педагог и 70% на училиштето за потребите на училишниот хор или осовременување на наставата по музичко образование.<br>-Надворешните членови на комисијата - 9.000 ден.<br>-други активности (водител, озвучување, украсување, пијалок за учесниците) |

| 10 | Ранче и прибор за секое прваче |
|---|---|
| **Опис на активности** | Општина Карпош ќе обезбеди ранче и основен училишен прибор за секое прваче.<br>Градоначалникот, советниците и вработените од одделението за образование ќе ги посетат првачињата и ќе им посакаат успешен почеток на учебната година. |
| **Стратешки насоки и цели** | Семејствата ќе добијат финансиско олеснување во најважниот момент од образовниот пат на своите деца. |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати** | Очекуваниот резултат е децата полесно ќе се адаптираат на училишната средина со чувство на припадност и поддршка, а |
| **Целна група** | Првачиња од општинските основни училишта |
| **Предвидена финансиска рамка** | **1.000.000 денари** |
| **Трошоци** | Обезбедување квалитетни ранчиња и прибор, за првачиња преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2026 година. |

| 11 | МИО (меѓуетничка интеграција на младите во образованието) |
|---|---|
| **Опис на активности** | Општина Карпош ја поддржува меѓуетничката интеграција со финансиска помош на општинските основни училишта на територија на Општина Карпош. Тимот за училишна интеграција планира и организира активности кои што имаат за цел интеракција, односно интеграција на етнички/јазично мешани групи ученици спроведувајќи ги планираните активности. |
| **Стратешки насоки и цели** | • Градење на свесност за меѓуетничка интеграција преку разновидни обуки, организирање на спортски игри, квизови на знаење, поттикнување на соработката и дружењето помеѓу учениците со збратимените училишта во кој наставата се одвива на македонски и на јазици кои се говорат во училиштата.<br>• Прифаќање на различностите и отфрлање на стереотипите и предрасудите, помеѓу учениците во општинските училишта. |
| **Очекувани резултати** | • Зголемување на меѓуетничката кохезија помеѓу учениците во општинските основни училишта.<br>• Реализирање на заеднички ученички спортски активности, забавни игри, културни работилници |
| **Целна група** | Ученици и наставници од основните општински училишта |
| **Предвидена финансиска рамка** | **100.000 денари** |
| **Трошоци** | По 10.000 денари за секое општинско основно училиште. |

| 12 | „Карпош има талент“ |
|---|---|
| | По повод роденденот на општината се организира манифестацијата „Карпош има талент“. Учество ќе земат сите |

| | |
|---|---|
| **Опис на активности** | општински основни училишта и се претставуваат со по еден настап (пеење, танцување, глума, рецитал, свирење на инструмент и др.) Максималниот бројот на учесници од училиште да не надминува повеќе од десет ученици.<br>Активноста ги опфаќа следниве постапки:<br>1.Формирање на комисија<br>2. Записник од натпреварувачкиот дел<br>3. Извештај (табеларен преглед)<br>4. Решение за исплата<br>-други акти во врска со предметната постапка<br>Изборот за наградените училишта ќе го врши Комисија составена од надворешни членови истакнати лица од уметноста и членови од редот на општинската администрација. |
| **Стратешки насоки и цели** | Стимулирање на креативноста и талентот кај учениците, поттикнување натпреварувачки дух, дружење и забава меѓу најмладите, социјализација и сл. |
| **Очекувани резултати** | Фер натпреварување и развивање на другарството помеѓу децата |
| **Целна група** | Учениците од општинските основни училишта, наставниците и родителите |
| **Предвидена финансиска рамка** | **200.000 денари** |
| **Трошоци** | **<u>Награди</u>**:<br>15.000 ден -прво место,<br>10.000 ден- второ место и<br>7.000 ден - трето место<br>9.000 ден -Надворешните членови на Комисија<br>Други активности (изнајмување сала, водител, украсување, озвучување, дипломи , пијалоци) |

| **13** | **Бесплатни екскурзии за ученици чии семејства се приматели на социјална помош** |
|---|---|
| **Опис на активности** | Екскурзиите и наставата во природа се вонучилишни активности на учениците што ги организираат основните училишта и се изведуваат надвор од училиштето согласно „Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта“. |
| | • Истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели** | • Посети на локалитети и објекти од културно, историско и друго значење<br>• Запознавање на учениците со културата на различните етнички заедници<br>• Дружење, социјализација, развивање интерес на спортски активности и создавање навики за здраво живеење |
| **Очекувани резултати** | Финансиска помош на семејствата на учениците. |
| **Целна група** | Ученици од општинските основни училишта, чии семејства се приматели на социјална помош.<br>-За учениците од V одделение - 3-5 дена<br>-За учениците од VI одделение- 2 дена<br>-За учениците од IX одделение – 3 дена |
| **Предвидена финансиска рамка** | **200.000 денари** |
| **Трошоци** | Превоз и сместување. |

| 14 | Бесплатни униформи за учениците |
|---|---|
| **Опис на активности** | Во основните општински училишта во Карпош постојат социјални разлики кои често влијаат врз децата, нивната самодоверба и чувството на припадност.<br>Општина Карпош ќе воведе бесплатни униформи за сите ученици во општински основни училишта. Униформите ќе бидат изработени по современи стандарди удобни, практични и со квалитетни материјали, а дизајнот ќе се дефинира во консултација со училиштата и родителите. |
| **Стратешки насоки и цели** | Почитување на потребите на децата и обезбедување заеднички модел што ја поттикнува еднаквоста. |
| **Очекувани резултати** | Очекуваниот ефект од воведувањето на униформите е повеќеслоен: ќе се намалат социјалните разлики, ќе се зајакне чувството на заедништво, а училиштата ќе добијат уреден и дисциплиниран амбиент. Родителите ќе имаат сигурност дека нивните деца се дел од еднаква средина, а наставниците ќе работат во атмосфера со поголем ред и фокус на образовниот процес. |
| **Целна група** | Ученици од општинските основни училишта. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **15.000.000 денари** |

| | |
|---|---|
| **Трошоци** | Ученици од 1-9 одд.<br>Обезбедување униформи за учениците преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2026 година. |

| 15 | Промоција на успешен наставник |
|---|---|
| **Опис на активности** | По повод 5 октомври-Светскиот ден на учителите, Општина Карпош ќе додели награди/признанија на најдобри наставници/стручни соработници (по еден) од сите десет општински основни училишта. Изборот на „успешен наставник“го прави училиштето. |
| **Стратешки насоки и цели** | Препознавање и наградување на најпосветените и најиновативните наставници |
| **Очекувани резултати** | Поддршка и стимулирање за постигнување на подобри резултати во образованието. |
| **Целна група** | Наставници/стручни соработници од општинските основни училишта, |
| **Предвидена финансиска рамка** | **120.000 денари** |
| **Трошоци** | -10 наставници Х 10.000 денари<br>-други трошоци ( озвучување, бина, украсување и др) |
| **16** | **Изготвување на анализа за 24 часовно обезбедување на ученици, објекти и имот во основните општински училишта** |
| **Опис на активности** | - Изготвување на анализа за 24 часовно обезбедување на ученици, објекти и имот во основните општински училишта |
| **Стратешки насоки и цели** | Целта на анализата е да се добие вредноста на чинење на услугата од лиценцирани компании за обезбедување. |
| **Очекувани резултати** | Сигурни и безбедни училишта |
| **Целна група** | Ученици и вработени во општинските основни училишта. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **0 денари** |

| 17 | Финансиска поддршка за меѓународна ученичка размена со партнерско училиште |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **Опис на активности** | Општина Карпош со еднократна финансиска исплата го поддржува проектот за меѓународна ученичка размена на ООУ Владо Тасевски – Карпош, Скопје и партнерско училиште од Република Германија |
| **Стратешки насоки и цели** | Развивање на интеркултурни компентенции, јазични вештини, социјална одговорност и европски вредности. |
| **Очекувани резултати** | • напредување на меѓународна образовна соработка,<br>• размена на добри практики,<br>• личен и образовен развој на учениците и<br>• афирмација на Општина Карпош на меѓународно ниво. |
| **Целна група** | Ученици и наставници од општинското основно училиште. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **200.000 денари** |
| **Трошоци** | Средствата се обезбедени од Општина Карпош. |

Вкупна предвидена финансиска рамка:

**32.820.000 денари**. (триесет и два милиони осумстотини дваесет илјади денари)

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **32.820.000 ден.** (триесет и два милиони осумстотини и дваесет илјади денари)
е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2026 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2026 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансии од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Одделението за образование со Секторот за дејности од јавен интерес и Секторот за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

**Број 09-2973/15**
**Датум 02.04.2026 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Христо Саракинов с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Одлука за усвојување План за заштита и спасување на подрачје на Општина Карпош

1. Се објавува Одлука за усвојување План за заштита и спасување на подрачје на Општина Карпош, донесена на 11. седница (второ продолжение) на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3519/9**
**Датум: 03.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка10; член 36, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) член 9, член 11 и член 14 од Уредбата за методологијата за изработка на процената на загрозеност на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процена („Службен весник на Република Македонија бр.13/2011), и Мислењето бр.09-29/3 од 06.03.2026 година од Дирекција за заштита и спасување Подрачно одделение Карпош, Советот на Општина Карпош, на 11.седница (второ продолжение), одржана на 02 април 2026 година година, донесе

**ОДЛУКА**
**за усвојување План за заштита и спасување на подрачје на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Планот за заштита и спасување на подрачје на Општина Карпош.

**Член 2**

Планот за заштита и спасување на подрачје на Општина Карпош е составен од следните:

1. План за Заштита и спасување за Асанација на подрачјето на Општина Карпош
2. План за Врски на подрачјето на Општина Карпош
3. План за Заштита и Спасување за Евакуација на населението на подрачјето на Општина Карпош
4. План за Заштита и Спасување на Животна средина на подрачје на Општина Карпош
5. План за Засолнување на населението и материјалните добра на подрачјето на Општина Карпош
6. План за Заштита и Спасување за подготвеност, мобилизација и нагажирање на силите за заштита и спасување на подрачјето на Општина Карпош
7. План за Заштита и Спасување за Прва медицинска помош на подрачјето на Општина Карпош
8. План за Заштита и Спасување од пожари на подрачјето на Општина Карпош
9. План за Заштита и спасување од поплави на подрачјето на Општина Карпош
10. План за Заштита и Спасување за Радиолошка – хемиска и биолошка заштита на подрачјето на Општина Карпош
11. План за Заштита и Спасување од урнатини на подрачјето на Општина Карпош
12. План за Заштита и Спасување за згрижување на население на подрачје на Општина Карпош

**Член 3**

Сите измени и дополнувања кои евентуално би било неопходно да се направат во Проценатa на загрозеност заради одредени измени во дејноста, пренамена на објектите, просторот и слично ќе ги изготвува ракувачот со Планот за заштита и спасување на подрачје на Општина Карпош

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на нејзино донесување.

**Член 5**

Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за усвојување на План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на единицата на локална самоуправа бр.09-8890/7 од 06.12.2022 година.

**Број 09-2973/16** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Датум 02.04.2026 година** **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Христо Саракинов с.р.**

ОПШТИНА КАРПОШ
**Совет на Општина Карпош**

# ПЛАН
# ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
# ЗА АСАНАЦИЈА НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Скопје 2026 година**

# ПЛАН ЗА АСАНАЦИЈА НА ТЕРЕН

с о д р ж и н а :

**I. ПОТСЕТНИК за употреба на планот за асанација**
II. АСАНАЦИЈА НА ТЕРЕНОТ
III. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АСАНАЦИЈА
- задачи и активности и носители на задачите
- локации за собирање и идентификација на загинати и умрени
- места на собирање и погребување и начин на транспортирање

IV. ПРИЛОЗИ И ДОКУМЕНТИ:

Прилог бр. 1 Работна карта - граници на Општината и на урбаните заедници, карактеристики и активности за мерката
Прилог бр. 2 Процена за број на жители по урбани заедници
Прилог бр. 3 Упатство за воспоставување и одржување на ред
Прилог бр. 4 Локации за собирање на загинати и умрени лица
Прилог бр. 5 Места за собирање и погребување
Прилог бр. 6 Станици за дезинфекција, дезинсекција и деретизација Прилог бр. 7 Преглед на комунални претпријатија
Прилог бр. 8 Преглед на телефони, адреси и други податоци од лица органи, организации и институции вклучени во З и С.

## I. ПОТСЕТНИЦИ ЗА ЗАДАЧИТЕ НА СИЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО ИЗВРШУВАЊЕ НА ПЛАНОВИТЕ ПО МЕРКИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

### 1. Општински штаб за заштита и спасување

Општинскиот штаб заради успешно реализирање овој план покрај другото ги врши и следните активности:
- врши процена на заштита и спасување на луѓето и материјални добра;
- ги утврдува мерките за заштита и спасување на населението и матријалните добра при опасност и настанување на природни непогоди;
- ги утврдува собирните места за прифаќање на повредените граѓани;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
- раководи си силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување;
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организааци вклучени во мерката заштита;
- доколку размерот на опасностите се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, Општинскиот штаб дава предлог до Градоначалникот на Општината да се бара помош од Регионалниот, Републичкиот штаб или соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општината Карпош;
- воспоставува посебна соработка со државните органи и организации, службите и претпријатијата чија дејност е непосредно е сврзана со задачите од заштита и засолнување;
- соработува со Црвен крст на РСМ – Општинска Организација на Црвен крст - Карпош;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, Општинскиот Штаб за Заштита и Спасување го исвестува Градоначалникот и Советот на Општината при што за одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;
- обезбедува услови за ефикасно и благовремено известување за опасностите, и акциите за заштита и спасување, особено преку Центрите за управување со кризи во Општината и Градот;
- донесува Упатсва за мерки, задачи, активност и носители за воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја.

**Командант на Општински штаб за заштита и спасување**

Командантот на Општинскиот штаб заради успешно реализирање на плановите за Заштита и Спасување покрај другото ги врши и следните активности:

- раководи со штабот и преку него со акциите за заштита и спасување;
- врши конкретна процена на состојбата од настанатата природна непогода која ја предлага на штабот;
- предлага мерките за заштита и спасување на населението и матријалните добра од настанатата природна непогода;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
- издава наредба за за упатување на единиците за Заштита и Спасување на местото на почетокот на нивното дејствување;
- ги следи активностите на силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување и ја оценува нивната успешност односно неуспешност;
- соработува со Регионалниот, Градскиот и Републичкиот Штаб за заштита и спасување и со штабовите за заштита и спасување на соседните општини;
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организации вклучени во мерката заштита и спасување;
- доколку размерот на опасностите се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, до Општинскиот штаб дава предлог, преку Градоначалникот на Општината да се бара помош од Регионалниот, Републичкиот штаб или од соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општината Карпош;
- соработува со државните органи и организации, службите и претпријатијата чија дејност е непосредно е сврзана со задачите од заштита и спасување;
- соработува со Црвен крст на РСМ – Општинска Организација на Црвен крст - Карпош;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, го исвестува Општинскиот штаб за Заштита и Спасување, Градоначалникот и Советот на Општината при што за одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;
- за ефикасно и благовремено организирање, раководење, известување за опасностите и акциите за заштита и спасување, ги користи постојните мирновременски врски, средствата за јавно информирање и известување курирските врски на Штабот и на Општината и Градот во целина, а особено Центрите за управување со кризи во Општината и Градот;

- изготвува или донесува Упатсво за мерки, задачи, активност и носители за воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја.
- врши и други задачи и активности кои се во функција за успешно спроведување на мерките за заштита и спасување согласно состојбите на теренот.

**Началник на Општински штаб за заштита и спасување**

- учествува во проценување на подготвеноста на силите за Заштита и Спасување за дејство во остранување на последиците од појавената опасност;
- ги спроведува наредбите на Командантот и на Општинскиот Штаб;
- го организира воспоставувањето на врските со силите за Заштита и Спасување и Штабот;

- ја спроведува наредбата за проверка на попоплнетоста на Штабот и единицата со воени обврзници и материјално - технички средства;
- по можност извршува кратка обука со единиците заради поефикасно користење на матријално - техничките средства;
- ја спроведува наредбата за упатување на единиците за Заштита и Спасување на местото на почетокот на нивните зафати и нивно извршување;
- во случај на настанување на проблеми во извршување на задачите на штабот или единиците се ангажира за нивни разрешување;
- ја следи активноста на единиците за заштита и спасување и по потреба предлага нови мерки и задачи;
- учествува во изготвување на информации за преземаните активности;
- учествува во изготвувањето на наредби, одлуки и други акти;
- соработува со началниците на шатабовите за заштита и спасување на Регионалниот, Републичкиот, Градскиот и Општинските Штабови за заштита и спасување на соседните општини;
- во отсатност на командантот ги презема сите негови надлежности.

## II. АСАНАЦИЈА НА ТЕРЕНОТ

**Поаѓајќи од фактот дека Општината има една универзална единица за Заштита и Спасување во јачина на вод која не е опремена и обучена за асанација. Општина Карпош со своите органи и Штабот се вклучува во реализацијата на активностите и задачите што ги организира и реализира Подрачната единица за заштита и спасување Карпош, согласно нивните плански документи.**

## III. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АСАНАЦИЈА

Асанација на теренот е збир на мерки што се преземааат а кои се во директна зависност од видот и обемот на природната непогода но генерално треба да се преземат мерките и активности за:

- спречување на појава на заразни заболувања кај населението;
- пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погреб на загинати и умрени лица;
- обезбедување исправна вода за пиење и употреба;
- пронаоѓање и закоп на загинати животни;
- чистење на теренот од разни глодари и инсекти;
- отстранување на отпадни и други опасни материи;

- дезинфекција, дезиенсекција и дератизација на теренот и објектите;
- асанација на објекти за водоснабдување;
- спроведување на санитарно хигиенски мерки;
- други мерки и активности во зависност од состојба на теренот.

За спроведување на оваа мерка во плановите се утврдуваат локациски места за собирање и погреб на лица и закопување на животни -Начинот на транспортирање ќе се изврши во координација со Град Скопје од причина што градот располага со превозни средства за таа намена и утврдени места за закопување на мртви животни.

За закопување на животни ќе биде известен Ветеринарниот институт од Скопје.

Се назначуваат здравствени и други организации кои ќе учествуваат во асанацијата и др.

## IV. ПРИЛОЗИ И ДОКУМЕНТИ:

**Прилог бр.1** Работна карта - граници на Општината и на урбаните заедници, карактеристики и активности за мерката
**Прилог бр.2** Процена за број на жители по урбани заедници
**Прилог бр.3** Упатство за воспоставување и одржување на ред
**Прилог бр.4** Локации за собирање на загинати и умрени лица
**Прилог бр.5** Места за собирање и погребување
**Прилог бр.6** Станици за дезинфекција, дезинсекција и деретизација
**Прилог бр.7** Преглед на комунални претпријатија
**Прилог бр.8** Преглед на телефони ,адреси и други податоци од лица органи,организации и институции вклучени во Заштита и Спасување

**Прилог број 2**

**Преглед**
**Број на жители по урбани и месни заедници во Општина Карпош**

| Ред. Бр. | Урбана, месна заедница | Број на жители | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** |
| 1 | Кузман Јосифовски Питу | 6733 | |
| 2 | Владо Тасевски | 4450 | |
| 3 | Тафталице 1 | 4262 | |
| 4 | Пецо Божиновски Кочо | 4483 | |
| 5 | Тафталице 2 | 4505 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6 | Нерези | 4358 | |
| 7 | Карпош 1 | 4570 | |
| 8 | Карпош 2 | 3690 | |
| 9 | Карпош 3 | 5679 | |
| 10 | Карпош 4 | 7760 | |
| 11 | Влае 1 | 3720 | |
| 12 | Влае 2 | 2781 | |
| 13 | Злокуќани | 1520 | |
| 14 | Бардовци | 1472 | |
| **15** | **ВКУПНО ЖИТЕЛИ** | **63.760** | |

**Прилог број 3**

**УПАТСТВО**
**за воспоставување и одржување на ред во настрадани зони**

Силите за заштита и спасување се ангажираат во настраданите зони од елементарни непогоди и други несреќи во зависност од дејствието, урнатини, пожари, експлозии и други несреќи, за отстранување на последиците, и спроведување на соодветни хуманитарни активности за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра.

За нивното непречено ангажирање во активностите и задачите, командата на единиците одредуваат определен број на припадници кои имаат за задача да одржуваат ред во настраданата зона.

Овие припадници на себе носат видливи белези и имаат за цел да ја заштитат загрозената зона од непредвидени упади на надворешни лица кои би можеле да предизвикаат пожари, експлозии, кражби и слични дејства со кои би ги загрозиле животите на граѓаните и припадниците на силите за заштита и спасување, како и одстранување и спречување на граѓаните да упаднат во загрозената зона каде се врши интервенција од единиците за заштита и спасување. Во објектите, зградите и сл. на влезовите се поставува лице кое го контролира влегувањето, односно излегувањето.

Градската управа за внатрешни работи ги спроведува потребните мерки на јавниот ред и безбедноста на загрозените подрачја за време на елементарни непогоди, а особено се грижи за заштита на имотот и обезбедување на местата каде што е настананата непогодата.

При вонредните состојби во Градот настанува посебен режим на сообраќајот и органите за контрола и регулирање на сообраќајот своите активности ги прилагодуваат да дадат приоритет на оние возила и правци на движење кои учествуваат во укажување на помош на загрозените и во одстранувањето на последиците. Во целиот тек на одстранување на последиците се користат расположивите средства за врски особено телефонски и радио врски, а при тоа и радио врските и другите врски на органите за внатрешни работи се ставаат во функција на заштитата и спасувањето од вонредни состојби.

Во случај на повреди на луѓето од било кои причини особено при масовни несреќи здравствените установи во градот сите свои расположиви сили и средства ги насочуваат кон спасување на повредените настраданите лица.

Заводот за трансфузија со крв како и организацијата на Црвениот крст се грижат за спроведување на акциите и програмата за доброволно дарување на крв во Заводот се создадени услови да се чуваат одредени количини на крв и крвна плазма кои се неопходни.

При Заводот за здравствена заштита работи посебно одделение за хигиено - епидемиолошка заштита кое ги следи состојбите на Градот и Општината за опасноста од појава на заразни болести и епидемиолошки заболувања.

За време на вонредните состојби населението се обезбедува и организирано со прехранбени и други потребни артикли. Снабдувањето на загрозените и настраданите делови од Градот ќе се извршува од оние реони кои не се зафатени со воредната состојба или ако поголемо подрачје е зафатено, се очекува помош од соседните градови и користење на стоковите резерви на Градот и Републиката.

Во оваа област особено е значајна координацијата на надлежните органи заради воспоставување соработка со производните, прометните и услужните претпријатија заради обезбедување на најнеопходните средства за живот, храна, облека, постелнина и др.

Горе наведените мерки и активности за воспоставување и одржување ред се преземаат и на собирните места утврдени од Општинскиот штаб, за прифат на повредените граѓани.

При воспоставување и одржување на ред во настрадани зони и изведувањето на акциите за заштитата и спасување припадниците за одржување на ред соработуваат со силите за Заштита и Спасување во претпријатијата, јавните установи и служби и со силите за Заштита и Спасување на урбаните заедници на чие подрачје се наоѓаат.

**Прилог број 4**

**Локации за собирање на загинати лица**

Загинати и умрени лица во природни непогоди и други несреќи на подрачје на Општина Карпош ќе се собираат на следниве локации:
-**Гробишта Нерзи** (во кругот на црквата)
-**Паркинг** (празниот простор помеѓу Воена болница, поликлиника Букурешт и паркинг болница Жан Митрев)
-**Фудбалско игралиште Алумина** (Бул.Илинден)

-Начинот на транспортирање ќе се изврши во координација со Град Скопје од причина што градот располага со превозни средства за таа намена.
- Одстранување на загадени материјали и вода како и снабдување на населението со исправна вода за пиење ќе го организираме заедно со ЈП Водовод и Канализација.
- Материјалното обезбедување на единицата ќе го реализира општината во дадениот момент.
-Просторната единица на Општина Карпош делува на целото подрачје на општината и соработува со соседните општини ,Градот Скопје и Дирекцијата за заштита и спасување.

-Информирањето на населението ќе се извршува преку електронските медиуми,социјалните мрежи и доколку условите не го дозволуваат тоа ќе се постават плакати на јавни места на подрачјето на целата општина.

**Прилог број 5**

**Места за погребување**

-**Гробишта Нерези** –локалитет Средно Нерзи
-**Гробишта Злокуќани** –локалитет во УЗ Злокуќани
-**Гробишта Бардовци** –локалите во с.Бардовци

Доколку бројот на жртвите е голем и наведените места неможат да одговорат со своите капацитети мртвите ќе се погребуваат и на Градските гробишта во ”Бутел“ и ”Ѓорче Петров“.

**Прилог број 6**

**Станици за дезинфекција, дезинсекција и дератизација**

Дезинфекција, дезинсекција и дератизација ќе се врши на посебно определен дел на сите собирни места и тоа:

1. **Собирно место Спортски игралишта Влае** (локација - населба Влае 2, Спортско рекреативен центар Влае)

Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Влае 1 и Влае 2;

**2. Собирно место Партизан** (локација - Спортска сала Партизан во Карпош 4)

Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Карпош 4;

**3. Собирно место Базен Младост** (локација – празниот простор околу Базен Младост, паркиг простор Спортска сала Борис Трајковски)

Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Карпош 1, УЗ Карпош 2 и УЗ Карпош 3;

**4.Собирно место Братство** (локација - Основно Училиште Братство во УЗ Тафталиџе 2)

Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Тафталиџе 2 и УЗ Нерези;

**5. Собирно место Алумина** (локацоија - празниот простор карши Фабриката Алумина)

Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Тафталиџе 1, УЗ Кузман Јосифовски - Питу и дел од УЗ Пецо Божиновски - Кочо;

**6. Собирно место Бардовци** (локација – Фудбалското игралиште во село Бардовци)

Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарни непогоди од МЗ Бардовци;

**7. Собирно место Злокуќани** (локација – Фудбалското игралиште во населбата Злокуќани)

Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарни непогоди од УЗ Злокуќани.

**По потреба во зависност од дадената ситуација екипите за дезинфекција, дезинсекција и дератизација ќе преземат соодветни мерки и активности на целото подрачје на Општина Карпош.**

**Прилог број 7**

**Преглед на комунални претпијатија**

| Ред. Бр. | Претпријатие | Телефон | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | ЈП Комунална хигиена | 3216-644 | |
| 2 | ЈП Паркови и зеленило | 3062-293 | |
| 3 | ЈП Водовод и канализација | 3073-010 | Стопанисува со бунарите за чиста питка вода во Карпош 4 и Влае 1 |
| 4 | ЈП Градски паркинг | 3091-072 | |

**Прилог број 8**

**IV. Телефонски броеви на органи, институции, поединци вклучени во активностите за заштита и спасување**

**Преглед на лица, органи, организации и институции вклучени во Заштита и Спасување**

| Ред. Бр. | Име | Телефон | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 4 | 5 |
| 1 | Градоначалник<br>Сотир Лукровски | 071/351-490 | + |
| 2 | Штаб за Заштита и Спасување<br>Дејан Јонузоски | 071/368-710 | + |
| 3 | ДЗС-Карпош<br>Васко Милосиевски | 075/457-510 | + |
| 4 | РЦУК-Карпош<br>Иванка Лазаревска | 076/404-593<br>3092-941 | + |
| 5 | Полициска станица - Карпош<br>Стефан Тасевски | 070/323-468 | + |
| 6 | Црвен Крст - Карпош<br>Маре Кочовска | 070/226-136 | + |
| 7 | Мин.за земјоделство<br>Дејан Давидовски | 075/299-355 | + |
| 8 | Командир на единица<br>Ермин Шаровиќ | 078/508-687 | + |
| 9 | ЈСП - Скопје<br>Јосиф Соколовски | 075/464-858<br>022640-821 | + |
| 10 | ЈП - Водовод и канализација<br>Кирил Џонов | 071/391-266 | + |
| 11 | ЈП - Комунална хигиена<br>Марјан Здравковски | 071/273-553 | + |
| 12 | ЈП - Улици и патишта<br>Влатко Аврамовски | 070/332-766 | + |
| 13 | ЈП - Паркови и зеленило<br>Александар Антовски | 076/490-326 | + |
| | | | |

ОПШТИНА КАРПОШ
Совет на Општина Карпош

# ПЛАН
# ЗА ВРСКИ НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ

Скопје 2026 Година

ПЛАН ЗА ВРСКИ

содржина:

I. Преглед на телефонски броеви на силите за заштита и спасување на подрачјето на Општина Карпош–Скопје

II. План за повикување на Штабот и Универзалната единица за заштита и спасување

**III. План за повикување на вработените во Општината**

**IV. Телефонски броеви на органи, институции, поединци вклучени во активностите за заштита и спасуување**

**а.** Органи и институции од подрачје на Општина Карпош

**б.** Јавни и други претпријатија, институции, Црвен крст и граѓански здруженија вклучени во Заштита и Спасување

**в.** Здравствени установи, организации и аптеки

**г.** Соседни општини и нивни органи вклучени во Заштита и Спасување

**д.** Министерства и нивни органи вклучени во Заштита и Спасување

**V. Постапка за начинот на известување на населението (тревожење)**

**VI. Прилози кон планот**

**Прилог број 1.** Распоред за дежурство
**Прилог број 2.** Список на вработени со телефони
**Прилог број 3.** Список на обврзници на Универзална единица со телефони

**I. Преглед на телефонски броеви на силите за заштита и спасување на подрачјето на Општина Карпош – Скопје**

| Ред. бр. | Име | Телефон | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | Дирекција за заштита и спасување | 02/2033 - 213 | |
| 2 | Центар за управување со кризи | 02/3092 - 941 | |
| 3 | Министерство за одбрана | 02/3065 - 429 | |
| 4 | Полициска станица | 02/3068 - 908 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

## II. План за повикување на Штабот и Универзалната единица за заштита и спасување




**Во зависност од видот и начинот на мобилизацијата, повикувањето се врши телефонски од просториите на Општинскиот штаб кои воедно се мобилизациско собиралиште на Општинскиот штаб.**

**Во случај да не е можно телефонско повикување, се извршува самоповикување, или повикување со курирска служба по истиот редослед и распоред како за телефонското повикување.**

Составен дел на овој план е **Распоредот за дежурство** на вработените од Општината (доколку за тоа има потреба и се донесе одлука за истото) и список на вработените со нивните телефони.

**III. План за повикување на вработените во Општина Карпош**

**Началник Општински Штаб на Заштита и Спасување**
Дејан Јонузоски
↓
**Градоначалник**
Сотир Лукровски
↓
**Секретар на Општината**
↓ ↓ ↓ ↓ ↓ ↓ ↓ ↓ ↓ ↓ ↓ ↓
Рак. Рак. Рак. Рак. Рак. Рак. Рак. Рак. Рак. Рак. Рак. Рак.
на на на на на на на на на на на на сектор
сектор сектор сектор сектор сектор сектор сектор сектор сектор сектор сектор

↓ ↓ ↓ ↓ ↓ ↓ ↓ ↓ ↓ ↓ ↓ ↓ Рак. Рак. Рак.
Рак. Рак. Рак. Рак. Рак. Рак. Рак. Рак. Рак.
на на на на на на на на на на на на
одд. одд. одд. одд. одд. одд. одд. одд. одд. одд. одд. одд.

↓ ↓ ↓ ↓ ↓ ↓ ↓ ↓ ↓ ↓ ↓ ↓
До сите До сите До сите До сите До
сите До сите
врабо врабо врабо врабо
врабо врабо

## IV. Телефонски броеви на органи, институции, поединци вклучени во активностите за заштита и спасување

**Преглед**
**на лица, органи, организации и институции вклучени во ЗиС**

| Ред. Бр. | Име | Телефон | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 4 | 5 |
| 1 | Градоначалник<br>Сотир Лукровски | 071/351-490 | + |
| 2 | Штаб за Заштита и Спасување<br>Дејан Јонузоски | 071/368-710 | + |
| 3 | ДЗС-Карпош<br>Васко Милосиевски | 075/457-510 | + |
| 4 | РЦУК-Карпош<br>Иванка Лазаревска | 076/404-593<br>3092-941 | + |
| 5 | Полициска станица - Карпош<br>Стефан Тасевски | 070/323-468 | + |
| 6 | Црвен Крст - Карпош<br>Маре Кочовска | 070/226-136 | + |
| 7 | Мин.за земјоделство<br>Дејан Давидовски | 075/299-355 | + |
| 8 | Командир на единица<br>Ермин Шаровиќ | 078/508-687 | + |
| 9 | ЈСП - Скопје<br>Јосиф Соколовски | 075/464-858<br>022640-821 | + |
| 10 | ЈП - Водовод и канализација<br>Кирил Џонов | 071/391-266 | + |
| 11 | ЈП - Комунална хигиена<br>Марјан Здравковски | 071/273-553 | + |
| 12 | ЈП - Улици и патишта<br>Влатко Аврамовски | 070/332-766 | + |
| 13 | ЈП - Паркови и зеленило<br>Александар Антовски | 076/490-326 | + |
| | | | |

## V. Постапка за начинот на известување на населението (тревожење)

### I. Тревожење

**II. Постапка на граѓаните на даден знак за тревожење**

**I.Тревожење**

Знаците за тревожење (”Службен весник на Република Македонија“ број 9/2007) преставуваат сигнали со кои се известува и тревожи населението преку инсталираните сирени од системот за тревожење.

**а. Знаци за тревожење**

Знаци за тревожење во Република Северна Македонија во случај на појава на опасност се:

- **знак за општа опасност**
- **знак за престанок на опасноста**

Знакот за општа опасност се емитува при појава на ризици и опасности со вклучување на сирените од системот за тревожење со непрекинат завивачки тон во траење од 60 секунди.

Знакот за престанок на опасноста се емитува при престанок на ризикот и опасноста со вклучување на сирените од системот за тревожење со едноличен тон во траење од 60 секунди.

Тревожењето го врши Центарот за управување со кризи преку Регионалните центри за управување со кризи во Општина Карпош и Градот Скопје.

**С П И С О К**
**на сирени лоцирани во Општина Карпош – Скопје**

| Ред. бр. | Л О К А Ц И Ј А | вид | З А Б Е Л Е Ш К А |
|---|---|---|---|
| 1. | 2. | 3. | 4. |
| 1. | ОУ Јан Амос Коменски | електрична | |

## VI. ПРИЛОЗИ КОН ПЛАНОТ

**Прилог број 1.** Распоред за дежурство

**Прилог број 2.** Список на вработени со телефони
**Прилог број 3.** Список на обврзници на Универзална единица со Телефони

**Прилог број 1**

**Распоред за дежурство**

| Ред. Бр. | Име и презиме | Телефон | Дежурен на ден | Час од-до |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 | | | | |
| 2 | | | | |
| 3 | | | | |
| 4 | | | | |
| 5 | | | | |
| 6 | | | | |
| 7 | | | | |
| 8 | | | | |
| 9 | | | | |
| 10 | | | | |
| 11 | | | | |
| 12 | | | | |
| 13 | | | | |
| 14 | | | | |
| 15 | | | | |
| 16 | | | | |
| 17 | | | | |
| 18 | | | | |
| 19 | | | | |
| 20 | | | | |

**Прилог број 3**

**Список на обврзници во универзалната единица за заштита и спасување**

| Ред. Бр. | Презиме и име | Улица и број | Телефон |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1. | Дејан Јонузоски | | |
| 2. | Ермин Шаровиќ | | |
| 3. | Здравко Пршевски | | |
| 4. | Златко Пановски | | |
| 5. | Саша Велиновиќ | | |
| 6. | Томче Панчевски | | |
| 7. | Ангелина Велковска Атанасоска | | |
| 8. | Весна Поповска | | |
| 9. | Мимоза Алушовска | | |
| 10. | Сеат Чаколи | | |
| 11. | Самед Голиќ | | |
| 12. | Гордана Максимовска | | |
| 13. | Душко Андонов | | |
| 14. | Далиборка Ковачевска | | |
| 15. | Драган Ѓорѓиевски | | |
| 16. | Марина Размоска | | |
| 17. | Филип Стојчевски | | |
| 18. | Јованче Цветановски | | |
| 19. | Борјан Ангеловски | | |
| 20. | Мирче Ангеловски | | |
| 21. | Никола Таневски | | |
| 22. | Јасмина Богоева | | |

# ПЛАН
# ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
# ЕВАКУАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Скопје 2026 година**

## ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО

**с о д р ж и н а :**

**I. ПОТСЕТНИК за употреба на планот за евакуација**
**II. ЕВАКУАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО**

**а. Организација на евакуацијата на население**
**б. Активности за спроведување на евакуација на население**

1. Собирни места за прифаќање на населението кое подлежи на евакуација, со правци на движење и начин на превоз на населението.
2. Места за евакуација на населението кое подлежи на евакуација, со правци на движење и начин на превоз на населението

III. АНГАЖИРАЊЕ НА СИЛИ И СРЕДСТВА

IV. ПРИЛОЗИ И ДОКУМЕНТИ:

**Прилог бр. 1** Работна карта- граници на Општината и на урбаните заедници, карактеристики и активности за мерката
**Прилог бр. 2** Наредба за евакуирање на население
**Прилог бр. 3** Постапка за начин на известување на население
**Прилог бр. 4** Упатство за воспоставување и одржување на ред
**Прилог бр. 5** Евиденција на населението кое подлежи на евакуација
**Прилог бр. 6** Преглед на телефони, адреси и други податоци од лица органи, организации и институции вклучени во Заштита и Спасување

## I. ПОТСЕТНИК ЗА ЗАДАЧИТЕ НА СИЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО ИЗВРШУВАЊЕ НА ПЛАНОВИТЕ ПО МЕРКИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

**1. Општински штаб за заштита и спасување**

Општинскиот штаб заради успешно реализирање овој план покрај другото ги врши и следните активности:
- врши процена на заштита и спасување на луѓето и материјални добра;
- ги утврдува мерките за заштита и спасување на населението и материјалните добра при опасност и настанување на природни непогоди;
- ги утврдува собирните места за прифаќање на повредените граѓани;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
- раководи си силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување;
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организации вклучени во мерката заштита;
- доколку размерот на опасностите се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, Општинскиот штаб дава предлог до Градоначалникот на Општината да се бара помош од Регионалниот, Републичкиот штаб или соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општината Карпош;
- воспоставува посебна соработка со државните органи и организации, службите и претпријатијата чија дејност е непосредно е сврзана со задачите од заштита и засолнување;
- соработува со Црвен крст на РСМ – Општинска Организација на Црвен крст - Карпош;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, Општинскиот штаб за Заштита и Спасување го известува Градоначалникот и Советот на Општината при што за одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;
- обезбедува услови за ефикасно и благовремено известување за опасностите, и акциите за заштита и спасување, особено преку Центрите за управување со кризи во Општината и Градот;
- донесува Упатства за мерки, задачи, активност и носители за воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја.

**Командант на Општински штаб за заштита и спасување**

Командантот на Општинскиот штаб заради успешно реализирање на плановите за Заштита и Спасување покрај другото ги врши и следните активности:
- раководи со штабот и преку него со акциите за заштита и спасување;

- врши конкретна процена на состојбата од настанатата природна непогода која ја предлага на штабот;
- предлага мерки за заштита и спасување на населението и материјалните добра од настанатата природна непогода;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
- издава наредба за упатување на единиците за Заштита и Спасување на местото на почетокот на нивното дејствување;
- ги следи активностите на силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување и ја оценува нивната успешност односно неуспешност;
- соработува со Регионалниот, Градскиот и Републичкиот штаб за заштита и спасување и со штабовите за заштита и спасување на соседните општини
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организации вклучени во мерката заштита и спасување;
- доколку размерот на опасностите се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, до Општинскиот штаб дава предлог, преку Градоначалникот на Општината да се бара помош од Регионалниот, Републичкиот штаб или од соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општината Карпош;
- соработува со државните органи и организации, службите и претпријатијата чија дејност е непосредно сврзана со задачите од заштита и спасување;
- соработува со Црвен крст на РСМ – Општинска Организација на Црвен крст - Карпош;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, го известува Општинскиот штаб за Заштита и Спасување, Градоначалникот и Советот на Општината при што за одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;
- за ефикасно и благовремено организирање, раководење, известување за опасностите и акциите за заштита и спасување, ги користи постојните мирно временски врски, средствата за јавно информирање и известување, курирските врски на Штабот и на Општината и Градот во целина, а особено Центрите за управување со кризи во Општината и Градот;
- изготвува или донесува Упатство за мерки, задачи, активност и носители за воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја.
- врши и други задачи и активности кои се во функција за успешно спроведување на мерките за заштита и спасување согласно состојбите на теренот.

**Началник на Општински штаб за заштита и спасување**

- ги спроведува наредбите на Командантот и на Општинскиот Штаб;
- учествува во проценување на подготвеноста на силите за Заштита и Спасување за дејство во отстранување на последиците од појавената опасност;
- го организира воспоставувањето на врските со силите за Заштита и Спасување и Штабот;
- ја спроведува наредбата за проверка на пополнетоста на Штабот и единицата со воени обврзници и материјално - технички средства;
- ја спроведува наредбата за упатување на единиците за Заштита и Спасување на местото на почетокот на нивните зафати и нивно извршување;
- по можност извршува кратка обука со единиците заради поефикасно користење на материјално - техничките средства;
- во случај на настанување на проблеми во извршување на задачите на штабот или единиците се ангажира за нивни разрешување;
- ја следи активноста на единиците за заштита и спасување и по потреба предлага нови мерки и задачи;
- учествува во припремање на информации за преземаните активности;
- учествува во припремање на наредби, одлуки и други акти;
- соработува со началниците на штабовите за заштита и спасување на Регионалниот, Републичкиот, Градскиот и Општинските штабови за заштита и спасување на соседните општини;
- во отсутност на командантот ги презема сите негови надлежности.

II. ЕВАКУАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО

За заштита на населението од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Карпош, се спроведува задолжителна евакуација на население во обем и начин утврден со овој План.

**а. Организација на евакуација на население**

1. Во зависност од времето и начинот на спроведувањето, евакуацијата на населението се организира како:
- навремена евакуација, која се спроведува пред отпочнувањето на дејствата на природните непогоди и други несреќи и
- дополнителна евакуација, која се спроведува веднаш по појавата или за време на дејствата од природни непогоди и други несреќи.
2. Во зависност од обемот, евакуацијата може да биде целосна и делумна.
- при целосна евакуација се евакуира сето население, а се спроведува од реоните и објектите што се загрозени од природните непогоди и од други несреќи.
- при делумна евакуација се обезбедува намалување на населението во најзагрозените реони и објекти што се загрозени од природните непогоди.
3. Во зависност од времетраењето на престојот во прифатните реони и објекти евакуацијата може да биде:
- краткотрајна, со траење до 15 дена
- долготрајна, со траење од 15 дена до една година
4. Евакуацијата на населението може да се спроведува и со само евакуација, по пат на разместување на населението во сопствени објекти и објекти на блиски роднини.
5. Наредба за евакуација на населението донесува Градоначалникот на Општината Карпош.
6. Определени категории на население што подлежат на евакуација се:
   - деца до седум години возраст;
   - бремени жени или мајки со деца до седум години;
   - деца до 14 години, без родители или чии што родители се ангажирани во структурите на заштитата и спасувањето и во одбраната и
   - тешко болни и неподвижни лица.

Населението кое подлежи на евакуација од Општината Карпош е прикажано во следната табела (податоците се добиени од Заводот за статистика и подрачното одделение за заштита и спасување – Карпош)

**ЕВИДЕНЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО КОЕ ПОДЛЕЖИ НА ЕВАКУАЦИЈА**

| Ред. | Место за | Вкупно за | Деца | Деца | Стари | Од каде се |
|---|---|---|---|---|---|---|

| Бр. | евакуација на населението | евакуација | со Мајки до 7 год | 7-14 год | Лица | Евакуира |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | | 1671 | 656 | 534 | 481 | УЗ Карпош 1 |
| 2. | | 748 | 340 | 292 | 116 | УЗ Карпош 2 |
| 3. | | 1315 | 264 | 616 | 435 | УЗ Карпош 3 |
| 4. | | 2120 | 692 | 882 | 546 | УЗ Карпош 4 |
| 5. | | 1164 | 561 | 255 | 348 | УЗ В. Тасевски |
| 6. | | 1432 | 662 | 256 | 514 | УЗ Тафталиџе 1 |
| 7. | | 1481 | 682 | 263 | 536 | УЗ Тафталиџе 2 |
| 8. | | 995 | 465 | 264 | 266 | УЗ Нерези |
| 9. | | 1311 | 455 | 476 | 380 | УЗ П.Б.Кочо |
| 10. | | 2140 | 833 | 861 | 446 | УЗ К.Ј.Питу |
| 11. | | 1042 | 476 | 282 | 284 | УЗ Влае 1 |
| 12. | | 843 | 112 | 447 | 284 | УЗ Влае 2 |
| 13. | | 500 | 136 | 234 | 130 | УЗ Злокуќани |
| 14. | | 437 | 76 | 186 | 175 | МЗ Бардовци |
| | ВКУПНО | **17177** | **6410** | **5848** | **4941** | |

**6. Активности за спроведување на евакуација на население**

Во зависност од природната непогода или друга несреќа местоположбата на настанување, последиците од истата и потребите за евакуација на населението се определуваат

**1. Собирни места за прифаќање на населението кое подлежи на евакуација, со правци на движење и начин на превоз на населението.**
**2. Места за евакуација на населението кое подлежи на евакуација, со правци на движење и начин на превоз на населението**

**1. Собирни места за прифаќање, правци на движење и превоз на населението:**

**1.Собирно место Спортски игралишта Влае** (локација - населба Влае 2, Спортско рекреативен центар Влае)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Влае 1 и Влае 2;

**2. Собирно место Партизан** (локација - Спортска сала Партизан во Карпош 4)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Карпош 4;

**3. Собирно место Базен Младост** (локација – празниот простор околу Базен Младост, паркиг простор Спортска сала Борис Трајковски)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Карпош 1, УЗ Карпош 2 и УЗ Карпош 3.

**4.Собирно место Братство** (локација - Основно Училиште Братство во УЗ Тафталиџе 2)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Тафталиџе 2 и УЗ Нерези

**5. Собирно место Алумина** (локација - празниот простор карши Фабриката Алумина)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Тафталиџе 1, УЗ Кузман Јосифовски - Питу и дел од УЗ Пецо Божиновски - Кочо.
**6. Собирно место Бардовци** (локација – Фудбалското игралиште во село Бардовци)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарни непогоди од МЗ Бардовци.
**7. Собирно место Злокуќани** (локација – Фудбалското игралиште во населбата Злокуќани)

Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарни непогоди од УЗ Злокуќани.

**Правци на движење до собирни места**

Правците на движење за доаѓање и транспорт на повредените до собирните места ќе бидат во согласност со проодноста и близината на улиците по кои треба да се движат граѓаните.

На собирните места ќе бидат ангажирани оделение за ПМП од Универзалната единица, екипи на Црвен крст а по потреба и оделение за ПМП од подрачните специјализирани единици

**Транспортни средства**

До собирните места за евакуација, за населението не се организира превоз, бидејќи истите не се одалечени повеќе од пет километри, освен за болните, мајки со деца до седум години и бремени жени, за кои ќе се обезбедат соодветни превозни средства за транспорт.

**(Доколку евакуацијата е делумна и краткотрајна со траење до 15 дена, собирните места можат да послужат и како места за евакуација, односно населението да биде сместено во објектите и дворните места на собирните пунктови)**

**Активностите и задачите поврзани со евакуацијата на населението од подрачјето на Општина Карпош ќе се реализираат во соработка со подрачниот Штаб за заштита и спасување - Карпош на Дирекцијата за Заштита и Спасување. Заради усогласеност на активностите во реализација на евакуацијата, места за евакуација на населението кое подлежи на евакуација, со правци на движење и начин на превоз на населението се преземани од планот на подрачниот Штаб, кои се доставени на барање на Општината.**

**2. Места за евакуација на населението, со правци на движење и начин на превоз на населението**

МЕСТА ЗА ЕВАКУАЦИЈА

**локалитет Базен Младост**
- ќе се постават шатори на паркинг просторот и зелената површина околу базенот и салата (има вода, струја, ВЦ и можност за организирање на исхрана);

**локалитет Алумина**
- ќе се постават шатори во зелениот појас (паркот) спроти Фабриката Алумина во должина спрема Студентскиот дом Гоце Делчев (има вода, струја, ќе се обезбедат мобилни тоалети (ВЦ) и можност за организирање исхрана),

**локалитет Влае**
- ќе се постават шатори на Спортските терени Влае (има вода, струја ќе се обезбедат мобилни тоалети (ВЦ) можност за организирање исхрана)

**локалитет Бардовци**
- ќе се постават шатори на фудбалското игралиште во село Бардовци (има вода, струја, ќе се обезбедат мобилни тоалети (ВЦ) можност за организирање исхрана)

ПРАВЦИ НА ДВИЖЕЊЕ НА ЕВАКУИРАНОТО НАСЕЛЕНИЕ

Од собирните пунктови населението што се евакуира ќе се движи по алтернативните слободни правци во зависност од настанатата елементарната непогода.

**Други активности во реализација на евакуација**

Во согласност со член 24 од Уредбата за спроведување на евакуацијата на населението ( Сл. Весник на Р.М. бр.109/05) во спроведувањето на евакуацијата се вклучуваат Министерствата на Владата на Р.М. секое според своите надлежности, како и Црвениот крст и други хуманитарни организации.

По завршувањето на опасностите и отстранување на последиците предизвикани од природни непогоди и други несреќи, се преземаат мерки за организирано враќање на евакуираното население во постојното место на живеење.

## III. АНГАЖИРАЊЕ НА СИЛИ И СРЕДСТВА ЗА ЕВАКУАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО

За успешна интервенција и отстранување на опасностите и последиците во случај на природни непогоди и други несреќи се ангажираат сите субјекти на подрачјето на Општината.

Како посебно организирани сили кои се ангажираат на подрачјето на Општината се следните:

- Територијалната противпожарна единица – Карпош;
- Универзална единица за Заштита и Спасување на Општина Карпош;
- Специјализирани единици на Дирекција за Заштита и Спасување –подрачна единица Карпош;
- Специјализирани единици на Дирекција за Заштита и Спасување –подрачна единица – Скопје;
- Месни сили за Заштита и Спасување во јавни претпријатијата, установи и служби кои имаат обврска да ги формираат;
- Центарот за управување со кризи - подрачни за Градот и Општината;
- Претпријатија за снабдување;
- Градежни и сообраќајно транспортни претпријатија;
- Здравствени установи;
- Организациите на Црвен крст и други невладини организации;

Со спроведувањето на мерките за заштита со кои се спречуваат, отстрануваат или ублажуваат непосредните последици и се обезбедува заштита на луѓето и материјалните добра на подрачјето на Општината раководи Општинскиот штаб за заштита и спасување во согласност со Потсетниците за употреба на плановите за заштита и спасување по соодветните мерки кои се составен дел на овој документ.

За време на вонредните состојби населението се обезбедува и организирано со прехранбени и други потребни артикли. Снабдувањето на загрозените и настраданите делови од Градот ќе се извршува од оние реони кои не се зафатени со воредната состојба или ако поголемо подрачје е зафатено, се очекува помош од соседните градови и корситење на стоковите резерви на Градот и Републиката.
Во ава област особено е значајна координацијата на надлежните органи заради воспоставување соработка со производните, прометните и услужните претпријатија заради обезбедување на најнеопходните средства за живот, храна, облека, постелнина и др.

Горе наведените мерки и активности за воспоставување и одржување ред се преземаат и на собирните места утврдени од Општинскиот штаб, за прифат на повредените граѓани.

При воспоставување и одржување на ред во настрадани зони и изведувањето на акциите за заштитата и спасување припадниците за одржување на ред соработуваат со силите за Заштита и Спасување во претпријатијата, јавните установи и служби и со силите за Заштита и Спасување на урбаните заедници на чие подрачје се наоѓаат.

**Прилог број 7**

**У П А Т С Т В О**
**за начинот за изградба на отворени и покриени засолни**

1. Упатство за изградба на отворени и покриени рововски засолни е составен дел на документот за заолнување за Град Скопје - Дел Карош.
2. Во Упатството за начинот на изработка на отворени и покриени рововски засолништа на подрачјето на Град Скопје – Дел Карпош се применуваат решенијата од сепаратите на рововските засолни, а кои што се детално разработени во сите фази.
3. Учеството на отворените засолништа во однос на покриените, начелно треба да биде 1:3 во корист на покриените, со тоа што ќе треба да се настојува тој соодност да биде уште поголем во корист на покриените рововски засолни.
4. Едно рововско засолниште (отворено или покриено), може да се изгради со капацитет за најмногу 60 лица, со тоа што капацитетот на основната единица што се протега праволиниски неможе да биде поголем од 15 лица. Од ова произлегува дека, во зависност од просторот во кој треба да се развие засолништето, едно засолниште може да се планира за капацитет од 45 лица, што во случајов, ваквото засолниште би имало три основни единици што би се притегале праволиниски, потоа, за 30 лица со две основни единици и за 15 лица со една основна единица. Должината на една основна единица изнесува 9м, а широчината на основата на врвот 105 см. Основните единици една од друга, мора да бидат со изкршена траса, така да одделните основни единици на ровот стојат меѓусебно под агол од 90 степени до 120 степени. Доколку, во рамките на една локација, можат да се изградат повеќе од едно засолниште (како група од најмногу пет засолништа), тогаш, засолништата едно од друго мора да бидат оддалечени најмалку 25м, додека оддалеченоста на една група засолништа од друга група на засолништа треба да биде најмалку 100м. (Подетални технички податоци за изградба на овие засолништа се содржани во Упатството).

Опфатените податоци во оваа точка имаат за цел да послужат за избор на местата, одредување на локациите и капацитетот на овие засолништа.
5. Засолништата на ситуацијата (Планот на Градот), се претставуваат со следните картографски знаци:




Забелешка: До картографската ознака се додава и за каков капацитет е предвидено засолништето (15, 30, 45, 60).

6. Засолништата да бидат предвидени – лоцирани, рамномерно во рамките на просторот, во зависност од населението.

**Прилог број 8**

**IV. Телефонски броеви на органи, институции, поединци вклучени во активностите за заштита и спасување**

| Ред. Бр. | Име | Телефон | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 4 | 5 |
| 1 | Градоначалник<br>Сотир Лукровски | 071/351-490 | + |
| 2 | Штаб за Заштита и Спасување<br>Дејан Јонузоски | 071/368-710 | + |
| 3 | ДЗС-Карпош<br>Васко Милосиевски | 075/457-510 | + |
| 4 | РЦУК-Карпош<br>Иванка Лазаревска | 076/404-593<br>3092-941 | + |
| 5 | Полициска станица - Карпош<br>Стефан Тасевски | 070/323-468 | + |
| 6 | Црвен Крст - Карпош<br>Маре Кочовска | 070/226-136 | + |
| 7 | Мин.за земјоделство<br>Дејан Давидовски | 075/299-355 | + |
| 8 | Командир на единица<br>Ермин Шаровиќ | 078/508-687 | + |
| 9 | ЈСП - Скопје<br>Јосиф Соколовски | 075/464-858<br>022640-821 | + |
| 10 | ЈП - Водовод и канализација<br>Кирил Џонов | 071/391-266 | + |
| 11 | ЈП - Комунална хигиена<br>Марјан Здравковски | 071/273-553 | + |
| 12 | ЈП - Улици и патишта<br>Влатко Аврамовски | 070/332-766 | + |
| 13 | ЈП - Паркови и зеленило<br>Александар Антовски | 076/490-326 | + |

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КАРПОШ

***02.04.2026 година * Број 7 * Година XX ***

**Излегува по потреба**

**e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk**

Прилог број 8

**ПРЕГЛЕД**
**на засолништа и број на граѓани кои ќе се засолнат во објектите за засолнување**
**на подрачјето на ОПШТИНА КАРПОШ**

| Р.Б. | Урбана Заедница | Број на граѓани | Основна заштита | | | | Дополнителна заштита | | | | Засолни | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | М.жив. | | М.раб. | | М.жив. | | М.раб. | | М.жив. | | М.раб. | |
| | | 60% | Бр. | Кап. | Бр. | Кап. | Бр. | Кап. | Бр. | Кап. | Бр. | Кап. | Бр. | Кап |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| 1. | Карпош 1 | 4570 | | | | | | | | | | | | |
| | | 2742 | 2 | 175 | 2 | 270 | 3 | 160 | 1 | 50 | - | - | 1 | 25 |
| 2. | Карпош 2 | 3690 | - | - | - | - | - | - | - | - | 11 | 405 | - | - |
| | | 2214 | | | | | | | | | | | | |
| 3. | Карпош 3 | 5679 | 7 | 1.050 | - | - | 2 | 240 | 1 | 20 | - | - | 1 | 50 |
| | | 3407 | | | | | | | | | | | | |
| 4. | Карпош 4 | 7760 | - | - | - | - | 7 | 300 | 2 | 70 | 23 | 510 | 3 | 120 |
| | | 4056 | | | | | | | | | | | | |
| 5. | Владо Тасевски | 4450 | 8 | 1.150 | 4 | 800 | 3 | 150 | 2 | 90 | 2 | 80 | 1 | 50 |
| | | 2670 | | | | | | | | | | | | |
| 6. | Кузман Ј. Питу | 6733 | 1 | 150 | 3 | 400 | 4 | 258 | 3 | 120 | 4 | 160 | - | - |
| | | 4039 | | | | | | | | | | | | |
| 7. | Тафталице 1 | 4262 | - | - | 2 | 225 | 14 | 600 | - | - | - | - | 3 | 130 |
| | | 2557 | | | | | | | | | | | | |
| 8 | Тафталице 2 | 4505 | 7 | 700 | 2 | 300 | 14 | 580 | - | - | - | - | 2 | 80 |
| | | 2703 | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9. | Влае 1 | 3720<br>2232 | 4 | 400 | 1 | 100 | - | - | - | - | 1 | 30 | - | - |
| 10. | Влае 2 | 2781<br>1668 | 8 | 1.200 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 11. | ПБ Кочо | 4483<br>2689 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 12 | Нерези | 4358<br>2614 | 1 | 75 | 1 | 50 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 13. | Злокуќани | 1520<br>912 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 600 | Бардовци | 1472<br>883 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| | **ВКУПНО** | **63.760**<br>**35.386** | **38** | **4.900** | **15** | **2.145** | **47** | **2.288** | **9** | **350** | **41** | **1.185** | **11** | **455** |

# ПЛАН
# ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА ПОДГОТВЕНОСТ, МОБИЛИЗАЦИЈА И АНГАЖИРАЊЕ НА СИЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

**Скопје 2026 година**

## ПЛАН ЗА
## ЗА ПОДГОТВЕНОСТ, МОБИЛИЗАЦИЈА И АНГАЖИРАЊЕ НА СИЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

с о д р ж и н а :

I. ПОДГОТВЕНОСТ НА СИЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

II. МОБИЛИЗАЦИЈА НА СИЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
И МАТРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИТЕ СРЕДСТВА

III. АНГАЖИРАЊЕ НА СИЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

## I. ПОДГОТВЕНОСТ НА СИЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Во документот за подготвеноста на силите за заштита и спасување се внесуваат задачите и постапките со кои се обезбедува благовремено и потполно спроведување на мерките за заштита и спасување и активирање на соодветните единици за заштита и спасување во однос на степенот на загрозеност од природната или друга несреќа. Документот за подготвеност на силите за заштита и спасување се изработува во три степени и тоа:

**I.1. ПРВ СТЕПЕН НА ЗАГРОЗЕНОСТ**
**I.2. ВТОР СТЕПЕН НА ЗАГРОЗЕНОСТ**
**I.3. ТРЕТ СТЕПЕН НА ЗАГРОЗЕНОСТ**

**I.1. ПРВ СТЕПЕН НА ЗАГРОЗЕНОСТ**

1. Ажурирање на документи од Планот за заштита и спасување;
2. Воведување постојано дежурство во Општината Карпош;
3. Спроведување на мерки за безбедност;
4. Прекинување на годишни одмори.

**1. Ажурирањето на документите од планот за Заштита и Спасување**

Ажурирањето на документите од планот за Заштита и Спасување се врши континуирано и плански согласно на потребите и законските регулативи и доколку има измена и дополнувања во Процената за загрозеноста или во составот на силите за заштита и спасување.

Ажурирањето особено се однесува за:

- проверка на составите и опременоста на силите за заштита и спасување;
- проверка на состојбата и функционалноста на материјално -техничките средства и опрема;
- проверка на документите на системот за повикување;
- активирање на организационите единици и вработените лица во Општината кои во редовната дејност извршуваат обврски од областа на Заштита и Спасување;
- следење на активностите за остварување на тековните програми во Општината кои се во функција на Заштита и Спасување;
- следење на активностите за ажурирање на документите од плановите за Заштита и Спасување во јавните претпријатија и други организации или служби.

За ажурирањето се известуваат Советот и Градоначалникот на Општината Карпош и Дирекцијата за заштита и спасување на РСМ.

**2. Воведување постојано дежурство во Општината Карпош**

За спроведување на овој вид на активност се преземаат следните задачи и постапки:
- со решение на Градоначалникот на Општината се воведува непрекината дежурство надвор од работното време и во неработните денови;
-дежурството ќе го извршуваат вработените во општинската администрација работно ангажирани во областа на заштита и спасување во административната зграда на Општина Карпош, по утврден распоред за дежурство;
- дежурството ќе се изведува согласно Упатството за дежурство;
- за време на дежурството се води посебна книга за дежурство;
- за време на дежурството се соработува со Регионалниот центар за управување со кризи на Општината и градот Скопје.

**3. Спроведување на мерки за безбедност**

Во реализација на активностите за спроведување на мерките за безбедност, посебни задачи и постапки ќе се преземат за обезбедување на објектите на Општината а особено просторите каде ќе се извршува дежурството и просториите - магацини каде се

сместени материјално – техничките средства на силите за заштита и спасување на Општината.

Овие задачи и постапки ќе се реализираат преку службата за обезбедување, која е ангажирана за обезбедување на сите објекти сместени во просторот на Општината, согласно упатството за начинот на обезбедување на објекти, а врз основа на поднесено барање од секој субјект посебно.

Во реализација на овие задачи и постапки се соработува со Регионалниот центар за управување со кризи во Општината

## I.2. ВТОР СТЕПЕН НА ЗАГРОЗЕНОСТ

1. Проверка на подготвеноста на единиците и штабот за извршување на задачите за заштита и спасување;
2. Проверка на подготвеноста на сите другите субјекти вклучени во спроведување на мерките за заштита и спасување;
3. Преземање соодветни активности за проверка на подготвеноста на силите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби од значење за заштита.

,

**1.Проверка на подготвеноста на единиците и штабот**

Во спроведување на оваа активност се преземаат следните организациони и стручни мерки, задачи и постапки:

- формирање и пополнување на силите за Заштита и Спасување;
- опремување на силите за заштита и спасување ;
- одредување и уредување на мобилизациските места и собиралишта;

**(Мобилизациско собиралиште се наоѓа на ул.Никола Русински бр. 11 во административната зграда на Општина Карпош)**

**(Резервно мобилизациско собиралиште во објектот на УЗ Кузман Јосифовски-Питу)**

- воспоставување, уредување и увежбување на курирскиот систем

- изработка на план за мобилизација;
- планирање и спроведување на обука, вежби, курсеви и др.

**2. Проверка на подготвеноста на сите други субјекти вклучени во спроведување на мерките за заштита и спасување**

Во спроведување на оваа активност се преземаат следните организациони и стручни мерки, задачи и постапки:

- со наредба на Претседателот на Советот, Градоначалникот на Општината и Командантот на Општинскиот Штаб ќе се изврши ажурирање и проверка на составите, обученоста и готовноста на штабот и единиците за Заштита и Спасување;
- проверка на состојбата и функционалноста на формациско Материјално Технички Средства (МТС);
- активирање на вработените ангажирани во областа на заштита и спасување;
- проверка за подготвеност на единицата за Заштита и Спасување за извршување на задачи;
- ажурирање и проверка на планот за мобилизација;
- проверка на подготвеноста на курирскиот систем;

- активирање на силите за заштита и спасување на трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби од значење за Заштита и Спасување.
- уредување на објектите за заштита;
- проверка на подготвеноста на засолништата во УЗ и другите сопственици на објекти за засолнување преку нивните соодветни тела или сили за заштита и спасување
- проверка на подготвеноста за активирање на силите заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби од значење за заштитата и спасување и уредување на објектите за заштита.

## I.3. ТРЕТ СТЕПЕН НА ЗАГРОЗЕНОСТ

1. Извршување на општа мобилизација на сите сили и средства за заштита и спасување;
2. Преоѓање на сите носители и субјекти на планирањето на работа според Планот за заштита и спасување

**1. Извршување на општа мобилизација**

- Мобилизацијата започнува со приемот на наредбата за мобилизација, а завршува со времето одредено во Планот за мобилизација. Времетраењето на извршувањето на мобилизацијата на силите за заштита и спасување на Општината изнесува не повеќе од четири часа;
- Наредбата за мобилизацијата се соопштува и објавува усмено, преку средствата за врски и преку курирскиот систем со врачување на покани;
- Мобилизацијата спрема начинот на објавување и соопштување е јавна, а по обемот може да биде општа или делумна.
- За извршување на мобилизација на силите за заштита и спасување и Материјално Техничките Средства (МТС) се донесува План за мобилизација на силите за заштита и спасување со кој треба да бидат запознаени сите извршители.

## II. ПЛАН ЗА МОБИЛИЗАЦИЈА

Планот за мобилизација на силите за заштита и спасување содржи:

**а.** Упатство за извршување на мобилизацијата со План за повикување на Општинскиот Штабот и универзалната единица;
**б.** Одлука за мобилизациски места и мобилизациски собиралишта;
**в.** Потсетник за работа во извршување на мобилизација за командантот;
**г.** Потсетник за работа во извршување на мобилизацијата за началникот;
**д.** Потсетник за работа во извршувањето на мобилизација на помошникот на началникот;
**ѓ.** Потсетник за работа на раководниот кадар на општинските единици;
**е.** Мерки за безбедност за време на извршувањето на мобилизацијата;

## ПРИЛОЗИ КОН ПЛАНОТ ЗА МОБИЛИЗАЦИЈА

1. Наредба за мобилизација на општинскиот штаб и на единицата Заштита и Спасување.
2. Одлука за определување локација за мобилизациско собиралиште на Општина Карпош, за Општинскиот штаб и единицата.
3. Одлука за определување локација за резервно мобилизациско собиралиште за општинскиот штаб и единицата.
4. Упатство за дежурство.
5. Преглед на лица одговорни за заштита и спасување во Општина Карпош.
6. Преглед на членовите на општинскиот штаб и шема на повикување на општинскиот штаб и на единицата.
7. Список на обврзници во универзалната единица за заштита и спасување.
8. Преглед на материјално технички средства за заштита и спасување со кои располага универзалната единица на Општина Карпош.
9. Преглед на субјекти кои ќе бидат вклучени во заштитата и спасувањето и Преглед на Материјално Технички Средства
(возила, градежни машини и др.)
10. Работна карта.

**а. Упатство за мобилизација**

Видот на природните непогоди и други несреќи, бара мобилизацијата на Штабот за заштита и спасување и единиците за заштита и спасување на Општина Карпош (во натамошен текст “сили за Заштита и Спасување”) да се организира така што да може да се извршува постепено, според времето на почетокот и траењето на мобилизацијата.

Успехот на мобилизацијата на силите за Заштита и Спасување, битно зависи од времето и ефикасноста на извршување на мобилизацијата. Затоа општинскиот штаб и раководниот кадар на единиците кои што одговараат за подготовките и извршување на мобилизацијата, треба своите обврски да ги извршуваат квалитетно, ефикасно и навремено.

Планирањето на мобилизацијата и организацијата на нејзиното извршување, се основни содржини, преку кои ќе се предвидуваат и планираат задачите и постапките за мобилизацијата.

Со планот за мобилизација се регулираат:

- организирањето и непосредното учество во донесувањето на основите на документи на подготовките и извршувањето на мобилизацијата;
- анализа на пополнетоста на силите за Заштита и Спасување;
- утврдување на мобилизациските места и мобилизациските собиралишта;
- работата на силите за Заштита и Спасување од приемот на документот за мобилизација до доведување на единиците во состојба на готовност за извршување на задачите според соодветни документи за употреба;
- организацијата на раководење и командување и организацијата на врските со мобилизацијата;
- контрола на извршувањето на мобилизацијата, доставувања извештаи и постапка со документите за мобилизација;
- изработка на документи за раководење и командување и документи за работа на непосредните извршители на мобилизацијата;

Мобилизациската процена опфаќа анализа на:

- можното влијание на природната непогода врз текот на мобилизацијата;
- задачите кои произлегуваат од плановите за употреба на единиците за заштита и спасување;
- обемот и начинот на ангажирање на луѓе и материјални средства;
- карактеристиките и можностите на подрачјето на кое се врши мобилизацијата;
- како и времето на годината и на денот и неговото влијание како атмосферска појава врз брзината и ефикасноста на извршување на мобилизацијата;
- се носат Одлуки за употреба и ангажирање на силите и средствата за извршување на задачите во извршувањето на мобилизацијата;
- планирање, организирање и изведба на мобилизациска обука на силите за Заштита и Спасување за извршување на задачите во мобилизацијата;
- планирање средства и сили за обука и обучување на учесниците во мобилизацијата;
- обезбедување на материјални и други услови за непречено и навремено извршување на мобилизацијата;
- преземање на други работи и активности со кои се придонесува кон усовршување на подготовките за мобилизацијата.

Штабот за заштита и спасување води посебен деловодник на мобилизациските документи.

## II. План за повикување на Штабот и Универзалната единица за заштита и спасување




**Во зависност од видот и начинот на мобилизацијата, повикувањето се врши телефонски од просториите на Општинскиот штаб кои воедно се мобилизациско собиралиште на Општинскиот штаб.**

**Во случај да не е можно телефонско повикување, се извршува само повикување, или повикување со курирска служба по истиот редослед и распоред како за телефонското повикување.**

Составен дел на овој план е **Распоредот за дежурство** на вработените од Општината (доколку за тоа има потреба и се донесе одлука за истото) и список на вработените со нивните телефони.

**в. Потсетник за работа во извршување на мобилизацијата за Командантот на Општинскиот штаб за заштита и спасување**

1. Наредбата за мобилизација на силите за заштита и спасување на Општината Карпош, ја прогласува командантот согласно законските прописи и акти.

По добивањето на наредбата веднаш се јавува на мобилизациското собиралиште на Општинскиот штаб, го потврдува приемот на наредбата од надлежниот орган и ги информира Советот и Градоначалникот на Општина Карпош за настанатата состојба.

2. Го повикува началникот на општинскиот штаб, и заедно со него ги презема следните постапки, мерки и активности:

- врши процена на подготвеноста на силите за заштита и спасување на Општината Карпош, за дејство во отстранување на последиците од дејството на појавената опасност;
- врши повикување односно мобилизација на членовите на Општинскиот штаб (целосни или делумно) и на општинските единици за заштита и спасување во зависност од наредбата која е добиена;
- ги запознава членовите на Општинскиот Штаб со настанатата состојба и со задачите;
- издава наредба за воведување на дежурство во Општинскиот штаб;
- издава наредба за обезбедување на неопходни Материјално Технички Средства (МТС);
- го следи текот на мобилизацијата на штабот и единиците;
- издава наредба да се изврши проверка на пополнетоста на штабот и единиците со обврзници и материјално технички средства;
- издава наредба за упатување на единиците за заштита и спасување на местото на почетокот на нивните зафати и нивно извршување;
- се ангажира за разрешување на проблеми во извршување на задачите на штабот или единиците се ангажира за нивни разрешување;
- ја следи состојбата со мобилизацијата;
- врши и други задачи и активности кои се во функција за успешно извршување на мобилизацијата а кои ги наметнува состојбата на теренот.
- за преземаните активности во врска со мобилизацијата го информира Советот и Градоначалникот на Општината Карпош;
- ги координира активностите со Подрачниот штаб за заштита и спасување, Градскиот и Општинските штабови за заштита и спасување на соседните општини;
- ги координира активностите со штабовите во Трговските друштва и Јавните претпријатија и установи од подрачјето;
- ги следи и координира сите активности во врска со мобилизацијата,

3. За сите преземени мерки и активности во текот на мобилизацијата, командантот заедно со началникот и неговите помошници изготвува целосна информација која се доставува до надлежните органи и институции а пред се до Советот и Градоначалникот на Општина Карпош.

**г. Потсетник за работа во извршување на мобилизацијата за Началникот на Општинскиот штаб за заштита и спасување**

Наредбата за Мобилизација на силите за заштита и спасување на Општината Карпош, началникот ја добива од командантот на Општинскиот штаб за заштита и спасување. По добивањето на наредбата се јавува на мобилизациско место на Општинскиот штаб, се запознава со настанатата состојба и ги презема следните мерки и активности:

- ја спроведува наредбата на командантот на Општинскиот Штаб за мобилизација на Општинскиот штаб. Го организира и врши прифаќање на членовите на Општинскиот Штаб во просториите на мобилизациското собиралиште, ги запознава со настанатата состојба и со нивните задачи;
- ја спроведува наредбата на командантот за воведување дежурство;
- учествува во проценување на подготвеноста на силите за Заштита и Спасување, за дејство во отстранување на последиците од појавената опасност;

- ја спроведува наредба за повикување односно мобилизација на општинската Универзална единици за заштита и спасување;
- го следи текот на мобилизацијата на единиците, како и состојбата со обезбедување на Материјално Техничките Средства и презема мерки за успешна мобилизација;
- ги организира, воспоставува врските со силите за Заштита и Спасување и Штабот;
- ја спроведува наредба за проверка на пополнетоста на Штабот и единицата со обврзници и материјално технички средства;
- извршува кратка обука со единиците заради поефикасно користење на материјално техничките средства кои им се на располагање;
- ја спроведува наредба за упатување на единиците за Заштита и Спасување на местото на почетокот на нивните зафати и нивно извршување;
- во случај на настанување на проблеми во извршување на задачите на штабот или единиците се ангажира за нивни разрешување;
- ја следи состојбата со мобилизацијата и ангажирањето и предлага преместување на единиците во други позагрозени региони;
- учествува во припремање на информации за преземаните активности во врска со мобилизацијата;
- учествува во припремање на наредби, одлуки и други акти;
- соработува со началниците на штабовите за заштита и спасување на Подрачниот Штаб за Заштита и Спасување, Градскиот и Општинските штабови за заштита и спасување на соседните општини;
- по барање на командантот учествува во неговите координативни активности.
- во отсутност на командантот ги презема сите негови надлежности.

**д. Потсетник за работа во извршување на мобилизацијата за помошниците на началникот на Општинскиот штаб**

Наредбата за мобилизација на силите за заштита и спасување на Општината Карпош, помошниците на началникот ја добива од командантот на Општинскиот штаб за заштита и спасување. По добивањето на наредбата веднаш се јавува на мобилизациското место на Општинскиот штаб односно во просториите на Општината се запознаваат со настанатата состојба и ги превземаат следните мерки за мерката за која се носители на активностите како помошник на началникот:
- учествуваат во проценувањето на подготвеноста на силите, за дејство во отстранување на последиците од дејството на појавената опасност;
- ја спроведуваат и ја следат наредба за повикување односно мобилизацијата и вршат организација за обезбедување на Материјалн технички средства (МТС);
- ја спроведуваат наредбата за упатување на единиците за Заштита и Спасување на местото на почетокот на нивните зафати и нивно извршување;
- го организираат и го пратат воспоставувањето на врските;
- го пратат движењето на единиците во правецот на дејствување,;
- ја следат потребата и предлагаат преместување на единиците ;
- вршат и други задачи и активности кои се во функција за успешно извршување на мобилизцијата;
- учествуваат во припремање на информации за преземаните активности во врска со мобилизацијата;
- учествуваат во припремање на наредби, одлуки и други акти кои се неопходни за успешно извршување на мобилизацијата;
- соработуваат со помошниците на началниците на Регионалниот, Републичкиот, Градскиот и Општинските штабови за заштита и спасување на соседните општини;
- по барање на командантот на Општинскиот Штаб учествуваат во координативните активности на командантот што тој ги има за време на извршувањето на задачите во заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра.

Продолжуваат со следење и координација на сите настанати состојби се до елиминирање на последиците од истите, односно до добивање на наредба за прекин на активностите.

Во отсутност на началникот на Општинскиот штаб ги преземаат неговите надлежности и задачи.

**ѓ. Потсетник за работа во извршување на мобилизацијата за раководниот кадар на универзалната единици за Заштита и Спасување**

**Командир на Универзална единица**

Наредбата за мобилизација на силите за заштита и спасување на Општината Карпош, командирот на единицата ја добива од командантот или началникот на Општинскиот

штаб. По добивањето на наредбата веднаш се јавува на мобилизациското собиралиште на Општинскиот штаб односно во просториите на Општина Карпош.

По пристигнувањето на мобилизациското собиралиште се јавува во Општинскиот штаб каде се запознаваат со настанатата состојба и ги превземаат следните задачи и мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи, за универзалната единица.

- врши прием на документите и задачите за единицата;
- организира прифаќање на припадниците и формациската опрема на единицата;
- ги организира врските на единицата;
- ги запознава командирите на одделенијата односно припадниците на единицата со задачите и планираните активности;
- ги следи и се грижи за реализацијата на задачите и активностите;
- врши подготовки за смотра на единицата;
- ја подготвува единицата за извршување на непосредните задачи;
- ги извршува сите наредби, задачи и инструкции од командантот, началникот или помошниците на началникот на општинскиот штаб;
- врши и други задачи и активности кои се во функција за успешно извршување на мобилизацијата.

**Потсетник за работа во извршување на мобилизацијата на универзалната единици за Заштита и Спасување**

**Командир на одделение**

1. По пристигнувањето на мобилизациското собиралиште се јавува на командантот на универзалната единицата.
2. Се запознава со настанатата состојба и ги превземаат документите и задачите за своето одделението.
3. Врши прифаќање на обврзниците и материјално - техничките средства на своето одделение.

**Секција за прифаќање на обврзници**

Секцијата за прифаќање на обврзници се формира од прво пристигнатите јавени обврзници. За работа на секцијата, и се определува место на мобилизациското собиралиште.

На мобилизациското собиралиште секцијата ги врши следните работи:

- по приемот на документите и средствата за работа, веднаш оди на определеното место и се подготвува за прифаќање на обврзниците;

- подготовките за работа на секцијата се состојат во запознавање на местата на единицата и одделенијата на мобилизациското собиралиште каде се мобилизира единицата, запознавање со шифрата и називите на одделенијата и екипите и патиштата по кои ќе ги упатува обврзниците;

-на местото каде работи секцијата истакнува табла со натпис

”СЕКЦИЈА ЗА ПРИФАТ НА ОБВРЗНИЦИ“;

- распознавањето, кој обврзник на кое одделение и припаѓа, секцијата

го врши врз основа на шифрата на мобилизациската покана;
- по пристигнување на обврзниците, по најкратка постапка се утврдува Одделението, и истите се упатуваат во истото.
- болните, повредените и неспособните, како и тие кои ќе изјават дека се болни, се упатуваат на лекарски преглед во најблиската амбуланта;
- секцијата за прифаќање на обврзници води точна евиденција за бројот пристигнати обврзници.

**Секција за прием на материјално -технички средства (МТС)**

Секцијата за прием на материјално - технички средства се формира од лица кои по својата стручност се од техничка, машинска, електро, медицинска или слична насока, така што при приемот на средствата да можат да ја проверат исправноста на средствата кои ги примаат. За работа на секцијата се определува место на мобилизациското собиралиште, кое треба да е најпогодно за прифаќање на обврзниците и нивно упатување до матичното одделение.

На мобилизациското собиралиште секцијата ги врши следните работи:
- по приемот на документите и средствата за работа, веднаш оди на определеното место и се подготвува за прифаќање на МТС;
- подготовките за работа на секцијата се состојат во запознавање на местата на единицата и одделенијата на мобилизациското собиралиште каде се мобилизира единицата, запознавање со шифрата и називите на одделенијата и патиштата по кои ќе ги упатува обврзниците до одделенијата;
- на местото каде работи секцијата истакнува табла со натпис
”СЕКЦИЈА ЗА МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА“;
- веднаш штом ќе пристигнат МТС тие се прифаќаат според прегледот за распоред на средствата во рамките на единицата -одделението, што секцијата ги има кај себе, се

утврдува на која единица -одделение и припаѓаат и се упатуваат во единицата -одделението;
- при приемот на материјално -техничките средства секцијата врши и прием на моторни возила за потребите на единицата и врши најнео- пходните можни прегледи на нивната исправност и ги упатува во единиците -одделенијата;
- секцијата за прифат на МТС води точна евиденција за примените Материјално -техничките средства;
- материјалните средства и возила кои не припаѓаат на соодветната единица се враќаат во мобилизациското собиралиште.

**е. Обезбедување на мобилизацијата**

Во реализација на активностите за спроведување на мерките за безбедност, посебни задачи и постапки ќе се преземат за обезбедување на објектите на Општината Карпош а особено просториите каде ќе се обавува дежурството просториите -магацин каде се сместени материјално техничките средства на силите за заштита и спасување и мобилизациското место.

Овие задачи и постапки ќе се реализираат преку службата за обезбедување, која е ангажирана за обезбедување на сите објекти сместени во Општината, согласно упатството за начинот на обезбедување на објекти.

Интендантското обезбедување при мобилизацијата се врши од службите на Општината Карпош.

Сообраќајното обезбедување при мобилизацијата се врши со превозните средства со кои располага единицата.

Здравственото обезбедување при мобилизацијата на силите за заштита и спасување се врши во здравствените установи на подрачјето на Општината односно Градот Скопје.

За време на мобилизацијата Општинскиот штаб изготвува и доставува редовни извештаи на надлежните органи во Општината и градот Скопје.

## III. АНГАЖИРАЊЕ НА СИЛИ И СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

За успешна интервенција и отстранување на опасностите и последиците во случај на природни непогоди и други несреќи се ангажираат сите субјекти на подрачјето на Општината.

Како посебно организирани сили кои се ангажираат на подрачјето на Општината се следните:
- Територијалната противпожарна единица -Карпош;
- Универзална единица за Заштита и Спасување на Општина Карпош;
- Специјализирани единици на Дирекција за Заштита и Спасување -подрачна единица Карпош;
- Специјализирани единици на Дирекција за Заштита и Спасување -под. Единица -Скопје;
- Месни сили за Заштита и Спасување во јавни претпријатијата, установи и служби кои имаат обврска да ги формираат;
- Центарот за управување со кризи -подрачни за Градот и Општината;
- Претпријатија за снабдување;
- Градежни и сообраќајно транспортни претпријатија;
- Здравствени установи;
- Организациите на Црвен крст и други невладини организации;

Со спроведувањето на мерките за заштита со кои се спречуваат, отстрануваат или ублажуваат непосредните последици и се обезбедува заштита на луѓето и материјалните добра на подрачјето на Општината раководи Општинскиот штаб за заштита и спасување во согласност со, Потсетниците за употреба на плановите за заштита и спасување по соодветните мерки кои се составен дел на овој документ.

Силите за заштита и спасување на Општината се ангажираат согласно планот за заштита и спасување дел - подготвеност, мобилизација и ангажирање на силите.

Силите за заштита и спасување на Општината се опремуваат со опрема согласно Одлуката на Владата на РСМ за утврдување на личен и материјален состав.

**У П А Т С Т В О**

За дежурство во ______________________________

Дежурниот работник во ______________________________________
За време на дежурството ги извршува следните задачи:

- по доаѓање на дежурство го запишува датумот и времето на доаѓањето во книгата и своето име и презиме;
- проверува исправност и функционирање на телефонот и други средства за врски;
- проверува исправност и функционирање на телефонски именици и списоци.

За време на дежурство:

- постапува по барање на ______________________________________
- ги повикува вработените по потреба
- прима информации и по потреба презема активности.

На крај на дежурството:

- евидентира позначајни настани и активности
- врши примо - предавање на дежурството.

За време на дежурството потребни средства на дежурниот:

- телефонски именик
- список на вработените со телефонски броеви
- план за дежурство
- книга за дежурство
- ТВ и радио приемник
- батериска ламба

**Список**
**на обврзници во универзалната единица за заштита и спасување**

**ПРЕГЛЕД НА МАТЕРИЈАЛНО ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ СО КОИ РАСПОЛАГА УНИВЕРЗАЛНАТА ЕДИНИЦА НА ОПШТИНА КАРПОШ**

| **Опис на средствата** | **забелешки** |
|---|---|
| Униформа за заштита и спасување | Набавено |
| Чевли | Набавено |
| Заштитна маска | Набавено |
| Заштитна наметка | Набавено |
| Личен прибор за деконтаминација | Набавено |
| Секири | Набавено |
| Копачи | Набавено |
| Чекан од 5 кг | Набавено |
| Носила | Набавено |
| Ќебиња | Во план да се набават |
| Батериска ламба | Во план да се набават |
| Команден дозиметар со полнач | Во план да се набават |
| Гумени чамци за спасување | Набавено |
| Напртњачи за гаснење пожар | Набавено |
| Теренско возило | Камион Ивеко 3 т |
| Противпожарни метли | Набавено |

**Преглед**
**на субјекти кои ќе бидат вклучени во заштитата и спасувањето и Преглед на МТС ( возила, градежни машини и др.)**

| **Назив на субјектот** | **Контакт телефон** | **Назив на МТС** | **Број на МТС** |
|---|---|---|---|
| ТППЕ “Карпош” | 075 628 453 | Навално возило | 1 |
| | | Пратечко возило | 1 |
| ЈП “Комунална хигена” пункт Карпош | 070 226 149 | Рово копач | 1 |
| | | Утоварувач | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Цистерна за вода | 1 |
| | | Камион Кипери | 2 |
| ЈП “Паркови и зеленило” | 075 226 553 | Теренско возило | 1 |
| | | Камион Ивеко | 1 |
| | | Моторни пили | 3 |
| Аполо инженеринг | 075 220 130 | Булдужер | 1 |
| | | Багер | 1 |
| | | камион | 1 |
| ЈСП Скопје | 076 455 823 | Автобуси | според потребите |

**Преглед на лица, органи, организации и институции вклучени во Заштита и спасување**

| Ред. Бр. | Име | Телефон | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 4 | 5 |
| 1 | Градоначалник<br>Сотир Лукровски | 071/351-490 | + |
| 2 | Штаб за Заштита и Спасување<br>Дејан Јонузоски | 071/368-710 | + |
| 3 | ДЗС-Карпош<br>Васко Милосиевски | 075/457-510 | + |
| 4 | РЦУК-Карпош<br>Иванка Лазаревска | 076/404-593<br>3092-941 | + |
| 5 | Полициска станица-Карпош<br>Стефан Тасевски | 070/323-468 | + |
| 6 | Црвен Крст-Карпош<br>Маре Кочовска | 070/226-136 | + |
| 7 | Мин.за земјоделство<br>Дејан Давидовски | 075/299-355 | + |
| 8 | Командир на единица<br>Ермин Шаровиќ | 078/508-687 | + |
| 9 | ЈСП-Скопје<br>Јосиф Соколовски | 075/464-858<br>022640-821 | + |
| 10 | ЈП-Водовод и канализација<br>Кирил Џонов | 071/391-266 | + |
| 11 | ЈП-Комунална хигиена<br>Марјан Здравковски | 071/273-553 | + |
| 12 | ЈП-Улици и патишта<br>Влатко Аврамовски | 070/332-766 | + |
| 13 | ЈП-Паркови и зеленило<br>Александар Антовски | 076/490-326 | + |
| | | | |

# ПЛАН
# ЗА ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ
# НА ПОДРАЧЈЕ НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

**Скопје 2026 година**

## ПЛАН ЗА ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

с о д р ж и н а :


I. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНАТА ЗА МЕРКАТА П М П

1. Општи карактеристики
2. Население
3. Хидрографија
4. Метеоролошки услови
5. Сообраќајна мрежа и комунална инфраструктура

II. ПРОЦЕНА НА ОПАСНОСТИ И ЗАГРОЗЕНОСТ

**III. ПОТСЕТНИК за употреба на планот, за спроведување на задачите и активностите за прва медицинска помош**

IV. ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

1. Превентивна медицинска заштита
2. Заразни болести и епидемии
3. Акциденти на отровни и опасни материи

V. СОБИРНИ МЕСТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ПОВРЕДЕНИТЕ

VI. АНГАЖИРАЊЕ НА СИЛИ ЗА МЕРКАТА П М П

VII. ПРИЛОЗИ И ДОКУМЕНТИ КОН ПЛАНОТ

**Прилог бр. 1** Работна карта,граници на Општината и на урбаните заедници, карактеристики и активности за мерката

**Прилог бр. 2** Процена за број на жители по урбани заедници

**Прилог бр. 3** Постапка за начин на известување на население
**Прилог бр. 4** Упатство за воспоставување и одржување на ред
**Прилог бр. 5** Преглед на аптеки
**Прилог бр. 6** Преглед на телефони, адреси и други податоци од лица органи,организации и институции вклучени во Заштита и Спасување.

# I. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА

## 1. ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА НА ОПШТИНА КАРПОШ

Карпош е Скопска општина и се наоѓа лоцирана во западниот дел од градот Скопје, а зафаќа еден дел и од централно градско подрачје. Нејзината вкупна површина изнесува 105 км2 и таа е втора по големина општина во Скопје. Овде влегуваат руралните населби Бардовци и Горно Нерези, како и урбаната зона Скопје - Карпош. Последната поделена е уште на неколку урбани единици, како што се: Карпош 1, Карпош 2, Карпош 3, Карпош 4, Влае и др. Просечната надморска височина изнесува 362м. Според најновата територијална организација, кон урбаниот дел на Општината Карпош се припоени населбите Влае, Долно Нерези и Злокуќани.

Границата на Општина Карпош започнува од железничкиот мост на реката Лепенец и се движи по границата со Општина Ѓорче Петров, до локалитетот Лака на реката Вардар, продолжува по надворешните граници на катастарските општини КО Горно Нерези, КО Горно Водно, односно по сртот на планината Водно до месноста Теферич, свртува на северозапад до над Институтот за земјотресно инженерство и Инженерската сеизмологија ИЗИИС, продолжува по проектираната јужна обиколница на Градот Скопје до улицата 550, свртува по неа до раскрсницата со улицата Козле, оди по улицата Козле до крстосницата со проектираната улица која поминува меѓу населбите Козле и Капиштец и излегува на крстосницата на улиците Теодосие Гологанов и Рузвелтова, продолжува по улицата Рузвелтова, ги сече булеваротПартизански одреди и улицата Илинденска, продолжува по пешачката улица меѓу Зоолошката градина и првиот дел на Градскиот парк, минува преку пешачкиот мост на реката Вардар, свртува спротивно по реката Вардар, излегува на булеварот Никола Карев, свртува на исток по булеварот Никола Карев, до влезот на касарната Илинден, продолжува по источната ограда на касарната, потоа по улица Словенечка што води од крстосницата на улиците Втора македонска бригада и Македонско -косовска бригада до магистралниот пат Скопје – Блаце, продолжува по надворешните граници на КО Злокуќани и КО Бардовци до реката Лепенец и по реката Лепенец до мостот на железничката пруга.

## 2. НАСЕЛЕНИЕ И НАСЕЛБИ

Вкупниот број на жители изнесува 63.760 со што се наоѓа на четвртото место во Скопје. Густината на населеност изнесува 570 жители на еден км2, со што се наоѓа на претпоследното, деветто место во Скопје. Најголемиот број живеат во урбаната зона Скопје -Карпош, односно 58.024 или 97%. Во Бардовци живеат 1.472 жители, или 2,46%, а во Горно Нерези само 314 жители или 0,52%. Просечната густина на населеност изнесува 570

жители на еден км2, така што таа е една од најретко населените во Градот Скопје, и се наоѓа на деветтото место.

Во однос на националната припадност 88,52%, или 52.943 жители, се Македонци; 3,67% или 2.195 жители се Срби; 3,26% или 1.952 жители, се Албанци итн.

Оваа Општина слично како и Општина Аеродром, претежно е наменета за живеење, а бројот на стопанските и другите објекти, не сметајќи го хотелот “Александар Палас”, е незначителен.

**БРОЈ НА ЖИТЕЛИ ВО ОПШТИНАТА КАРПОШ**
**ВО ОБЛИЦИТЕ НА МЕСНАТА САМОУПРАВА**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | “Кузман Ј. Питу” | 6733 |
| 2. | “Владо Тасевски” | 4450 |
| 3. | “Тафталице 1” | 4262 |
| 4. | “Пецо Б. Кочо” | 4483 |
| 5. | “Тафталице 2” | 4505 |
| 6. | “Нерези” | 4358 |
| 7. | “Карпош 1” | 4570 |
| 8. | “Карпош 2” | 3690 |
| 9. | “Карпош 3” | 5679 |
| 10. | “Карпош 4” | 7760 |
| 11. | “Влае 1” | 3720 |
| 12. | “Влае 2” | 2781 |
| 13. | “Злокуќани” | 1520 |
| 14. | “Бардовци” | 1472 |
| | **ВКУПНО ЖИТЕЛИ:** | **63,760** |

3. ХИДРОГРАФИЈА

На подрачјето на Општина Карпош, течат следните реки и водотеци:

-дел од реката Вардар во должина од околу 4000 м;

-реката Лепенец на дел од Општината со околу 2000 м.;

-реката Серава со околу 1000 м.;

-неколку канали од Водно со должина од повеќе километри ;

-подземни води кои се на длабочина под 10 м.

Каналската мрежа се состои од посебни канали за одводување на атмосферските и фекалните води. Атмосферските и фекалните води се слеваат во реката Вардар.

Реката Вардар низ Скопската котлина поминува во должина од околу 55 км, широчината од 40 до 80 метри, а длабочината од 1,2-2,5 метри, средна брзина на водата 2м/с, а при максимален водостој и до 3,5 м/с.
Поради честите поплави во Скопје и Скопската котлина на коритото на р. Вардар на градскиот потег (устие Треска – населба Влае - населба Аеродром) извршени се одделни регулациони зафати за заштита од поплави, односно извршена е регулација на коритото со должина од 12,05 км..
Коритото на реката Серава во делот на Општина е целосно е регулирано
Реката Вардар ја дели Општината на два дела, едниот и другиот дел се поврзани со мостови од кои два служат за само премин на пешаци а другите се за целокупниот сообраќај во Општината и Градот Скопје.

4.МЕТЕРОЛОШКИ УСЛОВИ

На подрачјето на Општина Карпош климата е умерено -континентална. Оттаму произлегуваат и две по изразени годишни времиња студена (континентална) и влажна (медитеранска) зима и суво и топло лето. Дуваат три видови на ветрови, Повардарец, Југо и ветерот од северозапад. Температурите во летниот период достигнуваат и до +45 º C, а во зимскиот период може да достигнат и до – 25 º C. Врнежите го достигнуваат својот максимум во декември 555 мм/м2 и во мај 521 мм/м2.

Снежните врнежи се најголеми во месец декември и јануари и може да достигнат и до 50 см.

Маглата е најприсутна во есенските и пролетните месеци и тоа во Скопската котлина, просечно околу 72 дена.

5.СООБРАЌАЈНА МРЕЖА И КУМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Подрачјето на Општина Карпош во поглед на орографските карактеристики претставува претежно рамничарска површина, но тука е и дел од планината Водно, како и височината Зајчев рид.

Општината со Градот и со соседните општини се поврзува со булевари, а дел со поголеми локални улици и тоа:
-Бул.”Партизански одреди”
-Бул.”8-ми Септември”
-Бул.”Илинден”
-ул.” Митрополит Теодосие Гологанов”
-ул.” Рузвелтова”
-ул.”Ацо Шопов”
-ул.’ ’Скупи”
-ул.”Словенечка”
-ул.”Орце Николов”
-ул.”Никола Карев”
-ул.”Московска”

-ул.” Трнодол”
-ул.” Жданец”
-Пат за Горно Нерези
-Пат за с. Бардовци
-ул.” Адолф Циберовски ”
и други локални улици што се наоѓаат на територија на Општина Карпош како и регионалниот пат Скопје -Блаце.

На подрачјето на Општина Карпош исто така се наоѓаат и неколку мостови и тоа:
-Мост ”Обединети нации”
-Мост ” Железнички мост”
-Мост на бул.”8-ми Септември”
-Мост на река Лепенец
-Мост ”Газела”
-Надвозник ”Влајко”

Комуналната инфраструктура во Општината е развиена и овозможува снабдување со вода, електрична енергија, парно затоплување, ПТТ сообраќај и дистрибуирање на отпадни, фекални и атмосферски води.

## II. ПРОЦЕНА НА ОПАСНОСТИ И ЗАГРОЗЕНОСТ

Примарна цел во услови на природни непогоди и други несреќи претставува превентивната заштита на населението и материјалните добра, односно прифаќање, заштита и медицински третман на населението кое останало без основни услови за живот или е повредено и трауматизирано со настанување на природната непогода. Процената за бројот на повредените и загинатите зависи од низа фактори меѓу кои најрелевантни се:

-густина на населеност и распоредување на населението во однос на жариштето или реонот на максималните ефекти на природната непогода;

-карактерот и видот на природната непогода;

-видот и степенот на повредливост на објектите;

-брзината на оштетувањето и слично.

Оштетувањата во услови на природни непогоди и други несреќи најчесто се неочекувани и според временската димензија многу брзи, така што населението е се уште во објектите кога настануваат нивните оштетувања, делумни или целосни уривања што е основна причина за голем број на разни видови на повреди и зголемена смртност. Во зависност од степенот на предизвиканите оштетувања кај населението се појавува состојба на незгриженост и состојба на повреди и смртност.

Начелно, бројот на повредените и загинати лица може да се изрази со следната равенка: $K = K_c + K' + K2$ каде што Кс – број на жртви поради оштетување на објекти, К’ – жртви од неконструктивни оштетувања и К2 жртви од колатерални штети. К2 не е

особено изразена, но кога се појавува може да биде доминантна во вкупниот број на повредени и загинати. К’ е доминантна кај ниските степени на оштетувања, но варира и тешко може да се предвиди. Односно на бројот на повредените и загинатите и обемот на материјална штета, е значаен параметар и врз основа на тоа може да се даде процена за вкупниот број на повредени и загинати лица. Густината на населението е битна за процена на ризикот од човечки жртви, како и периодот од денот во кој се случила природната непогода.

Во услови на поголем број на повредени и загинати лица се спроведува стандардна тријажна категоризација според степенот и видот на повредените.

Времето е исто така значаен фактор и често од брзината на преземените мерки зависи бројот на повредени, односно загинати лица.

## III. ПОТСЕТНИЦИ ЗА ЗАДАЧИТЕ НА СИЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО ИЗВРШУВАЊЕ НА ПЛАНОВИТЕ ПО МЕРКИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

### 1. Општински штаб за заштита и спасување

Општинскиот штаб заради успешно реализирање на овој план покрај другото ги врши и следните активности:

- врши процена на заштита и спасување на луѓето и материјални добра;
- ги утврдува мерките за заштита и спасување на населението и материјалните добра при опасност и настанување на природни непогоди;
- ги утврдува собирните места за прифаќање на повредените граѓани;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
- раководи си силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување;
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организации вклучени во мерката заштита;
- доколку размерот на опасностите се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, Општинскиот штаб дава предлог до Градоначалникот на Општината да се бара помош од Регионалниот, Републичкиот штаб или соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општината Карпош;
- воспоставува посебна соработка со државните органи и организации, службите и претпријатијата чија дејност е непосредно е сврзана со задачите од заштита и засолнување;
- соработува со Црвен крст на РСМ – Општинска Организација на Црвен крст - Карпош;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, Општинскиот штаб за Заштита и Спасување го известува Градоначалникот и Советот на Општината при што за одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;

- обезбедува услови за ефикасно и благовремено известување за опасностите, и акциите за заштита и спасување, особено преку Центрите за управување со кризи во Општината и Градот;
- донесува Упатства за мерки, задачи, активност и носители за воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја.

**Командант на Општински штаб за заштита и спасување**

Командантот на Општинскиот штаб заради успешно реализирање на плановите за Заштита и Спасување покрај другото ги врши и следните активности:
- раководи со штабот и преку него со акциите за заштита и спасување;
- врши конкретна процена на состојбата од настанатата природна непогода која ја предлага на штабот;
- предлага мерките за заштита и спасување на населението и материјалните добра од настанатата природна непогода;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
- издава наредба за упатување на единиците за Заштита и Спасување на местото на почетокот на нивното дејствување;
- ги следи активностите на силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување и ја оценува нивната успешност односно неуспешност;
- соработува со Регионалниот, Градскиот и Републичкиот штаб за заштита и спасување и со штабовите за заштита и спасување на соседните општини
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организации вклучени во мерката заштита и спасување;
- доколку размерот на опасностите се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, до Општинскиот штаб дава предлог, преку Градоначалникот на Општината да се бара помош од Регионалниот, Републичкиот штаб или од соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општината Карпош;
- соработува со државните органи и организации, службите и претпријатијата чија дејност е непосредно е сврзана со задачите од заштита и спасување;
- соработува со Црвен крст на РСМ – Општинска Организација на Црвен крст - Карпош;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, го известува Општинскиот штаб за Заштита и Спасување, Градоначалникот и Советот на Општината при што за одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;
- за ефикасно и благовремено организирање, раководење, известување за опасностите и акциите за заштита и спасување, ги користи постојните мирновременски врски, средствата за јавно информирање и известување курирските врски на Штабот и на Општината и Градот во целина, а особено Центрите за управување со кризи во Општината и Градот;
- изготвува или донесува Упатство за мерки, задачи, активност и носители за воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја.

- врши и други задачи и активности кои се во функција за успешно спроведување на мерките за заштита и спасување согласно состојбите на теренот.

**Началник на Општински штаб за заштита и спасување**

- учествува во проценување на подготвеноста на силите за Заштита и Спасување за дејство во отстранување на последиците од појавената опасност;
- ги спроведува наредбите на Командантот и на Општинскиот штаб;
- го организира воспоставувањето на врските со силите за Заштита и Спасување и Штабот;
- ја спроведува наредбата за проверка на пополнетоста на Штабот и единицата со воени обврзници и материјално - технички средства;
- по можност извршува кратка обука со единиците заради поефикасно користење на материјално - техничките средства;

- ја спроведува наредбата за упатување на единиците за Заштита и Спасување на местото на почетокот на нивните зафати и нивно извршување;
- во случај на настанување на проблеми во извршување на задачите на штабот или единиците се ангажира за нивни разрешување;
- ја следи активноста на единиците за заштита и спасување и по потреба предлага нови мерки и задачи;
- учествува во изготвување на информации за преземаните активности;
- учествува во изготвувањето на наредби, одлуки и други акти;
- соработува со началниците на штабовите за заштита и спасување на Регионалниот, Републичкиот, Градскиот и Општинските штабови за заштита и спасување на соседните општини;
- во отсуство на командантот ги презема сите негови надлежности.

## IV.ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

1. **Превентивна медицинска заштита**
2. **Заразни болести и епидемии**
3. **Акциденти на отровни и опасни материи**

Под прва медицинска помош се подразбира прва и неодложна медицинска помош на местото на повредување, односно заболување, транспорт на повредените и заболените во соодветна здравствена организација и превземање потребни мерки за заштита и зачувување на здравјето на населението на настраданото и загрозеното подрачје.

Стручен носител на првата медицинска помош, односно медицинската тријажа (според Уредбата за начинот на спроведување на мерката за заштита и спасување – прва

медицинска помош) ја спроведуваат екипи на здравствените организации, Црвениот крст и тимови за брз одговор.

Во случај на повреди на луѓето од било кои причини и од било кои елементарни непогоди (пожари, поплави, земјотреси и др) здравствените организации во Градот особено градската болница, клиниките на медицинскиот факултет и Воената болница создаваат услови да се укаже потребна медицинска помош особено хирушкиот третман на повредените и настраданите. Заводот за трансфузија со крв како и организацијата на Црвениот крст се грижат за спроведување на акциите и програмата за доброволно дарување на крв.

Во спроведувањето на првата медицинска помош се вклучуваат и силите за заштита и спасување кои се ангажираат за давање на прва медицинска помош на повредените граѓани на лице место и на собирните места и за упатување и носење до собирните места и до здравствените установи.

Покрај основната задача за пружање на првата медицинска помош се подразбира и ангажирање во спроведувањто на хигиенските и противепидемиолошките мерки, контролата на храната и водата, во асанација на теренот, деконтаминацијата на повредените и заболените и слични задачи.

За транспортирање на повредените ќе се користат превозни средства на здравствените установи и на единиците за Заштита и Спасување, додека за полесно повредените ќе се користи превоз на ЈСП Скопје.

**1. Превентивна медицинска заштита**

Превентивна медицинска заштита е делот на медицинска обврска за превенирање на болестите отколку лекување на истите. Тоа може да се постигне не само со медицински лекувања туку и со методи на подигање на свеста на граѓаните за превенција а не лекување.

Ова метода на превентивна медицинска заштита може да подразбира и инспектирање на квалитетот на водата, храната како нејзиното подготвување така и пакувањето, начинот на одржување на хигиената, условите и т н.

Луѓето може да се заразат со опасни болести на многу начини. Некои се пренесуваат од животно на луѓе, некои од контаминирана храна или вода, додека други директно од луѓе на луѓе. Овие се инфективни заболувања. Инфективните заболувања секогаш постоеле и многу од нив се контролираат со вакцинација но и на разни други начини.

На подрачјето на Општината Карпош присатни се следните заразни заболувања: заразна жолтица, заразен пролив, шуга, гонореа, дизинтерија и висок процент на вошливост, токсинфекција. Истите моментално претставуваат епидемиолошки проблем, меѓутоа во воени услови се потенцијален ризик за појава на заразните заболувања во епидемиска форма.

Со оглед на отежнатите услови за живот и работа во услови на природни непогоди и други несреќи, а заради заштита и спасување на населението, потребно е од сите задолжени субјекти да се преземат следните мерки и активности:

- спречување на појавата на масовни заразни заболувања;
- Републичкиот завод за здравствена заштита и Дирекцијата за храна, во соработка со јавните комунални претпријатија, потребно е да вршат засилена контрола на исправноста и безбедноста на водата за пиење, како и заштитата на здравјето на населението;
- Државниот санитарен и здравствен инспекторат, редовно да преземаат санитарно - хигиенски и против епидемиски мерки;
- посебни превентивни мерки се превземаат од ветеринарната инспекција која врши контрола на животните и производите од животинско потекло. Исто така санитарната инспекција врши редовна контрола на прехранбените производи кои се наоѓаат во производство и промет на подрачјето на Градот и Општината;

Републичкиот завод за трансфузиологија во соработка со организацијата на Црвениот крст се грижат за спроведување на акциите и програмата за обезбедување и доброволно дарување на крв, како и создавање услови за чување одредени количества на крв и крвна плазма кои се неопходни:

- во случај на повреди на луѓето од било кои природни непогоди особено при масовни несреќи Службата за итна медицинска помош сите расположиви сили и средства ги насочуваат кон спасување на повредените лица.;

-заради спречување на појава на заразни болести и епидемии на подрачјето на Општината се преземаат соодветни превентивни мерки од надлежните органи за масовно здравствено просветување на населението;

- во Градот во Заводот за здравствена заштита на Град Скопје е формирана хигиено епидемиолошка служба во која посебно има стручни одделенија и тоа микробиолошка лабораторија, одделение за хигиена и епидемиолошко одделение, кои што своите активности ќе ги насочи во сите средини во Општината;

- во рамките на Заводот за здравствена заштита на Град Скопје работи станица за дезинфекција, дезинсекција и дератизација кој има задача да ја реализира посебната програма за превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целото подрачје на Градот;

- посебни превентивни мерки се превземаат од ветеринарната инспекција која врши контрола на животните и производите од животинско потекло. Исто така Дирекцијата за храна врши редовна контрола на прехранбените производи кои се наоѓаат во производство и промет на подрачјето на Градот и Општината;

- на местата каде се појавени заразни заболувања или каде се случени вонредни состојби, Заводот за здравствена заштита презема мерки да се изврши дезинфекција, дезинсекција и дератизација со кои треба да бидат обезбедени соодветни средства за нивно изведување;

Примарна цел во услови на природни непогоди и други несреќи преставува заштитата на населението и материјалните добра, односно прифаќање, заштита и медицински третман на населението кое останало без основни услови за живот или е повредено или трауматизирано со настанување на природната непогода.

За да не дојде до вакви ширења на заразни и други болести Здравствените установи треба да имаат предвид да делуваат превентивно за да не дојде до нив или да не дојде до ширење на таквите појави после настанатата непогода.

Во вакви случаи треба да функционира превентивна медицинска заштита која се организира од Здравствените институции а која може да биде со вакцинирање против болести за кои се стравува дека може да се појавуваат во вакви ситуации, со давање совети на граѓаните за начинот на одржување лична хигиена, миење на раце со сапун и вода, миење или проверување на продуктите кои ги консумираме, како и со појавување на најмал сомнеж за некаква болест итно јавување кај надлежните и најблиските Здравствени установи или пунктови.

Здравствените организации, особено Градската болница, клиниките на Медицинскиот факултет и Воената болница при вонредни состојби работат во зголемен обем и создаваат услови да се укаже потребна медицинска помош, особено хируршкиот третман на повредените и настраданите. Заводот за трансфузиологија со крв како и организацијата на Црвениот крст се грижат за спроведување на акциите и програмата за доброволно дарување на крв. Во Заводот се создадени услови да се чуваат одредени количини на крв и крвна плазма кои се неопходни при вонредни состојби.

Покрај тоа во здравствените организации и болници со одредени тешкотии ќе се обезбедуваат основните количини на лекови кои се исклучително потребни во случај на вонредни состојби и други несреќи.

## 2. Заразни болести и епидемии

Превентивни мерки за заштита

Заради заштита од заразни болести и епидемии на подрачјето на Градот и Општината се преземаат соодветни превентивни мерки од надлежните органи и организации како масовно здравствено просветување на населението. Приоритетни цели од доменот на епидемиологијата се:
- одржување на резултати постигнати со ередикација на детската парализа;
- елиминација на тетанусот кај новороденчињата;
- континуирано спроведување на задолжителна имунизација;
- намалување на морбитетот од останатите вирусни хепатитиси - редуцирање на опасноста од внесување и ширење на маларија;
- намалување на опасноста од внесување и ширење на колера и други тропски и паразитно заболувања;
- редукција на заболувања кои се пренесуваат по полов пат;
- превенција на СИДА;
- спречување и сузбивање на заразните заболувања од поголемо епидемиолошко и социјално значење;
- следење и проучување и анализи на хроничните не заразни заболувања.

Во градот Скопје е формирана хигиено епидемиолошка служба во состав на здравствениот дом на Скопје во која посебно има стручни одделенија и тоа микробиолошка лабораторија, одделение за хигиена и епидемиолошко одделение.

Преку Министерството за здравство и социјална политика со санитарната инспекција редовно се врши контрола на квалитетот на водата за пиење во градската водоводна мрежа, додека на локалните водоснабдителни објекти на скопското подрачје контролата врз водата за пиење ја вршат подрачните единици за здравство.

Во рамките на Заводот за здравствена заштита на Град Скопје работи отсекот за дезинфекција, дезинсекција и дератизација кој има задача да ја реализира посебната програма за превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целото подрачје на Градот.

Со решавањето на задоволителен начин на снабдувањето со вода за пиење на населението во Општината се придонесува да се намали бројот на заболените од групата на цревни заразни болести и се поретко овие болести да се јавуваат во форма на епидемии.

Затоа покрај другите мерки и активности кои ги спроврдуваат Републичкиот и регионалните заводи за здравствена заштита со нивните подрачни единици,

приоритетна задача претставува вршењето на континуиран мониторинг и евалуација на санитарно-хигиенската состојба на водоснабдувањето на населението, на објектите за водоснабдување и на безбедноста на водите за пиење.

Заводот за здравствена заштита на град Скопје преку епидемиолошката служба врши следење и откривање на заразните болести и хемиските материи како можни фактори за настанување на масовно заболување и штетно влијание на здравјето на луѓето.

Превентивните мерки во однос на ветеринарната заштита се преземаат преку ветеринарната станица на Град Скопје преку редовни прегледи на добитокот, живината, кучињата и другите животни, вакцинација против заразни болести како и редовна контрола на чувањето и исхраната на животните. Посебни превентивни мерки се преземаат од ветеринарната инспекција која врши контрола на местото и производите од животинско потекло. Исто така санитарната инспекција врши редовна контрола на прехранбените производи кои се наоѓаат во производство и промет на подрачјето на Градот и општините.

**Оперативни мерки за заштита**

Во случај да се појават заразни заблувања кај одделни лица или во поедини места на подрачјето на Општината епидемиолошката служба на Градот Скопје презема конкретни активности за истражување на заболените од заразни болести. При тоа соработува со здравствените установи и ги утврдува основните параметри на појавената опасност.

По предлог на стручните анализи и наоди на здравствената служба се преземаат соодветни мерки да се спречи ширењето на заразните болести на останатите реони во

Градот или нови заболувања со тоа што се врши изолирање на изворите на заразата. Посебни услови за сместување на заболените од заразни болести се создадени на инфективната клиника и медицинскиот факултет.

На местата каде се појавени заразни заболувања или каде се случени вонредни состојби Заводот за здравствена заштита презема мерки да се изврши дезинфекција, дезинсекција и дератизација со кои треба да бидат обезбедени соодветни средства за нивно изведување.

Микробиолошките анализи за потребите на здравстената заштита се вршат во микробиолошката лабараторија во поликлиниката Букурешт. Во Здравстениот дом постојат стручни екипи кои земаат мостри од храна, вода, почва и други материи на кои се врши микробиолошка анализа.

Здравствениот дом на Градот како единствена организација во случај на појава на вонредни состојби ја врши оганизацијата и го спроведува вакцинирањето на населението заради негова заштита од појава и ширење на заразните болести. При тоа се формира посебен стручен штаб за карантински болести кој ја следи состојбата и дава известување на органите во општините и Градот и на населението и предлага оперативен план за активности при појава на заразни болести, односно пандемија.

### 3. Акциденти на отровни и опасни материи

### Превентивни мерки за заштита

Превентивните мерки за заштита од опасните материи најчесто се применети преку функционирањето на разни автоматски системи за откривање, јавување и следење на условите на непосредна опасност или во услови на веќе настанат ацидент. Посебно е значајно доследното применување на законските прописи при производство, ускладиштување и транспорт на отворените и експлозивните материи.
Редовно да се врши техничка контрола на исправноста на постројките и апаратите во кои се чуваат или преработуваат опасните материи.

Во процесот на производството, транспортот и манипулацијата со опасните материи да се обезбеди крајно дисциплиниран однос кон работата и ракувањето со отровните и експлозивните материи.

Да се преземаат активности за обучување на населението во околината на хемиската индустрија со цел да се запознаат со карактерот на евентуалната загаденост на воздухот и водата и со примена на заштитните мерки.

### Оперативни мерки за заштита

Во случај да настанат акцидентни појави во одделни претпријатија од помали размери службата за заштита и другите органи преземаат итни оперативни мерки да се спречи натамошното ширење на појавата и да се одстранат настанатите последици.

Ако настанатата појава е од поголеми размери тогаш итно се ангажираат стручните организации и органи во Градот за укажување на прва медицинска помош, спасување на повредените лица, згрижување на настраданите и вкупно отстранување на последици.

Во зависност од елементарната несреќа, местоположбата на настанување, на несреќата, последиците од истата и потребите за давање на прва помош и неопходно згрижување на повредените се определуваат собирни места за прифаќање на повредени и тоа:

- помошници на Началникот за мерките за кои се задолжени
- во зависност од наредбата а согласно моментната состојба на теренот за потребите на силите за Заштита и Спасување врши организација за обезбедување на неопходни материјално - технички средства;
- ја спроведуваат Наредбата за упатување на единиците за заштита и спасување на местото на почетокот на нивното ангажирање;
- непосредно соработува и им дава помош на раководниот кадар на единиците за заштита и спасување со кои располага општината.
- го организираат и го пратат воспоставувањето на врските со одделението за заштита и спасување и штабот;
- го пратат движењето на единиците во правецот на дејствување, односно нејзиното ангажирање во отстранување на последиците и по потреба предлага дали е потребна помош од други единици;
- ја организира и следи состојбата во собирните места за прифаќање на повредените и ги прати транспортот на повредените до собирните места односно до здравствените установи;
- ја организира и следи состојбата во собирните места за прифаќање на евакуираните граѓани од подрачја каде настанале урнатините;
- ги организира и спроведува Упатствата донесени од Општинскиот штаб;
- изготвува информации за преземаните активности;
- врши и други работи и задачи кои ги добива од командантот односно штабот за заштита и спасување.

## V. СОБИРНИ МЕСТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ПОВРЕДЕНИТЕ

**Собирни места**

**1. Собирно место - Спортски игралишта Влае** (локација - населба Влае 2, Спортско рекреативен центар Влае)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Влае 1 и УЗ Влае 2;

**2. Собирно место Партизан** (локација - Спортска сала Партизан во Карпош 4)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Карпош 4;

**3. Собирно место Базен Младост** (локација – празниот простор околу Базен Младост, паркинг простор Спортска сала Борис Трајковски)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Карпош 1, УЗ Карпош 2 и УЗ Карпош 3;

**4. Собирно место Братство** (локација - Основно Училиште Братство во УЗ Тафталиџе 2)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Тафталиџе 2 и УЗ Нерези;

**5. Собирно место Алумина** (локација - празниот простор карши Фабриката Алумина)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Тафталиџе 1, УЗ Кузман Јосифовски -Питу и дел од УЗ Пецо Божиновски – Кочо;

**6. Собирно место Бардовци** (локација – Фудбалското игралиште во село Бардовци)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарни непогоди од МЗ Бардовци;

**7. Собирно место Злокуќани** (локација – Фудбалското игралиште во населбата Злокуќани)

Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарни непогоди од УЗ Злокуќани.

**Правци на движење до собирни места**

Правците на движење за доаѓање и транспорт на повредените до собирните места и до најблиските здравствени установи ќе бидат во согласност со проодноста и близината на улиците по кои треба да се движат или транспортираат повредените.

**На собирните места ќе бидат ангажирани одделение за ПМП од Универзалната единица, екипи на Црвен крст а по потреба и одделение за ПМП од подрачните специјализирани единици.**

**Транспортни средства**

За транспортирање на повредените ќе се користат сите превозни средства на единиците за Заштита и Спасување, а по потреба ќе се бара помош од здравствените установи, додека за полесно повредените ќе се бара превоз од ЈСП Скопје.

## VI. АНГАЖИРАЊЕ НА СИЛИ И СРЕДСТВА ЗА ПМП

За успешна интервенција и отстранување на опасностите и последиците во случај на природни непогоди и други несреќи се ангажираат сите субјекти на подрачјето на Општината.

Како посебно организирани сили кои се ангажираат на подрачјето на Општината се следните:

- Територијалната противпожарна единица – Карпош;
- Универзална единица за Заштита и Спасување на Општина Карпош;
- Специјализирани единици на Дирекција за Заштита и Спасување - подрачна единица Карпош;
- Специјализирани единици на Дирекција за Заштита и Спасување – подрачна единица – Скопје;
- Месни сили за Заштита и Спасување во јавни претпријатијата, установи и служби кои имаат обврска да ги формираат;
- Центарот за управување со кризи - подрачни за Градот и Општината;
- Претпријатија за снабдување;
- Градежни и сообраќајно транспортни претпријатија;
- Здравствени установи;
- Организациите на Црвен крст и други невладини организации;

Со спроведувањето на мерките за заштита со кои се спречуваат, отстрануваат или ублажуваат непосредните последици и се обезбедува заштита на луѓето и материјалните добра на подрачјето на Општината раководи Општинскиот штаб за заштита и спасување во согласност со Потсетниците за употреба на плановите за заштита и спасување по соодветните мерки кои се составен дел на овој документ.

Силите за заштита и спасување на Општината се ангажираат согласно планот за заштита и спасување дел подготвеност, мобилизација и ангажирање на силите.

Силите за заштита и спасување на Општината се опремуваат со опрема согласно Одлуката на Владата на РСМ за утврдување на личен и материјален состав.

## VII. ПРИЛОЗИ И ДОКУМЕНТИ КОН ПЛАНОТ

**Прилог бр. 1** Работна карта,граници на Општината и на урбаните заедници, карактеристики и активности за мерката

**Прилог бр. 2** Процена за број на жители по урбани заедници

**Прилог бр. 3** Постапка за начин на известување на население
**Прилог бр. 4** Упатство за воспоставување и одржување на ред
**Прилог бр. 5** Преглед на аптеки
**Прилог бр. 6** Преглед на телефони, адреси и други податоци од лица органи, организации и институции вклучени во Заштита и Спасување

**Прилог број 2**

**Преглед**
**Број на жители по урбани и месни заедници во Општина Карпош**

| Ред. Бр. | Урбана, месна заедница | Број на жители | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Кузман Јосифовски Питу | 6733 | |
| 2 | Владо Тасевски | 4450 | |
| 3 | Тафталиџе 1 | 4262 | |
| 4 | Пецо Божиновски Кочо | 4483 | |
| 5 | Тафталиџе 2 | 4505 | |
| 6 | Нерези | 4358 | |
| 7 | Карпош 1 | 4570 | |
| 8 | Карпош 2 | 3690 | |
| 9 | Карпош 3 | 5679 | |
| 10 | Карпош 4 | 7760 | |
| 11 | Влае 1 | 3720 | |
| 12 | Влае 2 | 2781 | |
| 13 | Злокуќани | 1520 | |
| 14 | Бардовци | 1472 | |
| **15** | **ВКУПНО ЖИТЕЛИ** | **63.760** | |

**Прилог број 3**

**Постапка за начин на известување на население (тревожење)**

**I. Тревожење**
**II. Постапка на граѓаните на даден знак за тревожење**

**I.Тревожење**

Знаците за тревожење („Службен весник на Република Македонија„ број 9/07) преставуваат сигнали со кои се известува и тревожи населението преку инсталираните сирени од системот за тревожење.

**а. Знаци за тревожење**

Знаци за тревожење во Република Северна Македонија во случај на појава на опасност се:

- **знак за општа опасност**
- **знак за престанок на опасноста**

Знакот за општа опасност се емитува при појава на ризици и опасности со вклучување на сирените од системот за тревожење со непрекинат завивачки тон во траење од 60 секунди.

Знакот за престанок на опасноста се емитува при престанок на ризикот и опасноста со вклучување на сирените од системот за тревожење со едноличен тон во траење од 60 секунди.

Тревожењето го врши Центарот за управување со кризи преку Регионалните центри за управување со кризи во Општината Карпош и Градот Скопје.

**С П И С О К**
**на сирени лоцирани во Општината Карпош – Скопје**

| Ред. бр. | Локација | Вид | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | 2. | 3. | 4. |
| 1. | ОУ Јан Амос Коменски | електрична | |

**Прилог број 4**

**УПАТСТВО**
**за воспоставување и одржување на ред во настрадани зони**

Силите за заштита и спасување се ангажираат во настраданите зони од елементарни непогоди и други несреќи во зависност од дејствието, урнатини, пожари, експлозии и други несреќи, за отстранување на последиците, и спроведување на соодветни хуманитарни активности за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра.

За нивното непречено ангажирање во активностите и задачите, командата на единиците одредуваат определен број на припадници кои имаат за задача да одржуваат ред во настраданата зона.

Овие припадници на себе носат видливи белези и имаат за цел да ја заштитат загрозената зона од непредвидени упади на надворешни лица кои би можеле да предизвикаат пожари, експлозии, кражби и слични дејства со кои би ги загрозиле животите на граѓаните и припадниците на силите за заштита и спасување, како и отстранување и спречување на граѓаните да упаднат во загрозената зона каде се врши интервенција од единиците за заштита и спасување. Во објектите, зградите и сл. на влезовите се поставува лице кое го контролира влегувањето, односно излегувањето.

Градската управа за внатрешни работи ги спроведува потребните мерки на јавниот ред и безбедноста на загрозените подрачја за време на елементарни непогоди, а особено се грижи за заштита на имотот и обезбедување на местата каде што е настаната непогодата.

При вонредните состојби во Градот настанува посебен режим на сообраќајот и органите за контрола и регулирање на сообраќајот своите активности ги прилагодуваат да дадат приоритет на оние возила и правци на движење кои учествуваат во укажување на помош на загрозените и во отстранувањето на последиците. Во целиот тек на отстранување на последиците се користат расположивите средства за врски особено телефонски и радио врски, а при тоа и радио врските и другите врски на органите за внатрешни работи се ставаат во функција на заштитата и спасувањето од вонредни состојби.

Во случај на повреди на луѓето од било кои причини особено при масовни несреќи здравствените установи во градот сите свои расположиви сили и средства ги насочуваат кон спасување на повредените настраданите лица.

Заводот за трансфузија со крв како и организацијата на Црвениот крст се грижат за спроведување на акциите и програмата за доброволно дарување на крв во Заводот се создадени услови да се чуваат одредени количини на крв и крвна плазма кои се неопходни.

При Заводот за здравствена заштита работи посебно одделение за хигиено-епидемиолошка заштита кое ги следи состојбите на Градот и Општината за опасноста од појава на заразни болести и епидемиолошки заболувања.

За време на вонредните состојби населението се обезбедува и организирано со прехранбени и други потребни артикли. Снабдувањето на загрозените и настраданите делови од Градот ќе се извршува од оние реони кои не се зафатени со воредната состојба или ако поголемо подрачје е зафатено, се очекува помош од соседните градови и корситење на стоковите резерви на Градот и Републиката.

Во оваа област особено е значајна координацијата на надлежните органи заради воспоставување соработка со производните, прометните и услужните претпријатија заради обезбедување на најнеопходните средства за живот, храна, облека, постелнина и др.

Горе наведените мерки и активности за воспоставување и одржување ред се преземаат и на собирните места утврдени од Општинскиот штаб, за прифаќе на повредените граѓани.

При воспоставување и одржување на ред во настрадани зони и изведувањето на акциите за заштитата и спасување припадниците за одржување на ред соработуваат со силите за Заштита и Спасување во претпријатијата, јавните установи и служби и со силите за Заштита и Спасување на урбаните заедници на чие подрачје се наоѓаат.

**Прилог број 5**

**Преглед на аптеки на подрачје на Општина Карпош**

| Ред. Бр. | Аптека | Адреса | Телефон | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 | Алпи фарм | Московска 5 | 3076-097 | |
| 2 | Ремедиум | Никола Парапунов 3А-4/1 | 3075-266 | |
| 3 | Фармакон | И.Р. Лола 72б | 3074-385 | |
| 4 | Реплек 1 | Козле 188 | 3081-343 | |
| 5 | Мериал | Партизански одреди 127 | 3064-911 | |
| 6 | Аптека – Букурешт | Поликлиника Букурешт | 3090-722 | |
| 7 | Маклек | Анкарска 33 | 3094-137 | |
| 8 | Омега фарм 2 | Лондонска 19 ТЦ Олимпико | 3077-396 | |
| 9 | Мак фарм | Веселин Маслеша 5 | 3071-289 | |
| 10 | Еурофарм | М.Т.Гологанов 76 | 3078-677 | |
| 11 | Акација | Козле 88-6/3 | 3096-106 | |
| 12 | Ефедра | Орце Николов | 3067-500 | |
| 13 | Донафарм | Партизански одреди 86 | 3068-919 | |
| 14 | Зегин | Партизански одреди 66а | 3065-903 | |
| 15 | Александра | Анкарска 29а | 3070-379 | |
| 16 | Зегин | Московска 8 | 3064-161 | |

**Прилог број 6**
**Преглед на лица, органи, организации и институции вклучени во Заштита и Спасување**

| Ред. Бр. | Име | Телефон | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 4 | 5 |
| 1 | Градоначалник<br>Сотир Лукровски | 071/351-490 | + |
| 2 | Штаб за Заштита и Спасување<br>Дејан Јонузоски | 071/368-710 | + |
| 3 | ДЗС-Карпош<br>Васко Милосиевски | 075/457-510 | + |
| 4 | РЦУК-Карпош<br>Иванка Лазаревска | 076/404-593<br>3092-941 | + |
| 5 | Полициска станица - Карпош<br>Стефан Тасевски | 070/323-468 | + |
| 6 | Црвен Крст - Карпош<br>Маре Кочовска | 070/226-136 | + |
| 7 | Мин.за земјоделство<br>Дејан Давидовски | 075/299-355 | + |
| 8 | Командир на единица<br>Ермин Шаровиќ | 078/508-687 | + |
| 9 | ЈСП - Скопје<br>Јосиф Соколовски | 075/464-858<br>022640-821 | + |
| 10 | ЈП - Водовод и канализација<br>Кирил Џонов | 071/391-266 | + |
| 11 | ЈП - Комунална хигиена<br>Марјан Здравковски | 071/273-553 | + |
| 12 | ЈП - Улици и патишта<br>Влатко Аврамовски | 070/332-766 | + |
| 13 | ЈП - Паркови и зеленило<br>Александар Антовски | 076/490-326 | + |

# ПЛАН
# ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Скопје 2026 година**

ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ

с о д р ж и н а:

I. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНАТА ЗА МЕРКАТА ПОЖАРИ
1. Општи карактеристики
2. Население
3. Хидрографија
4. Метеоролошки услови
5. Сообраќајна мрежа и комунална инфраструктура
II. ПРОЦЕНА НА ОПАСНОСТИ И ЗАГРОЗЕНОСТ ОД ПОЖАРИ
III. ПОТСЕТНИК **за задачи и активности при употреба на Планот за заштита од** ПОЖАРИ
IV. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ
1. Превентивни мерки за заштита и спасување од пожари
2. Оперативни мрки за заштита и спасување од пожари
V. ПРЕГЛЕД НА ПОДРАЧЈА ЗАГРОЗЕНИ ОД ПОЖАРИ **(карта)**
- објекти и реони кои се подложни на опожарување;
- редовни и резервни моб. собиралишта и места на силите за Заштита и Спасување;
- собирни места за настрадани граѓани;
- сили за Заштита и Спасување и органи и институции кои се ангажираат во заштита од пожари (со места на нивна локација);
- институции и органи кои имаат административен, политички, образовен, културен и друг карактер, сместени во Општината.
VI. АНГАЖИРАЊЕ НА СИЛИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ
VII. ПРИЛОЗИ И ДОКУМЕНТИ КОН ПЛАНОТ
- прилози и документи
**Прилог бр. 1** Работна карта, граници на Општината и на урбаните заедници, карактеристики и активности за мерката
**Прилог бр. 2** Процена на број на жители по урбани заедници

**Прилог бр. 3** Преглед на поставени надземни хидранти
**Прилог бр. 4** Упатство за воспоставување и одржување на ред
**Прилогбр. 5** Постапка за начин на известување на население
**Прилог бр. 6** Дневник на настанати пожари
**Прилог бр. 7** Карта на водоводна мрежа во Скопје
**Прилог бр. 8** Преглед на телефони и други податоци од лица
органи, организации и институции вклучени во Заштита и Спасување

## I. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА

### 1. ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА НА ОПШТИНА КАРПОШ

Карпош е Скопска општина и се наоѓа лоцирана во западниот дел од градот Скопје, а зафаќа еден дел и од централно градско подрачје. Нејзината вкупна површина изнесува 105 км2 и таа е втора по големина општина во Скопје. Овде влегуваат руралните населби Бардовци и Горно Нерези, како и урбаната зона Скопје-Карпош. Последната поделена е уште на неколку урбани единици, како што се: Карпош 1, Карпош 2, Карпош 3, Карпош 4, Влае и др. Просечната надморска височина изнесува 362 м. Според најновата територијална организација, кон урбаниот дел на Општината Карпош се припоени населбите Влае, Долно Нерези и Злокуќани.
Границата на Општина Карпош започнува од железничкиот мост на реката Лепенец и се движи по границата со Општина Ѓорче Петров, до локалитетот Лака на реката Вардар, продолжува по надворешните граници на катастарските општини КО Горно Нерези, КО Горно Водно, односно по сртот на планината Водно до месноста Теферич, свртува на северозапад до над Институтот за земјотресно инжинерство и Инжинерската сеизмологија ИЗИИС, продолжува по проектираната јужна обиколница на Градот Скопје до улицата 550, свртува по неа до раскрсницата со улицата Козле, оди по улицата Козле до крстосницата со проектираната улица која поминува меѓу населбите Козле и Капиштец и излегува на крстосницата на улиците Теодосие Гологанов и Рузвелтова, продолжува по улицата Рузвелтова, ги сече булеварот Партизански одреди и улицата Илинденска, продолжува по пешачката улица меѓу Зоолошката градина и првиот дел на Градскиот парк, минува преку пешачкиот мост на реката Вардар, свртува спротивно по реката Вардар, излегува на булеварот Никола Карев, свртува на исток по булеварот Никола Карев, до влезот на касарната Илинден, продолжува по источната ограда на касарната, потоа по новата улица “Словеначка” што води од крстосницата на улиците Втора македонска бригада и Македонско-косовска бригада до магистралниот пат Скопје – Блаце, продолжува по надворешните граници на КО Злокуќани и КО Бардовци до реката Лепенец и по реката Лепенец до мостот на железничката пруга.

### 2. НАСЕЛЕНИЕ И НАСЕЛБИ

Вкупниот број на жители изнесува 63.760 со што се наоѓа на четвртото место во Скопје. Густината на населеност изнесува 570 жители на еден км2, со што се наоѓа на претпоследното, деветто место во Скопје. Најголемиот број живеат во урбаната зона Скопје-Карпош, односно 58.024 или 97%. Во Бардовци живеат 1.472 жители, или 2,46%, а во Горно Нерези само 314 жители или 0,52%. Просечната густина на населеност изнесува 570 жители на еден км2, така што таа е една од најретко населените во Градот Скопје, и се наоѓа на деветтото место.

Во однос на националната припадност 88,52%, или 52.943 жители, се Македонци; 3,67% или 2.195 жители се Срби; 3,26% или 1.952 жители, се Албанци итн.

Оваа Општина слично како и Општина Аеродром, претежно е наменета за живеење, а бројот на стопанските и другите објекти, не сметајќи го хотелот "Александар Палас", е незначителен.

**БРОЈ НА ЖИТЕЛИ ВО ОПШТИНАТА КАРПОШ**
**ВО ОБЛИЦИТЕ НА МЕСНАТА САМОУПРАВА**

| | |
|---|---|
| 1. "Кузман Ј. Питу" | 6733 |
| 2. "Владо Тасевски" | 4450 |
| 3. "Тафталице 1" | 4262 |
| 4. "Пецо Б. Кочо" | 4483 |
| 5. "Тафталице 2" | 4505 |
| 6. "Нерези" | 4358 |
| 7. "Карпош 1" | 4570 |
| 8. "Карпош 2" | 3690 |
| 9. "Карпош 3" | 5679 |
| 10. "Карпош 4" | 7760 |
| 11. "Влае 1" | 3720 |
| 12. "Влае 2" | 2781 |
| 13. "Злокуќани" | 1520 |
| 14. "Бардовци" | 1472 |
| **ВКУПНО ЖИТЕЛИ:** | **63,760** |

## 3. ХИДРОГРАФИЈА

На подрачјето на Општина Карпош, течат следните реки и водотеци:

- дел од реката Вардар во должина од околу 4000 м;
- реката Лепенец на дел од Општината со околу 2000 м.;
- реката Серава со околу 1000 м.;
- неколку канали од Водно со должина од повеќе километри ;
- подземни води кои се на длабочина под 10 м.

Каналската мрежа се состои од посебни канали за одводување на атмосферските и фекалните води. Атмосверескиte и фекалните води се слеваат во реката Вардар.

## 4. МЕТЕРОЛОШКИ УСЛОВИ

На подрачјето на Општина Карпош климата е умерено-континентална. Оттаму произлегуваат и две поизразени годишни времиња студена (континентална) и влажна (медитеранска) зима и суво и топло лето.
Дуваат три видови на ветрови, Повардарец, Југо и ветерот од северозапад.
Температурите во летниот период достигнуваат и до +45 º C, а во зимскиот период може да достигнат и до – 25 º C.
Врнежите го достигнуваат својот максимум во декември 555 мм/м2 и во мај 521 мм/м2.
Снежните врнежи се најголеми во месец декември и јануари и може да достигнат и до 50 см.
Маглата е најприсутна во есенските и пролетните месеци и тоа во Скопската котлина, просечно околу 72 дена.

## 5. СООБРАЌАЈНА МРЕЖА И КУМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Подрачјето на Општина Карпош во поглед на орографските карактеристики претставува претежно рамничарска површина, но тука е и дел од планината Водно, како и височината Зајчев рид.
Општината со Градот и со соседните општини се поврзува со булевари, а дел со поголеми локални улици и тоа:
-Бул.”Партизански одреди”
-Бул.”8-ми Септември”
-Бул.”Илинден”
-ул.”Митрополит Теодосие Гологанов”
-ул.”Рузвелтова”
-ул.”Ацо Шопов”
-ул.”Скупи”
-ул.”Словенечка”
-ул.”Орце Николов”
-ул.”Никола Карев”
-ул.”Московска”
-ул.”Трнодол”
-ул.”Жданец”
-Пат за Горно Нерези
-Пат за с.Бардовци
-ул.”Адолф Циберовски”
и други локални улици што се наоѓаат на територија на Општина Карпош како и регионалниот пат Скопје-Блаце.
На подрачјето на Општина Карпош исто така се наоѓаат и неколку мостови и тоа:
-Мост ”Обединети нации”
-Мост ”Железнички мост”
-Мост на бул.”8-ми септември”
-Мост на река Лепенец
-Мост ”Газела”
-Надвозник ”Влајко”

## II. ПРОЦЕНА НА ОПАСНОСТИ И ЗАГРОЗЕНОСТ ОД ПОЖАРИ

Во зависност од видот на градбата и густината на објектите различна е пожарната оптеретеност на одделни подрачја на Општината Карпош, односно урбаните и месните заедници. Од пожари најмалку се загрозени објектите кои се изградени од тврд

материјал, било да се ниски или високи објекти, особено урбаните заедници Карпош 1, 2, 3 и 4. Таму густината на населеност и густината на изграденост се најголеми, пристапните патишта за против пожарни возила се најповолни, изведена е надворешна хидрантска мрежа, објектите се снабдени со внатрешни против пожарни хидранти и постојат солидни против пожарни препреки . Според тоа опасностите од избувнување на пожар се најмали, а при евентуална појава не може да достигне катастрофални размери.
Анализите покажуваат дека посебно се загрозени од пожар оние урбани заедници каде објектите претежно се изградени од дрво (монтажни бараки), како што се во Тафталиџе, Козле, Влае и тн. Голем број од овие бараки се преадаптирани во ѕидани куќи, но со тоа се згусна и бројот на населеноста и во одделни населби сега е отежната пристапноста на ПП возилата од причина што автомобилите сега се паркирани на улиците и со тоа пристапот е поотежнат. Во овие населби постои можност за пренесување на пожарот од еден запален објект на соседниот објект бидејќи имаат мала против пожарна отпорност.
Затоплувањето на објектите на подрачјето на Општина Карпош решена е на неколку начини и тоа: централно греење – преку топлификационата мрежа на АД “Топлификација” – Скопје, преку индивидуални-сопствени котларници, индивидуално со помош на термо печки, печки на дрво, јаглен, плин и др. Најзагрозени се урбаните заедници во кој претежно е застапено индивидуалното затоплување и тоа поради несоодветно користење на уредите и средствата за греење, особено со запаливи течности и гасови. Исто така кај индивидуалното затоплување со парно греење, опасноста од појава на пожар е присутна поради поголема количина на запаливи течности и лошото одржување на резервоарите за гориво.
Бидејќи на подрачјето на Општина Карпош се наоѓа и парк-шумата Водно, шумските пожари можат да предизвикаат значителни материјални штети, а се загрозува и функцијата на шумите за зачувување на човековата околина и други корисни функции што ни ги овозможува шумата.
Сите активности и мерки во случај на пожар и непосредна опасност на парк-шумата Водно ги извршува ЈП “Паркови и зеленило”.
Во Градот Скопје за потребите на градот и општините во Градот Скопје, дејствува територијална противпожарна единица. Покрај тоа, во рамките на различни стопански субјекти формирани се противпожарни единици за нивни потреби.
Исто така може да се констатира дека противпожарните единици не се кадровски пополнети и обезбедени со материјално-технички средства и опрема, согласно важечките стандарди, како последица на недоволни финансиски средства за опремување на противпожарните единици. Треба да се напомене дека обученоста на граѓаните за гасење на пожари, ракување со противпожарните средства, свеста за потребата од придржување и спроведување на превентивните мерки не е на задоволително ниво.

Заради успешна и ефикасна заштита од пожари, особено внимание треба да се посвети на урбанистичките и градежните мерки и тоа во однос на:
- микролокација на објектите;
- вградување на инсталации, уреди и средства отпорни на пожари;

- изградба на соодветни сообраќајници и природни патишта, како и слободни површини за ефикасна интервенција;
- намалување на пожарната осетливост на објектот;
- мерки за локализација и спречување на ширење на пожарот;
- мерки кои овозможуваат успешна интервенција при гасење на пожарот и спасување на луѓето, материјалните и други добра;
- изградба на хидрантска мрежа за брза и ефикасна интер-венција како и вградени автоматски детектори за пожар.

Иако во изминатиот период се преземени низа мерки и активности за подобрување на состојбите во заштита од пожари и експлозии, сепак општите безбедносни состојби во оваа област се уште не се на потребното ниво и затоа треба да се преземат следните активности за заштита и спасување од пожари:

- подготовка и спроведување на превентивни мерки во сите средини, објекти, места и простори каде постои можност за настанување на пожар;
- отстранување на причините за настанување на пожари;
- набљудување и известување за настанување на пожари;
- гасење и локализирање на пожари;
- организирање и подготвување на силите за гасење на пожари;
- заштита и спасување на населението, материјални и други добра од објектите, местата и подрачјата загрозени од пожар.

## III. ПОТСЕТНИЦИ ЗА ЗАДАЧИТЕ НА СИЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО ИЗВРШУВАЊЕ НА ПЛАНОВИТЕ ПО МЕРКИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

### 1. Општински штаб за заштита и спасување

Општинскиот штаб заради успешно реализирање на овој план покрај другото ги врши и следните активности:
- врши процена на заштита и спасување на луѓето и материјални добра;
- ги утврдува мерките за заштита и спасување на населението и материјалните добра при опасност и настанување на природни непогоди;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
- ги утврдува собирните места за прифаќање на повредените граѓани;
- раководи си силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување;
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организации вклучени во мерката заштита од пожари;
- доколку размерот на опасностите од пожари се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, Општинскиот штаб дава предлог до Градоначалникот на Општината да се бара помош од Регионалниот,

Републичкиот штаб или соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општина Карпош;
- воспоставува посебна соработка со државните органи и организации, службите и претпријатијата чија дејност е непосредно е сврзана со задачите од заштита од пожари;
- соработува со Црвен крст на РСМ – Општинска Организација на Црвен крст - Карпош;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, Општинскиот штаб за Заштита и Спасување го исвестува Градоначалникот и Советот на Општината при што за одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;
- обезбедува услови за ефикасно и благовремено известување за опасностите, и акциите за заштита и спасување, особено преку Центрите за управување со кризи во Општината и Градот;

- донесува Упатства за мерки, задачи, активност и носители за воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја.

**Командант на Општински штаб за заштита и спасување**

Командантот на Општинскиот штаб заради успешно реализирање на плановите за Заштита и Спасување покрај другото ги врши и следните активности:
- раководи со штабот и преку него со акциите за заштита и спасување;
- врши конкретна процена на состојбата од настанатата природна непогода која ја предлага на штабот;
- предлага мерките за заштита и спасување на населението и материјалните добра од настанатата природна непогода;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
- издава наредба за упатување на единиците за Заштита и Спасување на местото на почетокот на нивното дејствување;
- ги следи активностите на силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување и ја оценува нивната успешност односно неуспешност;
- соработува со Регионалниот, Градскиот и Републичкиот штаб за заштита и спасување и со штабовите за заштита и спасување на соседните општини
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организации вклучени во мерката заштита и спасување;
- доколку размерот на опасностите од пожари се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, до Општинскиот штаб дава предлог, преку Градоначалникот на Општината да се бара помош од Регионалниот, Републичкиот штаб или од соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општината Карпош;
- соработува со државните органи и организации, службите и претпријатијата чија дејност е непосредно е сврзана со задачите од заштита и спасување;
- соработува со организацијата на Црвениот крст на Општина Карпош;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, го известува Општинскиот штаб за Заштита и Спасување, Градоначалникот и Советот на Општината при што за одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;
- за ефикасно и благовремено организирање, раководење, известување за опасностите и акциите за заштита и спасување, ги користи постојните мирновременски врски, средствата за јавно информирање и известување курирските врски на Штабот и на Општината и Градот во целина, а особено Центрите за управување со кризи во Општината и Градот;

- изготвува или донесува Упатство за мерки, задачи, активност и носители за воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја.

- врши и други задачи и активности кои се во функција за успешно спроведување на мерките за заштита и спасување согласно состојбите на теренот.

**Началник на Општински штаб за заштита и спасување**

- учествува во проценување на подготвеноста на силите за Заштита и Спасување за дејство во отстранување на последиците од појавената опасност;
- ги спроведува наредбите на Командантот и на Општинскиот штаб;
- го организира воспоставувањето на врските со силите за Заштита и Спасување и штабот;
- ја спроведува наредба за проверка на пополнетоста на Штабот и единицата со воени обврзници и материјално - технички средства;
- по можност изврушува кратка обука со единиците заради поефикасно користење на материјално - техничките средства;

- ја спроведува наредба за упатување на единиците за Заштита и Спасување на местото на почетокот на нивните зафати и нивно извршување;
- во случај на настанување на проблеми во извршување на задачите на штабот или единиците се ангажира за нивно разрешување;
- ја следи активноста на единиците за заштита и спасување и по потреба предлага нови мерки и задачи;
- учествува во припрема на наредби, одлуки и други акти;
- учествува во припрема на информации за преземаните активности;
- соработува со началниците на штабовите за заштита и спасување на Регионалниот, Републичкиот, Градскиот и Општинските штабови за заштита и спасување на соседните општини;
- во одсуство на командантот ги презема сите негови надлежности.

**Помошници на Началникот за мерките за кои се задолжени**

- во зависност од наредбата а согласно моменталната состојба на теренот за потребите на силите за Заштита и Спасување врши организација за обезбедување на неопходни материјално - технички средства;
- ја спроведуваат Наредбата за упатување на единиците за заштита и спасување на местото на почетокот на нивното ангажирање;
- непосредно соработува и им дава помош на раководниот кадар на единиците за заштита и спасување со кои располага општината.
- го организираат и го пратат воспоставувањето на врските со одделението за заштита и спасување и штабот;
- го пратат движењето на единиците во правецот на дејствување, односно нејзиното ангажирање во отстранување на последиците и по потреба предлага дали е потребна помош од други единици;

- ја организира и следи состојбата во собирните места за прифаќање на повредените и ги прати транспортот на повредените до собирните места односно до здравствените установи;
- ја организира и следи состојбата во собирните места за прифаќање на евакуираните граѓани од подрачјата зафатени од пожар;
- ги организира и спроведува Упатствата донесени од Општинскиот штаб;
- изготвува информации за преземаните активности;
- врши и други работи и задачи кои ги добива од командантот односно штабот за заштита и спасување.

## IV. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ПРИ ОПАСНОСТ И НАСТАНУВАЊЕ НА ПОЖАР

Врз основа на процената на загрозеност и повредливост на подрачјето на Општината Карпош, општа е оценката дека во случај на војна, природни непогоди или други несреќи, можат да бидат предизвикани пожари од широки размери.

Целокупниот стопански и урбанистички развој, бројноста на населението, стопанските, културните, научно образовните, здравствените организации и други институции, и значењето на Општина Карпош како единица на локална самоуправа во Републиката, потребно е да се даде посебно значење на мерките за заштита од пожари. Мерките за заштита од пожари опфаќаат отстранување на причините за настанување на пожари, откривање, спречување на ширење и гасење на пожар, како и давање на помош при отстранување на последиците предизвикани од пожар, односно превземање на **превентивни и оперативни мерки** за заштита и спасување од пожари:

**А. Превентивни мерки**

Под превентивни мерки се подразбира доследна примена на законски и под законски акти кои го регулираат заштита и спасување од пожари, формирање сили за заштита и спасување во Општината, спроведување едукативни активности за оспособување на субјектите и граѓаните за заштита од пожари, како и јавна афирмација на овие активности преку јавните гласила, весници и други форми. Во тој правец особено значајни се:

1. Контрола на примената на техничките и другите нормативи за превентивна ПП заштита во областа на урбаното планирање, градежништвото и технолошките процеси а особено во органите во Општината задолжени за областа на планирањето и урбанизмот.

Заради успешна и ефикасна заштита од пожари во овие дејности, особено внимание треба да се посвети на урбанистичките и градежните мерки и тоа во однос на:

- микро локација на објектите;
- вградување на инсталации, уреди и средства отпорни на пожари;
- изградба на соодветни сообраќајници и природни патишта, како и слободни површини за ефикасна интервенција;
- намалување на пожарната осетливост на објектите;
- мерки за локализација и спречување на ширење на пожарот;
- мерки кои овозможуваат успешна интервенција при гасење на пожарот и спасување на луѓето, материјалните и други добра;
- изградба на хидрантска мрежа за брза и ефикасна интервенција како и вградени автоматски детектори за пожар.

2. Заради заштита на шумите од пожари организациите кои стопанисуваат со шумите или се надлежни за нивно одржување ги превземаат следните мерки:

- организираат набљудувачка и известувачка служба;
- обезбедуваат технички средства и алати за гасење на пожари;
- поставуваат знаци за забрана за палење и предупредување на опасност од пожари;
- се зајакнува контролата на движење на луѓе во шумите во периоди на зголемена опасност од пожари (високи температури, суша и др.);
- формираат и оспособуваат мобилни групи за гасење на пожари;
- презимаат и други соодветни мерки за заштита од пожар утврдени во законски и под законски акти донесени од надлежни органи.

3. Контрола на примената на посебните мерки за заштита од пожари во организациите, објектите во кои што се произведуваат, преработуваат, користат и складираат запаливи течности, запаливи гасови и експлозивни материи, односно посредување на соодветни и исправни уреди и инсталации за заштита од пожари и потребна ПП опрема за гасење пожари.

4. Трговските друштва, јавните претпријатија, државни органи и сите други субјекти и граѓани секој во рамките на своите надлежности и делокругот на работата, да ги

зголемат активностите за успешно спроведување на мерките за заштита и спасување од пожари.

5. ЈП „Водовод и канализација„ да обезбеди улична хидрантска мрежа која треба да ја одржува и да врши контрола на проточниот капацитет и притисок на водата. Исто така треба да обезбеди извор на електрична енергија за бунарите во Нерези независен од градската електрична мрежа.

6. Спроведување на обврската за постоење на пожарен куќен ред во станбените, деловните и индустриските објекти кои не изготвуваат план за заштита и спасување од пожар.

7. ПП сојуз на Општината, ДППД и посебните служби за заштита во претпријатија, јавните установи и служби да ги спроведуваат образовно -пропагандните активности а особено за:
- стручно образование на протипожарните и други кадри кои професионално и доброволно делуваат во областа на заштитата од пожар:
- обука и запознавање на работниците со опасностите од пожар сврзани со работата и работните задачи, како и со мерките и средствата за заштита и гасење на пожар, со практичната употреба на рачните апарати за почетно гасење и со материјалната и друга одговорност за не придржување кон пропишаните мерки за заштита од пожар;
- обука и запознавање на граѓаните во урбаните заедници со опасностите од пожар и со мерките и основните технички норми за заштита од пожар, како и со одговорноста за не придржување кон пропишаните мерки за заштита од пожар.

8. Во станбените, деловните згради и јавните објекти да се избегнува користењето на запаливи течности и гасови или чување и складирање на големи количини запаливи течности. Да се обезбедат патиштата за евакуација, односно да се отстранат препреките кон против пожарните скали.

9. Граѓаните и работните луѓе се опремуваат и оспособуваат со потребни средства за противпожарна заштита за нивно користење во гасење и локализирање на сите видови почетни пожари.

10. Советот на Општината најмалку еднаш годишно да ја разгледува состојбата на заштитата од пожари и остварувањето на овој план.

11. Врз основа на утврдената состојба на заштита од пожар Советот на Општината во соработка со противпожарниот сојуз и другите надлежни органи и организации ја утврдуваат потребата за начинот на оспособување на граѓаните за нивно учество во гасење на пожари.

12. Градоначалникот на Општината согласно Планот за заштита од пожари може да ги повика граѓаните во акциите за гасење на пожари од поголем обем како и да им нареди на граѓаните и правните лица да ги стават на располагање своите средства, опрема и вработени потребни во акциите.

13. Претпријатијата, јавните установи и служби должни се најмалку еднаш годишно да ја разгледуваат состојбата за заштита од пожар и да превземаат потребни мерки за нејзино подобрување.

14. Во спроведувањето на мерката за заштита и спасување од пожари се соработува со Градски и Регионален Центар за управување со кризи од каде се добиваат првичните податоци за местото на настанување, времето и големината на пожарот.

15. Активности за спроведување на превентивните мерки од надлежните органи во Општината, во претпријатијата, јавните установи и служби а особено надзорот од инспекциските органи заштита од пожар.

**Б. Оперативни мерки**

Под оперативни мерки се подразбираат активностите и мерките кои ќе се спроведуваат и превземаат и тоа:

**а) во непосредна опасност од пожар,**

**б) за време траење на опасноста,**

**в) за време на отстранување на последици од опасности**

**а) Во непосредна опасност од пожар**

Задолжените субјекти во Општината за спроведување на заштита и спасување од пожари во рамките на оперативните функции спроведуваат активности и мерки во случај на непосредна опасност, од како надлежен орган ќе утврди и извести за постоење на можност за настанување на непосредна опасност. Во таков случај надлежните и одговорни лица во задолжителните субјекти ја зголемуваат готовноста за спроведување на заштита и спасување од пожари, при што посебно внимание посветува на следните мерки.

1. Се ставаат во функција на зголемена готовност надлежните и одговорни лица кои активно се вклучуваат во прибирање на податоците за можноста опасност и истите ги доставуваат до соодветните органи или институции.

2. Системот за врски и известување во Општината се става во функција за потребите на учесниците во заштитата и спасување при што непосредно се соработува со Градскиот и Регионалниот Центар за управување со кризи.

3. Преку најпогодни и најбрзи форми за информирање се известуваат граѓаните како и јавните претпријатија, установи и служби.

4. Врз основ на податоците за можната опасност, се активираат и се ставаат во состојба на зголемена готовност надлежните органи и одговорни лица во Општината, како и силите за заштита и спасување.

5. Во соработка со Полициската станица од подрачјето на Општината се превземаат соодветни активности и мерки за обезбедување на јавниот ред и мир во Општината а особено во загрозеното подрачје.

**б) За време траење на опасноста**

Во зависност од видот и местото на настанување на пожарот, за време траење на опасноста, задолжените субјекти за спроведувањето на заштита и спасување ги спроведуваат следните активности и мерки:

1. Општината Карпош преку своите органи Советот на Општината, Градоначалникот, Штабот и Силите за заштита и спасување и соодветни служби и органи учествуваат во спроведување на заштитата и спасување од пожари со ПП единици за гасење според утврден начин за нивно ангажирање.

2. Гасењето на пожар и спасувањето на луѓето и имотот се спроведува со организирана акција на противпожарните единици. Постапката за гаснење на пожар ја опфаќа севкупната активност на противпожарните единици од моментот на добивањето на известувањето за настанувањето на пожар, излегувањето на интервенцијата, текот на акција за гасење и спасување па се до враќањето во седиштето.

3. Употребата на противпожарните единици зависи од:
- местото на кое се појавил пожарот и од можностите за ширење;
  - големината на пожарот;
  - видот на материите што се зафатени од пожарот;
  - степенот на загрозеноста на животите на луѓето и имотот;
  - опременоста на противпожарните единици во седиштето на локацијата каде што настанал пожарот и
  - други моментално битни фактори.

Во зависност од наведените елементи во тактичко - оперативниот план за дејство се предвидува начинот и постапката за активирање и употребување, на силите за заштита и спасување, правците и на нивното движење, локациите за дејствување, материјално - техничките средства за силите и разни упатства со кои се регулира раководењето со акциите.

4. По правило при помали и средни пожари ќе интервенираат силите на чија локација е настанат пожарот, како и единицата на доброволното противпожарно друштво, кое делува на одредената локација.

5. Во услови на пожари од големи размери, особено на пожари на шуми и други отворени простори кога тие не можат да се изгаснат од страна на ТППЕ и правните субјекти што стопанисуваат со тие површини, тогаш се ангажираат просторните сили за заштита и спасување на Општината. Ако и овие сили за заштита и спасување не можат да го изгаснат пожарот тогаш по барање на Градоначалникот на Општината се употребуваат републичките сили за заштита и спасување.

6. Во зависност од наведените елементи за видот на пожарот и последиците од него се спроведува евакуација и згрижување на населението и материјалните добра, согласно Планот за евакуација на Општината Карпош.

7. Во спроведување на овие оперативни мерки а заради одржување на јавниот ред и мир, давањето прва помош, прифаќање и лекување, се вклучуваат одредени служби и органи на Министерствата кои се за тоа надлежни или имаат обврски во областа на заштитата и спасување.

8. Особено значајна мерка во спроведувањето за заштита и спасување од пожари е силите за заштита и спасување првенствено да се употребуваат за спречување на ширење и гасење на пожарот.

9. По завршените активности за заштитата и спасување од пожар силите за заштита и спасување се враќаат во своите собирни пунктови и го анализираат своето учество во спроведувањето за заштита и спасување од пожари.

**в) За време на отстранување на последиците**

По завршувањето на активностите за заштита и спасување односно по локализирање на појавените пожари задолжителните субјекти пристапуваат кон отстранување на последиците предизвикани од пожари и тоа:

1. Формирање на комисија за процена на штетите и последиците

2. Во зависност од настанатите последици од пожарот се превземаат мерки за санација на подрачјето, давање неопходна помош на настраданото население, како и спроведување на здравствени и хигиенско епидемиолошки мерки.

Овие мерки и активности ги реализираат: Општината, претпријатијата, јавните установи и служби, како и соодветните служби и органи на Министерствата кои со законски акти се задолжени за спроведување на овие задачи.

## V. ПРЕГЛЕД НА ПОДРАЧЈА ЗАГРОЗЕНИ ОД ПОЖАРИ
## (карта)

- објекти и реони кои се подложни на опожарување;
- редовни и резервни мобилизациски собиралишта и места на силите за Заштита и Спасување;
- сили за Заштита и Спасување и органи и институции кои се ангажираат во заштита од пожари (со места на нивна локација);
- собирни места за повредени или настрадани граѓани;
- институции, органи и објекти кои имаат административен, политички образовен, културен и друг карактер, сместени во Општина Карпош.

## VI. АНГАЖИРАЊЕ НА СИЛИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ

За успешна интервенција и отстранување на опасностите и последиците во случај на природни непогоди и други несреќи се ангажираат сите субјекти на подрачјето на Општината.

Како посебно организирани сили кои се ангажираат на подрачјето на Општината се следните:

- Територијална противпожарна единица –Карпош;
- Универзална единица за Заштита и Спасување на Општина Карпош;
- Специјализирани единици на Дирекција за Заштита и Спасување - подрачна единица Карпош;
- Специјализирани единици на Дирекција за Заштита и Спасување –подрачна единица – Скопје;
- Месни сили за Заштита и Спасување во јавни претпријатијата, установи и служби кои имаат обврска да ги формираат;
- Центарот за управување со кризи - подрачни за Градот и Општината;
- Претпријатија за снабдување;
- Градежни и сообраќајно транспортни претпријатија;
- Здравствени установи;
- Организациите на Црвен крст и други невладини организации;

Со спроведувањето на мерките за заштита со кои се спречуваат, отстрануваат или ублажуваат непосредните последици и се обезбедува заштита на луѓето и материјалните добра на подрачјето на Општината, раководи Општискиот штаб за заштита и спасување во согласност со **Потсетниците за употреба на плановите за заштита и спасување по соодветните мерки** кои се составен дел на овој документ.

Силите за заштита и спасување на Општината се ангажираат согласно планот за заштита и спасување дел - подготвеност, мобилизација и ангажирање на силите.

Силите за заштита и спасување на Општината се опремуваат со опрема согласно Одлуката на Владата на РСМ за утврдување на личен и материјален состав.

## VII. ПРИЛОЗИ И ДОКУМЕНТИ КОН ПЛАНОТ

прилози и документи

**Прилог бр. 1** Работна карта, граници на Општината и на урбаните заедници, карактеристики и активности за мерката
**Прилог бр. 2** Процена на број на жители по урбани заедници
**Прилог бр. 3** Преглед на поставени надземни хидранти
**Прилог бр. 4** Упатство за воспоставување и одржување на ред
**Прилогбр. 5** Постапка за начин на известување на население
**Прилог бр. 6** Дневник на настанати пожари
**Прилог бр. 7** Карта на водоводна мрежа во Скопје
**Прилог бр. 8** Преглед на телефони и други податоци од лица органи, организации и институции вклучени во Заштита и Спасување

**Прилог број 2**

**Преглед**
**Број на жители по урбани и месни заедници во Општина Карпош**

| Ред. Бр. | Урбана, месна заедница | Број на жители | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** |
| 1 | Кузман Јосифовски Питу | 6733 | |
| 2 | Владо Тасевски | 4450 | |
| 3 | Тафталиџе 1 | 4262 | |
| 4 | Пецо Божиновски Кочо | 4483 | |
| 5 | Тафталиџе 2 | 4505 | |
| 6 | Нерези | 4358 | |
| 7 | Карпош 1 | 4570 | |
| 8 | Карпош 2 | 3690 | |
| 9 | Карпош 3 | 5679 | |
| 10 | Карпош 4 | 7760 | |
| 11 | Влае 1 | 3720 | |
| 12 | Влае 2 | 2781 | |
| 13 | Злокуќани | 1520 | |
| 14 | Бардовци | 1472 | |
| **15** | **ВКУПНО ЖИТЕЛИ** | **63.760** | |

**Прилог број 4**

**УПАТСТВО**
**за воспоставување и одржување на ред во настрадани зони**

Силите за заштита и спасување се ангажираат во настраданите зони од елементарни непогоди и други несреќи во зависност од дејствието, урнатини, пожари, експлозии и други несреќи, за отстранување на последиците, и спроведување на соодветни хуманитарни активности за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра.

За нивното непречено ангажирање во активностите и задачите, командата на единиците одредуваат определен број на припадници кои имаат за задача да одржуваат ред во настраданата зона.

Овие припадници на себе носат видливи белези и имаат за цел да ја заштитат загрозената зона од непредвидени упади на надворешни лица кои би можеле да предизвикаат пожари, експлозии, кражби и слични дејства со кои би ги загрозиле животите на граѓаните и припадниците на силите за заштита и спасување, како и отстранување и спречување на граѓаните да упаднат во загрозената зона каде се врши интервенција од единиците за заштита и спасување. Во објектите, зградите и сл. на влезовите се поставува лице кое го контролира влегувањето, односно излегувањето.

Градската управа за внатрешни работи ги спроведува потребните мерки на јавниот ред и безбедноста на загрозените подрачја за време на елементарни непогоди, а особено се грижи за заштита на имотот и обезбедување на местата каде што е настаната непогодата.

При вонредните состојби во Градот настанува посебен режим на сообраќајот и органите за контрола и регулирање на сообраќајот своите активности ги прилагодуваат да дадат приоритет на оние возила и правци на движење кои учествуваат во укажување на помош на загрозените и во отстранувањето на последиците. Во целиот тек на отстранување на последиците се користат расположивите средства за врски особено телефонски и радио врски, а при тоа и радио врските и другите врски на органите за внатрешни работи се ставаат во функција на заштитата и спасувањето од вонредни состојби.

Во случај на повреди на луѓето од било кои причини особено при масовни несреќи здравствените установи во градот, сите свои расположиви сили и средства ги насочуваат кон спасување на повредените настраданите лица.

Заводот за трансфузија со крв како и организацијата на Црвениот крст се грижат за спроведување на акциите и програмата за доброволно дарување на крв во Заводот се создадени услови да се чуваат одредени количини на крв и крвна плазма кои се неопходни.

При Заводот за здравствена заштита работи посебно одделение за хигиенско - епидемиолошка заштита кое ги следи состојбите на Градот и Општината за опасноста од појава на заразни болести и епидемиолошки заболувања.

За време на вонредните состојби населението се обезбедува и организирано со прехранбени и други потребни артикли. Снабдувањето на загрозените и настраданите делови од Градот ќе се извршува од оние реони кои не се зафатени со вонредната состојба или ако поголемо подрачје е зафатено, се очекува помош од соседните градови и користење на стоковите резерви на Градот и Републиката.

Во ова област особено е значајна координацијата на надлежните органи заради воспоставување соработка со производните, прометните и услужните претпријатија заради обезбедување на најнеопходните средства за живот, храна, облека, постелнина и др.

Горе наведените мерки и активности за воспоставување и одржување ред се преземаат и на собирните места утврдени од Општинскиот штаб, за прифаќање на повредените граѓани.

При воспоставување и одржување на ред во настрадани зони и изведувањето на акциите за заштитата и спасување припадниците за одржување на ред соработуваат со силите за Заштита и Спасување во претпријатијата, јавните установи и служби и со силите за Заштита и Спасување на урбаните заедници на чие подрачје се наоѓаат.

**Прилог број 5**

**Постапка за начин на известување на население (тревожење)**

**I. Тревожење**
**II. Постапка на граѓаните на даден знак за тревожење**

**I.Тревожење**

Знаците за тревожење („Службен весник на Република Македонија,, број 9/2007) преставуваат сигнали со кои се известува и тревожи населението преку инсталираните сирени од системот за тревожење.

**а. Знаци за тревожење**

Знаци за тревожење во Р. Македонија во случај на појава на опасност се:

- **знак за општа опасност**
- **знак за престанок на опасноста**

Знакот за општа опасност се емитува при појава на ризици и опасности со вклучување на сирените од системот за тревожење со непрекинат завивачки тон во траење од 60 секунди.

Знакот за престанок на опасноста се емитува при престанок на ризикот и опасноста со вклучување на сирените од системот за тревожење со едноличен тон во траење од 60 секунди.

Тревожењето го врши Центарот за управување со кризи преку Регионалните центри за управување со кризи во Општина Карпош и Градот Скопје.

**С П И С О К**

**на сирени лоцирани во Општина Карпош – Скопје**

| **Ред. бр.** | **Л О К А Ц И Ј А** | **вид** | **З А Б Е Л Е Ш К А** |
|---|---|---|---|
| 1. | 2. | 3. | 4. |
| 1. | ОУ Јан Амос Коменски | електрична | |

**Прилог број 6**

ДНЕВНИК

**за настанати пожари**

| **Ред. Бр.** | **Локација на пожар** | **Дата и час** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**Прилог број 8**

**Преглед**
**на лица, органи, организации и институции вклучени во**
**Заштита и Спасување**

| **Ред. Бр.** | **Име** | **Телефон** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 4 | 5 |
| 1 | Градоначалник<br>Сотир Лукровски | 071/351-490 | + |
| 2 | Штаб за Заштита и Спасување<br>Дејан Јонузоски | 071/368-710 | + |
| 3 | ДЗС-Карпош<br>Васко Милосиевски | 075/457-510 | + |
| 4 | РЦУК-Карпош<br>Иванка Лазаревска | 076/404-593<br>3092-941 | + |
| 5 | Полициска станица - Карпош<br>Стефан Тасевски | 070/323-468 | + |
| 6 | Црвен Крст - Карпош<br>Маре Кочовска | 070/226-136 | + |
| 7 | Мин.за земјоделство<br>Дејан Давидовски | 075/299-355 | + |
| 8 | Командир на единица<br>Ермин Шаровиќ | 078/508-687 | + |
| 9 | ЈСП - Скопје<br>Јосиф Соколовски | 075/464-858<br>022640-821 | + |
| 10 | ЈП - Водовод и канализација<br>Кирил Џонов | 071/391-266 | + |
| 11 | ЈП - Комунална хигиена<br>Марјан Здравковски | 071/273-553 | + |
| 12 | ЈП - Улици и патишта<br>Влатко Аврамовски | 070/332-766 | + |
| 13 | ЈП - Паркови и зеленило<br>Александар Антовски | 076/490-326 | + |

# ПЛАН
# ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Скопје 2026 година**

**ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ**

с о д р ж и н а :

**I. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНАТА ЗА МЕРКАТА ПОПЛАВИ**
1. Општи карактеристики
2. Население и структура на населението
3. Хидрографија
4. Метеоролошки услови
5. Сообраќајна и комунална инфраструктура
**II. ПРОЦЕНА НА ОПАСНОСТИ И ЗАГРОЗЕНОСТ ОД ПОПЛАВИ**
**III. ПОТСЕТНИК за употреба на планот за заштита од поплави**
**IV. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ**
1. Превентивни мерки за заштита и спасување од поплави
2. Оперативни мрки за заштита и спасување од поплави
а/ во непосредна опасност од поплави
б/ за време на траење на опасноста од поплави
в/ за време на одстранување на последиците од поплавите
**V. ПРЕГЛЕД НА ПОДРАЧЈА ЗАГРОЗЕНИ ОД ПОПЛАВА (карта)**
- реони кои се подложни на поплава
- собирни пунктови за граѓаните зафатени од поплава
- редовни и резервни мобилизациски собиралишта и места
- сили за Заштита и Спасување и органи и институции кои се ангажираат во заштита од поплави (со места на нивна локација)
- институции и органи кои имаат административен, политички образовен, културен и друг карактер, сместени во Општината
**VI. АНГАЖИРАЊЕ НА СИЛИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОПЛАВИ**

## VII. ПРИЛОЗИ И ДОКУМЕНТИ КОН ПЛАНОТ

- прилози и документти

**Прилог бр. 1** Работна карта - граници на Општината и на урбаните заедници, карактеристики и активности за мерката
**Прилог бр. 2** Карта на водоводна мрежа во Скопје
**Прилог бр. 3** Карта на канализациона мрежа во Скопје
**Прилог бр. 4** Испусти за фекална и атмосферска канализација
**Прилог бр. 5** Постапка за начин на известување на население
**Прилог бр. 6** Упатство за воспоставување и одржување ред
**Прилог бр. 7** Упатство за постапка на граѓани во загрозено подрачје
**Прилог бр. 8** Процена на број на жители по урбани заедници
**Прилог бр. 9** Процена на број на жители за евакуација
**Прилог бр.10** Објекти за сместување на евакуирано население
**Прилог бр.11** Преглед на телефони, адреси и други податоци од лица органи, организации и институции вклучени во Заштита и Спасување.

## I. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА

## 1. ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА НА ОПШТИНА КАРПОШ

Општина Карпош е Скопска општина и се наоѓа лоцирана во западниот дел од градот Скопје, а зафаќа еден дел и од централно градско подрачје. Нејзината вкупна површина изнесува 105 км2 и таа е втора по големина општина во Скопје. Овде влегуваат руралните населби Бардовци и Горно Нерези, како и урбаната зона Скопје-Карпош. Последната поделена е уште на неколку урбани единици, како што се: Карпош 1, Карпош 2, Карпош 3, Карпош 4, Влае и др. Просечната надморска височина изнесува 362 м. Според најновата територијална организација, кон урбаниот дел на Општината Карпош се припоени населбите Влае, Долно Нерези и Злокуќани.
Границата на Општина Карпош започнува од железничкиот мост на реката Лепенец и се движи по границата со Општина Ѓорче Петров, до локалитетот Лака на реката Вардар, продолжува по надворешните граници на катастарските општини КО Горно Нерези, КО Горно Водно, односно по сртот на планината Водно до месноста Теферич, свртува на северозапад до над Институтот за земјотресно инжинерство и Инжинерската сеизмологија ИЗИИС, продолжува по проектираната јужна обиколница на Градот Скопје до улицата 550, свртува по неа до раскрсницата со улицата Козле, оди по улицата Козле до крстосницата со проектираната улица која поминува меѓу населбите Козле и Капиштец и излегува на крстосницата на улиците Теодосие Гологанов и Рузвелтова, продолжува по улицата Рузвелтова, ги сече булеварот Партизански одреди и улицата Илинденска, продолжува по пешачката улица меѓу Зоолошката градина и првиот дел на Градскиот парк, минува преку пешачкиот мост на реката Вардар, свртува спротивно по реката Вардар, излегува на булеварот Никола Карев, свртува на исток по булеварот Никола Карев, до влезот на касарната Илинден, продолжува по источната ограда на касарната, потоа по новата улица “Словеначка” што води од крстосницата на улиците

Втора македонска бригада и Македонско-косовска бригада до магистралниот пат Скопје – Блаце, продолжува по надворешните граници на КО Злокуќани и КО Бардовци до реката Лепенец и по реката Лепенец до мостот на железничката пруга.

## 2. НАСЕЛЕНИЕ И НАСЕЛБИ

Вкупниот број на жители изнесува 63.760 со што се наоѓа на четвртото место во Скопје. Густината на населеност изнесува 570 жители на еден км2, со што се наоѓа на претпоследното, деветто место во Скопје. Најголемиот број живеат во урбаната зона Скопје-Карпош, односно 63.760 или 97%. Во Бардовци живеат 1.472 жители, или 2,46%, а во Горно Нерези само 314 жители или 0,52%. Просечната густина на населеност изнесува 570 жители на еден км2, така што таа е една од најретко населените во Градот Скопје, и се наоѓа на деветтото место.

Во однос на националната припадност 88,52%, или 52.943 жители, се Македонци; 3,67% или 2.195 жители се Срби; 3,26% или 1.952 жители, се Албанци итн.

Оваа Општина слично како и Општина Аеродром, претежно е наменета за живеење, а бројот на стопанските и другите објекти, не сметајќи го хотелот "Александар Палас", е незначителен.

### БРОЈ НА ЖИТЕЛИ ВО ОПШТИНАТА КАРПОШ ВО ОБЛИЦИТЕ НА МЕСНАТА САМОУПРАВА

| | | |
|---|---|---|
| 1. | "Кузман Ј. Питу" | 6733 |
| 2. | "Владо Тасевски" | 4450 |
| 3. | "Тафталице 1" | 4262 |
| 4. | "Пецо Б. Кочо" | 4483 |
| 5. | "Тафталице 2" | 4505 |
| 6. | "Нерези" | 4358 |
| 7. | "Карпош 1" | 4570 |
| 8. | "Карпош 2" | 3690 |
| 9. | "Карпош 3" | 5679 |
| 10. | "Карпош 4" | 7760 |
| 11. | "Влае 1" | 3720 |
| 12. | "Влае 2" | 2781 |
| 13. | "Злокуќани" | 1520 |
| 14. | "Бардовци" | 1472 |
| | **ВКУПНО ЖИТЕЛИ:** | **63,760** |

## 3. ХИДРОГРАФИЈА

На подрачјето на Општина Карпош, течат следните реки и водотеци:

- дел одреката Вардар во должина од околу 4000 м;
- реката Лепенец на дел од Општината со околу 2000 м.;
- реката Серава со околу 1000 м.;
- неколку канали од Водно со должина од повеќе километри ;
- подземни води кои се на длабочина под 10 м.

Каналската мрежа се состои од посебни канали за одводување на атмосферските и фекалните води. Атмосфереските и фекалните води се слеваат во реката Вардар.

Реката Вардар низ Скопската котлина поминува во должина од околу 55 км, широчината од 40 до 80 метри, а длабочината од 1,2-2,5 метри, средна брзина на водата 2м/с, а при максимален водостој и до 3,5 м/с.

Поради честите поплави во Скопје и Скопската котлина на коритото на р.Вардар на градскиот потег (устие Треска – нас. Влае - нас. Аеродром) извршени се одделни регулациони зафати за заштита од поплави, односно извршена е регулација на коритото со должина од 12,05 км..

Коритото на реката Серава во делот на Општина е целосно е регулирано

Реката Вардар ја дели Општината на два дела, едниот и другиот дел се поврзани со мостови од кои два служат за само премин на пешаци а другите се за целокупниот сообраќај во Општината и Градот Скопје.

## 4. МЕТЕРОЛОШКИ УСЛОВИ

На подрачјето на Општина Карпош климата е умерено-континентална. Оттаму произлегуваат и две поизразени годишни времиња студена (континентална) и влажна (медитеранска) зима и суво и топло лето.

Дуваат три видови на ветрови, Повардарец, Југо и ветерот од северозапад.

Температурите во летниот период достигнуваат и до +45 º C, а во зимскиот период може да достигнат и до – 25 º C.

Врнежите го достигнуваат својот максимум во декември 555 мм/м2 и во мај 521 мм/м2.

Снежните врнежи се најголеми во месец декември и јануари и може да достигнат и до 50 см.

Маглата е најприсутна во есенските и пролетните месеци и тоа во Скопската котлина, просечно околу 72 дена.

## 5. СООБРАЌАЈНА МРЕЖА И КУМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Подрачјето на Општина Карпош во поглед на орографските карактеристики претставува претежно рамничарска површина, но тука е и дел од планината Водно, како и височината Зајчев рид.
Општината со Градот и со соседните општини се поврзува со булевари, а дел со поголеми локални улици и тоа:
-Бул.”Партизански одреди”
-Бул.”8-ми Септември”
-Бул.”Илинден”
-ул.”Митрополит Теодосие Гологанов”
-ул.”Рузвелтова”
-ул.”Ацо Шопов”
-ул.”Скупи”
-ул.”Словенечка”
-ул.”Орце Николов”
-ул.”Никола Карев”
-ул.”Московска”
-ул.”Трнодол”
-ул.”Жданец”
-Пат за Горно Нерези
-Пат за с.Бардовци
-ул.”Адолф Циберовски”
и други локални улици што се наоѓаат на територија на Општина Карпош како и регионалниот пат Скопје-Блаце.
На подрачјето на Општина Карпош исто така се наоѓаат и неколку мостови и тоа:
-Мост ”Обединети нации”
-Мост ”Железнички мост”
-Мост на бул.”8-ми септември”
-Мост на река Лепенец
-Мост ”Газела”
-Надвозник ”Влајко”

Комуналната инфраструктура во Општината е развиена и овозможува снабдување со вода, електрична енергија, парно затоплување, ПТТ сообраќај и дистрибуирање на отпадни, фекални и атомсферски води.

## II. ПРОЦЕНА НА ОПАСНОСТИ И ЗАГРОЗЕНОСТ ОД ПОПЛАВИ

Реката Вардар е најголема река во Република Македонија и воедно реципиент во кој се сливаат поголем дел од водотеците (притоките) во Републиката. Сливната површина до Градот Скопје изнесува Ф = 4625 км2. Во Градот Скопје реката Вардар ги прима десната притока Треска и левите притоки Лепенец и Серава.

Појава на големи води и опасноста од поплави на подрачјето на Општина Карпош се должи на долготрајни едновремени врнежи во реоните на сливовите на реките Вардар, Треска и Лепенец, како и совпаѓањето на поплавните бранови на овие реки. Степенот на опасноста зависи од интензитетот на дождовите, времетраењето и коинциденцијата на трите брани, како и времето кога тие се појавуваат.

Поплавите во летниот период се од пороен карактер и со голем интензитет при што зафаќаат помали подрачја но со големи штети. Во зимскиот период се појавуваат поплави пред се, поради брзото топење на снегот и врнење на дожд, но со помали штети.

Од досегашните направени согледувања и добиени податоци може да се заклучи дека скоро сите реки и водотеци вклучувајќи ја и реката Вардар имаат пороен карактер со што заштитата и спасувањето од поплави ја прават сложена и специфична.

Поради честите поплави во Скопската котлина изградени се повеќе водостопански објекти, а по поплавата од 1962 година, е пристапено кон организирано уредување на коритото на реката Вардар и неговите притоки. Коритото на реката Вардар по целиот тек низ Општината е регулирана, а истото се однесува и за реката Серава.

За успешно спроведување на мерката заштита и спасување од поплави од особено значење е прогнозите и проценките на очекуваните големи води. Од ова произлегува дека хидро-метеоролошката служба мора да обезбедува сигурни и точни информации за порастот на протокот во речните корита и за врнежите по целиот речен слив.

Ако се служиме со хидро-метеоролошките краткорочни прогнози, тогаш за секоја конкретна метеоролошка и хидролошка состојба можат да се добијат информации за очекуваните големи води. Оваа специфичност на големите води како природна стихија, овозможува да се превземат одредени мерки за активна одбрана и заштита. Ако се располага и со доволни информации за транспортната способност на речната мрежа во загрозеното подрачје, тогаш со помош на прогностичките информации можат активностите да се усмерат на критичните места и во таков обем што може да биде доволно ефикасен за да ги спречи или пак ублажи последиците од големите води.

Активностите што се однесуваат на организацијата за заштитата и спасување од поплави се во зависност од големината на порастот и протокот на реките. Од досегашните искуства поврзани со поплавите во Скопје, а врз осноа на анализите, проектите и елаборатите изработени во Градот Скопје за оваа проблематика во изминатиот период се проценува дека заштитата од поплави треба да се организира во зависност од фазите на опасности од поплави кои можат да се предвидат и тоа:

- **Прва фаза**, започнува веднаш кога во реките има зголемен проток на води во коритото на реката Вардар, а според временските прогнози се очекува водостојот да расте;

- **Втора фаза**, започнува кога водостојот достигне критично ниво за излевање на водата во одделни реони и плавни подрачја, а во исто време се очекува натамошно зголемување на водостојот и постои опасност на излевање од речните корита;

- **Трета фаза**, започнува кога водостојот го надмине критичното ниво за излевање на водите или кога се испуштаат поголеми количини на вода од акумулацијата на ХЕ Матка;

- **Четврта фаза**, започнува кога се очекува надоаѓање на катастрофални води или уривање на браната Матка.

Прогласувањето на поедини фази за заштита од поплави се условува од големината на протокот на реките Вардар, Треска и Лепенец и е во зависност од степенот на опасноста, а прогласувањето го врши надлежен орган во Општината Карпош, Градот Скопје или Републиката.

Евакуацијата на граѓаните во Општината Карпош ќе се врши кон јужниот дел на Општината под падините на Водно. Во плановите за реализација на евакуацијата ќе бидат конкретизирани правците на движење, локациските места, собирните пунктови по урбани заедници и други мерки и активности за успешно извршување на евакуацијата на населението.

Со изградба на браната “Козјак” можноста за појава на енормно големи води е сведена на минимум, бидејќи реката Треска учествува со околу 60% на големите води во Градот Скопје, Браната Козјак ќе го акумулира врвот на поплавниот бран од реката Треска испуштајќи подоцна значително помали количини вода.

Загрозеност од поплави при уривање на високите брани производството на електричната енергија, водостопанството, туризмот и сл. но и браните особено високите преставуваат голема опасност, имајќи предвид дека при нивното уривање би биле предизвикани големи последици кај населението и материјалните добра.

Браната “Матка” е изградена на реката “Треска” на излезот од кањонот на 14 км. од Скопје. Заради подобро приспособување на браната кон теренските услови, браната е лачна-армирано-бетонска. Висината на браната е 29,5м. а должината во круната на браната е 64м. Акумулацијата на браната има вкупно зафатнина од 3,55 милиони кубни метри, а корисната зафатнина изнесува 2,60 милиони метри кубни вода. Во случај на рушење на браната “Матка” директно на удар на поплавниот бран низводно се изложени голем број на населени места и објекти како и Градот Скопје со приградските населби, а би биле поплавени урбаните заедници утврдени како подрачја за евакуација во четвртата фаза на одбрана од поплави.

Од рушењето на браните може да бидат предизвикани големи штети и тоа пред се на загрозување на животите на луѓето како и онеспособување на многу стопански и други објекти како и оштетување на улици и патишта во Општината.

Имајќи ја предвид целокупната состојба со високите брани, а со цел да се избегнат, односно намалат последиците од евентуално рушење или прелевање на браната потребно е надлежните државни органи на управата и субјектите кои стопанисуваат со високите брани, во рамките на своите надлежности за безбедност на браните доследно

да се придржуваат на прописите и мерките утврдени со закони и други подзаконски акти. Особено значајно е обуката и запознавањето на населението со знаците за опасност од уривање на брана како и со мерките и постапките за заштита и евакуација.
Мерките за заштита и спасување предвидени во поглавието загрозеност од поплави се однесуваат и за заштитата и спасување во услови на рушење на високи брани.
Во иднина поплавни бранови можат да се очекуваат од горниот тек на реката Вардар до Скопје, како и реката Лепенец во целиот нејзин тек во Република Македонија се до вливот во реката Вардар.
Реката Серава исто така се излева при протек од 15-20 м3/сек. поради речното корито зараснато со вегетација и фрлање на шут и отпад во речното корито со што се смалува неговата пропусна моќ.
Истото важи и за каналите од Водно кои се зарастени со вегетација и отпад и за кои е потребно редовно прочистување.

## III. ПОТСЕТНИЦИ ЗА ЗАДАЧИТЕ НА СИЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО ИЗВРШУВАЊЕ НА ПЛАНОВИТЕ ПО МЕРКИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

### 1. Општински штаб за заштита и спасување

Општинскиот штаб заради успешно реализирање овој план покрај другото ги врши и следните активности:
- врши процена на заштита и спасување на луѓето и материјални добра;
- ги утврдува мерките за заштита и спасување на населението и
- ги утврдува собирните места за прифаќање на повредените граѓани;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
материјалните добра при опасност и настанување на природни непогоди;
- раководи си силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување;
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организааци вклучени во мерката заштита од пожари;
- доколку размерот на опасностите од поплави се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, Општинскиот штаб дава предлог до Градоначалникот на Општината да се бара помош од Регионалниот, Републичкиот штаб или соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општина Карпош;
- воспоставува посебна соработка со државните органи и организации, службите и претпријатијата чија дејност е непосредно е сврзана со задачите од заштита од пожари;
- соработува со Црвен крст на РСМ – Општинска Организација на Црвен крст - Карпош;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, Општинскиот штаб за Заштита и Спасување го исвестува Градначалникот и Советот на Општината при што за одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;
- обезбедува услови за ефикасно и благовремено известување за опасностите, и акциите за заштита и спасување, особено преку Центрите за управување со кризи во Општината и Градот;
- донесува Упатства за мерки, задачи, активност и носители за воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја.

**Командант на Општински штаб за заштита и спасување**

Командантот на Општинскиот штаб заради успешно реализирање на плановите за Заштита и Спасување покрај другото ги врши и следните активности:
- раководи со штабот и преку него со акциите за заштита и спасување;
- врши конкретна процена на состојбата од настанатата природна непогода која ја предлага на штабот;
- предлага мерките за заштита и спасување на населението и материјалните добра од настанатата природна непогода;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
- издава наредба за упатување на единиците за Заштита и Спасување на местото на почетокот на нивното дејствување;
- ги следи активностите на силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување и ја оценува нивната успешност односно неуспешност;
- соработува со Регионалниот, Градскиот и Републичкиот штаб за заштита и спасување и со штабовите за заштита и спасување на соседните општини
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организааци вклучени во мерката заштита и спасување;
- доколку размерот на опасностите од пожари се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, до Општинскиот штаб дава предлог, преку Градоначалникот на Општината да се бара помош од Регионалниот, Републичкиот штаб или од соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општината Карпош;
- соработува со државните органи и организации, службите и претпријатијата чија дејност е непосредно е сврзана со задачите од заштита и спасување;
- соработува со Црвен крст на РСМ – Општинска Организација на Црвен крст - Карпош;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, го исвестува Општинскиот штаб за Заштита и Спасување, Градоначалникот и Советот на Општината при што за одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;
- за ефикасно и благовремено организирање, раководење, известување за опасностите и акциите за заштита и спасување, ги користи постојните мирновременски врски, средствата за јавно информирање и известување курирските врски на Штабот и на Општината и Градот во целина, а особено Центрите за управување со кризи во Општината и Градот;
- изготвува или донесува Упатство за мерки, задачи, активност и носители за воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја.

- врши и други задачи и активности кои се во функција за успешно спроведување на мерките за заштита и спасување согласно состојбите на теренот.

**Началник на Општински штаб за заштита и спасување**

- учествува во проценување на подготвеноста на силите за Заштита и Спасување за дејство во отстранување на последиците од појавената опасност;
- ги спроведува наредбите на Командантот и на Општинскиот штаб;
- го организира воспоставувањето на врските со силите за Заштита и Спасување и Штабот;
- ја спроведува наредба за проверка на пополнетоста на Штабот и единицата со воени обврзници и материјално-технички средства;
- по можност извршува кратка обука со единиците заради поефикасно користење на материјално-техничките средства;

- ја спроведува наредба за упатување на единиците за Заштита и Сппасување на местото на почетокот на нивните зафати и нивно извршување;
- во случај на настанување на проблеми во извршување на задачите на штабот или единиците се ангажира за нивно разрешување;
- ја следи активноста на единиците за заштита и спасување и по потреба предлага нови мерки и задачи;
- учествува во изготвување на информации за преземаните активности;
- учествува во изготвувањето на наредби, одлуки и други акти;
- соработува со началниците на штабовите за заштита и спасување на Регионалниот, Републичкиот, Градскиот и Општинските штабови за заштита и спасување на соседните општини;
- во отсатност на командантот ги презема сите негови надлежности.

**Помошници на Началникот за мерките за кои се задолжени**

- во зависност од наредбата, а согласно моменталната состојба на теренот за потребите на силите за Заштита и Спасување врши организација за обезбедување на неопходни материјално - технички средства;
- ја спроведуваат Наредбата за упатување на единиците за заштита и спасување на местото на почетокот на нивното ангажирање;
- непосредно соработува и им пружа помош на раководниот кадар на единиците за заштита и спасување со кои располага општината.
- го организираат и го пратат воспоставувањето на врските со одделението за заштита и спасување и штабот;
- го пратат движењето на единиците во правецот на дејствување, односно нејзиното ангажирање во отстранување на последиците и по потреба предлага дали е потребна помош од други единици;

- ја организира и следи состојбата во собирните места за прифаќање на повредените и го прати транспортот на повредените до собирните места односно до здравствените установи;
- ја организира и следи состојбата во собирните места за прифаќање на евакуираните граѓани од опожарените подрачја;
- ги организира и спроведува Упатствата донесени од Општинскиот штаб;
- изготвува информации за преземените активности;
- врши и други работи и задачи кои ги добива од командантот односно штабот за заштита и спасување.

## IV. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ

### 1. Превентивни мерки за заштита и спасување од поплави

Основна заштита од хидролошките непогоди се состои во воспоставување на контрола на режимот на водите и нивниот квалитет и создавање услови за ефикасно управување со водите.

Контролата врз режимот на водата спаѓа во превентивните мерки со која се врши следење на хидрометеоролошките појави и нивниот развој, одредување на режимот и квалитетот на водите и особено појава на можна хидролошка непогода.

За таа цел неопходно е воспоставување на современ хидролошки мониторинг систем преку кој брзо ќе се добиваат информации за хидрометеоролошката состојба во одредени региони, со што се овозможува изготвување на прецизни прогнози за можни хидролошки непогоди.

Тргнувајќи од фактот дека поплавата како елементарна појава зафаќа подрачје на повеќе општини, односно и региони, во функција на спроведување на превентивните

мерки и активности сите задолжителни субјекти (јавни претпријатија, установи, институции, претпријатија кои стопанисуваат со водите и објектите и други) во општинита, Градот Скопје и Републиката ги превземаат следните мерки и активности:
- се определуваат водостопански, електростопански, хидрометеоро-лошки и други објекти постројки што можат да послужат во заштитата и спасувањето од поплави и се прецизира нивната улога и функција, се означуваат нивните локации и правните субјекти кои управуваат со нив;
- се определуваат местата каде најчесто се јавуват излевања на водата од коритото на реката Вардар и за тие места се предвидуваат најпотребни хидротехнички и други заштитни работи и мерки за брзо спроведување на излевањето;
- редовно одржување на речните корита и одводните канали и нивно редовно чистење и одстранување на прекумерна развиена вегетација;
- проверка на оштетувањата на облогите на регулациите;
- забрана за фрлање на ѓубре, шут и отпадоци во коритото на реката Вардар и неконтролирано користење на песок од речниото корито;
- јавните претпријатија и организации а особено Водовод Канализација, Топлификација, Електростопанство, Телекомуникации и сите други кои стопанисуваат или ги користат водостопанските објекти треба да имаат свои согледувања за отежнатите услови на функционирање на нивните инсталации и уреди во услови на поплави и да ги дефинираат однапред критичните места и да утврдат соодветни решенија и мерки кои ќе се превземаат од нивна страна како алтернативни решениа и слично.

Заштитната функција на акумулациите е во интервентно регулирање на истекувањето во зависност од хидролошката состојба во загрозеното подрачје. За да се намалат последиците од поплавниот талас при делумно или целосно рушење на браните на хидроакомулациите Козјак и Матка, потребно е да се превземат следните превентивни мерки:
- преку системот за наблудување и тревожење односно Центарот за управување со кризи да се обезбеди навремено известување на населението на потенцијалното загрозено подрачје, а заради навремено евакуирање на населението од загрозеното подрачје;

- непосредно техничко набљудување и контрола на браните од стручните служби на хидросистемите и со помош на инсталираните уреди на браната;
- намалување на нивото на водата на акумулациите, а со тоа и ризикот за големината на поплавниот бран;
- намалување на водите на реката Треска до браната Матка со регулирање на испустот на браната.

## 2. Оперативни мерки за заштита и спасување од поплави

Управувањето со расположивите водени површини спаѓа во оперативни мерки кои директно влијаат врз режимот на водените ресурси како од аспект на заштите од хидролошки непогоди така и во смисол на прераспоредување на водените количини и нивното рационално искористување.

Задолжителните субјекти за спровдување на заштитата и спасувањето од поплави во рамките на оперативните функции спроведуваат мерки и активности во случај на;

**а) во непосредна опасност од поплава;**
**б) за време траење на опасноста;**
**в) за време на одстранување на последици од опасноста.**

**а) Во непосредна опасност од поплава**

Задолжените субјекти за спроведување на заштита и спасување од поплави во рамките на оперативните функции спроведуваат активности и мерки во случај на непосредна опасност, од како надлежен орган ќе утврди и извести за постоење на можност за настанување на непосредна опасност. Во таков случај надлежните и одговорни лица во задолжителните субјекти ја зголемуваат готовноста за спроведување на заштита и спасување од поплави, при што посебно внимание посветува на следните мерки;

- Општинскиот штаб за заштита и спасување воведува дежурство, ја следи ситуацијата и донесува соодветни решенија;
- се воспоставуваат и активираат врските помеѓу силите за заштита и Центарот за управување со кризи;
- со штабовите за заштита и спасување во јавните претпријатија, установи и служби и урбаните заедници се утврдуваат задачите за нивно учество во спроведувањето на мерките за заштита од поплави;
- се воспоставува соработка за содејство со сите организации, органи, служби, претпријатија и др. Од Општината, Градот и Републиката чија дејност е непосредно сврзана со задачите за заштита од поплави;
- се прави процена кои урбани заедници односно колку граѓани би били зафатени од поплавниот бран;
- се активираат собирните пунктови за настраданите граѓани и објектите за сместување на евакуирано население;
- штабот и другите надлежни органи во Општината превземаат и други активности и мерки на соодветно настаната сосотојба на теренот;
- се утврдуваат водостоите и протоците на водата во водотоците и во акумулациите и се прогласува состојба на непосредна опасност од поплави;
- се следи и известува за промените на водотеците и нивоата на акумулациите на одредени профили, односно места;
- се утврдува начинот на извршување функцијата на објектите и постројките кои служат за заштита и спасување од поплави;
- се отстрануваат објектите и сите други предмети што го попречуваат
течењето на надојдените води.

**б) за време траење на опасноста**

За време на траењето на опасноста од поплава, задолжените субјекти за спроведување на заштитата и спасувањето од поплави ги превземаат следните активности:
- Општинскиот штаб за заштита и спасување воведува дежурство, ја следи ситуацијата и донесува соодветни решенија;
- ги насочуваат и координираат самозаштитните активности на населението и ги мобилизираат силите за заштита и спасување;
- се воспоставуваат и активираат врските помеѓу силите за заштита и Центарот за управување со кризи;
- со штабовите за заштита и спасување во јавните претпријатија, установи и служби и урбаните заедници се утврдуваат задачите за нивно учество во спроведувањето на мерките за заштита од поплави;
- се воспоставува соработка за содејство со сите организации, органи, служби, претпријатија и др. од Општината, Градот и Републиката чија дејност е непосредно сврзана со задачите за заштита од поплави;
- во зависност од водостојот, односно количината на водата што може да се излее надвор од коритото на реката Вардар, се превземаат активности и мерки за спроведување на заштитата и спасувањето од поплава и се врши евакуација на населението и матријалните добра од загрозеното подраче;
- во поплавените подрачја на општината се обезбедува премин и превоз преку вода, спасување на загрозени луѓе на вода и под вода, црпење на вода од поплавените објекти и извлекување на удавените;
- за време на опасност од рушење на брани се врши навремено информирање на населението во загрозените подрачја на општината, се спроведува евакуација на населението и материјалните добра;
- донесува упатство за одржување ред во настрадани зони од;
- донесува Упатство за постапка на граѓани во загрозено подрачје
- задолжените субјекти вршат обезбедување на населението и материјалните добра во поплавените подрачја;
- се превземаат и други мерки и активности за поуспешна заштита од поплави.

Активностите што се однесуваат на организацијата за заштита и спасување од поплави се во зависност од големината на порастот протокот на реките. Од досегашните искуства поврзани со поплавите во Скопје а врз основа на Студијата за последиците од поплавниот бран настанат со евентално рушење на браната Матка и други, анализите и документи изработени во Градот Скопје за оваа проблематика во изминатиот период се проценува дека заштитата од поплави треба да се организира во зависност од фазите на опасности од поплави кои можат да се предвидат и тоа во четири фази:

**прва фаза**

Прва фаза, започнува кога во реките има зголемен проток на води во коритото на реката Вардар, а според временските прогнози се очекува водостојот да расте. Во оваа фаза се превземаат следните мерки:
- се воведува дежурство со едно лице во Општинскиот штаб за заштита и спасување, кое е во постојан контакт со командантот, началникот и останатите членови на штабот;
- членовите на штабот се информираат за состојбата и за нивно натамошно ангажирање;
- преку Центарот за управување со кризи се бараат информации од Републичкиот хидрометеоролошки завод за состојбата за очекуваниот пораст на протокот на реката Вардар.

**втора фаза**

Втора фаза започнува кога водостојот достигне критично ниво за излевање на водата во одделни реони и плавни подрачја, а во исто време се очекува натамошно зголемување на водостојот, и постои опасност за излевање од речните корита. Во оваа фаза се превземаат следните мерки:
- Се свикува Општинскиот штаб за заштита и спасување во полн состав. Штабот ја следи состојбата (со помош на соодветни стручни служби) и донесува решенија за натамошни активности;
- во Општинскиот штаб се задолжува лице кое ќе води книга за состојбата, во која се регистрираат сите информации што се добиваат;
- хидрометеоролошката служба обезбедува сигурни информации за очекуваниот пораст на протокот на речните корита и за врнежите во целиот речен слив;
- надлежните органи, организации институции и други кои се задолжени за одржување на речните корита ги ставаат во готовност вработените и механизацијата, а на критичните потези се воведуваат екипи за следење на водостојот, а особено за контрола на насипите.

**трета фаза**

Трета фаза, започнува кога водостојот го надмине критичното ниво за излевање на водите или кога се испуштаат поголеми количини на вода од акумулацијата на ХЕ „Матка„. Во оваа фаза се превземаат следните мерки:
- општинскиот штаб е активен во полн состав, ја следи ситуацијата на терен и донесува решенија за акции;
- евиденцијата и активностите за состојбата на речното корито на реката Вардар се проширува со активности во целото загрозено подрачје;
- надлежните органи, организации институции и други кои се задолжени за одржување на речните корита и водостопанските објекти ги активираат вработените и механизацијата на критичните места според развојот на ситуацијата;
- сите активности на хидрометеоролошкиот завод и на Центрите за управување со кризи се вршат со поголем интензитет во доставување на потребните информации и податоци.

**четврта фаза**

Четврта фаза, започнува кога се очекува надоаѓање на катастрофални води кои можат да предизвикаат пробивање на одбранбените насипи при поголем водостој или ако престои опасност од уривање на браната „Матка„.
Во оваа фаза се превземаат следните мерки:
- се прогласува вонредна состојба и се дава звучен сигнал за опасност од поплави преку ЦУК и други средства за информирање;
- општинскиот штаб е активен во полн состав и ги става во мобилна состојба своите сили и другите органи кои преземаат мерки согласно своите планови во областа за која работат;
- се активираат собирните места за настраданите граѓани од кои понатака се врши евакуација на населението;
- во ова фаза се превземаат брз и ефикасни мерки за евакуација на неспособното население, населението и материјалните добра;
- за извршување на евакуацијата треба да бидат ангажирани во прв ред приватните превозни средства на загрозеното население, превозните средства на работни организации и институции од подрачјето и превозните средства на јавниот сообраќај;
- при евакуацијата од загрозеното подрачје треба да се води сметка прво да се евакуираат децата, болните и повозрасното население, а од останатите да се бара нивно активно вклучување во укажување помош и евакуација на настраданите;
- поради можноста за појава на разни заболувања па и појава на епидемии во оваа фаза потребно е да се зголемат мерките и активностите на организациите и институциите од областа на здравството;
- преку средствата за јавно информирање да се даваат информации и инструкции наменети за населението од загрозените подрачја.

Со акциите за заштита и спасување раководи Градоначалникот на Општината преку Општинскиот штаб за заштита и спасување и другите органи и организации во Општината.

Од другите организирани сили во акциите за заштита и спасување од полава ќе бидат вклучени силите на подрачните единица за заштита и спасување на Карпош и градот Скопје, соодветните органи и институции на Министерствата на Република Северна Македонија како и општествените и невладините организации во Општина Карпош и градот Скопје.

**Собирни места за прифаќање на граѓаните - повредените**

Во зависност од поплавниот бран, местоположбата на настанување, на поплавата, последиците од истата и потребите за давање на прва помош и неопходно згрижување или евакуирање на населението се определуваат собирни места за прифаќање на граѓаните и тоа:

1. **Собирно место Козле** (дворно место и просториите на ООУ ”Владо Тасевски” и ЈУОДГ“Пролет“) Во ова собирно место ќе бидат прифаќани граѓаните од УЗ Карпош 4, УЗ Тафталиџе 2 и УЗ Влае 2;

2. **Собирно место К.Ј.Питу** (дворните места и просториите на СУГС ”Лазар Танев“)Во ова собирно место ќе бидат прифаќани граѓаните од УЗ Карпош 1, УЗ Карпош 2, УЗ Карпош 3, УЗ Тафталиџе 1,

3. **Собирно место Зајчев рид** (локација, дворното место и просториите на Р.Х.М.З-Скопје). Во ова собирно место ќе бидат прифаќани граѓаните од УЗ Злокуќани и УЗ Влае 1;

4. **Собирно место Бардовци** (локација, во кругот на Црквата ”Св.Тројца“). Во ова собирно место ќе бидат прифаќани граѓаните од МЗ Бардовци.

**Правци на движење до собирни места:** Правците на движење за доаѓање и транспорт на повредените до собирните места и до најблиските здравствени установи ќе бидат во согласност со проодноста и близината на улиците по кои треба да се движат или транспортираат повредените, а во основа правците би биле следните:

- од УЗ Влае 2 граѓаните ќе се евакуираат по улицата ”Адолф Циберовски“ преку Железничкиот мост и по улицата ”Козле“ до ООУ ”Владо Тасевски“ и ЈУОДГ ”Пролет“, исто така граѓаните од УЗ Карпош 4 и УЗ Тафталиџе 2 по улицата ”Московска“ и ”Митрополит Теодосиј Гологанов“ се упатуваат кон собирното место Козле;

- од УЗ Карпош 1, УЗ Карпош 2, УЗ Карпош 3, УЗ Тафталиџе 1 граѓаните ќе се евакуираат по улиците Бул.”Партизански одреди“, Бул.”8-ми Септември“, улицата ”Козле“ па се до собирното место К.Ј.Питу;

- од УЗ Влае 1 ќе се евакуираат граѓаните по улицата ”Ацо Шопов“ преку мостот на реката Лепенец продолжувајќи по улицата ”Скупи“ каде ќе се приклучат на граѓаните од УЗ Злокуќани кон собирното место Зајчев рид;

- од МЗ Бардовци граѓаните ќе се евакуираат по локалните улици до собирното место Бардовци.

**Транспортни средства:** За транспортирање на повредените ќе се користат сите превозни средства на единиците за Заштита и Спасување, а по потреба ќе се бара помош од здравствените установи, додека за полесно повредените ќе се бара превоз од ЈСП Скопје.

За да евакуацијата биде успешно извршена потребно е превземање на превентивни мерки како што е: запознавање на населението со звучниот сигнал за опасност од елементарни непогоди преку системот за известување и тревожење на град Скопје.
На собирните места ќе бидат ангажирани, одделение за ПМП од Универзалната единица, екипи на Црвен крст а по потреба и одделение за ПМП од подрачните специјализирани единици.

**в) за време на одстранување на последици од поплавата**

По поминувањето на максималниот проток на бранот на големите води започнува опаѓањето на нивото на водата во речната мрежа и постепено се создават услови и за повлекување на излеаните води во реката Вардар, а со
тоа се создаваат услови за одстранување на последиците во загрозените подрачја.

Главните активности што треба да се вршат во поплавеното подрачје по повлекувањето на водата се следни:
- воспоставување на сообраќајни врски во поплавеното подрачје, односно оспособување на сообраќајната мрежа во Општината;
- обезбедување на квалитетна вода за пиење и вршење на анализа на квалитетот на водата за пиење во поплавените подрачја;
- отстранување на дефектите и оспособување на електроенергетската, топловодната, телефонската и другите мрежи;
- спроведување на здравствени и хигиенско- епидемиолошки мерки;
- Формирање на комисија за процена на штетите од поплави, која треба да изврши попис и оцена на настанатите штети.

Отстранување на настанатите последици во загрозените подрачја ќе ги врши Општината, Градот претпријатијата, јавните установи и служби и надлежните републички органи кои со законски акти се задолжени за спроведување на овие задачи, вклучувајќи го целокупното работоспособно население.

**3. Снежни намети и лавини**

Превентивни мерки за заштита од снежни намети и лавини

Намалувањето на штетните влијанија од снежните врнежи , намети , лавини или луњи, како и намалување или отстранување на последиците може да се обезбеди со вградување на мерките за заштита и спасување и нивно целосно имплементирање во оперативните планови за заштита од снег и снежни намети кои треба да ги донесе секој орган или организација за своите простори, објекти и инсталации.

За зимско одржување на улиците во Општина Карпош се изработува посебна оперативна програма со која е предвидено да се врши интервенција за посолување и попесочување и расчистување на сообраќајници и да се врши чистење на снегот од паркиралишта, плоштадите, приодите до јавните објекти и други површини.

Во Буџетот на Општината се предвидуваат средства за извршување на задачите утврдени во оперативната програма.

Согласно законот за јавни набавки, секоја година на јавен тендер се избира организација која ќе ги извршува одредени задачи од оперативната програмата, односно расчистување на улиците во Општината и со истата се склучува договор во кој се утврдуваат обврските.

Одржувањето на водоводната и канализационата мрежа во зимски услови е во надлежност на ЈП на Градот Скопје кои стопанисуваат со истите и имаат обврска истите да ги одржуваат и во зимски услови во согласност со оперативната програма на Градот.

Превентивни и оперативни мерки за заштита од снежните врнежи, односно расчистување на снегот преземаат и други ЈП и организации кои во општината имаат свои објекти и инсталации (топлификација, ЕВН-ЕСМ, Телеком, Железница, трговски организации и др.), како и приватните фирми и организации и граѓаните .

## V. ПРЕГЛЕД НА ПОДРАЧЈА ЗАГРОЗЕНИ ОД ПОПЛАВА
**(карта)**

- реони кои се подложни на поплава
- собирни пунктови за граѓаните зафатени од поплава
- редовни и резервни мобилизациски собиралишта и места
- сили за З и С и органи и институции кои се ангажираат во заштита од поплави (со места на нивна локација)
- институции и органи кои имаат административен, политички образовен, културен и друг карактер, сместени во Општината

## VI. АНГАЖИРАЊЕ НА СИЛИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОПЛАВИ

За успешна интервенција и отстранување на опасностите и последиците во случај на природни непогоди и други несреќи се ангажираат сите субјекти на подрачјето на Општината.

Како посебно организирани сили кои се ангажираат на подрачјето на Општината се следните:

- Територијална противпожарна единица – Карпош;
- Универзална единица за Заштита и Спасување на Општина Карпош;
- специјализирани единици на Дирекција за Заштита и Спасување –подрачна единица Карпош;
- Специјализирани единици на Дирекција за Заштита и Спасување –подрачна единица – Скопје;

- Месни сили за Заштита и Спасување во јавни претпријатијата, установи и служби кои имаат обврска да ги формираат;
- Центарот за управување со кризи - подрачни за Градот и Општината;
- Претпријатија за снабдување;
- Градежни и сообраќајно транспортни претпријатија;
- Здравствени установи;
- Организациите на Црвен Крст и други невладини организации;

Со спроведувањето на мерките за заштита со кои се спречуваат, отстрануваат или ублажуваат непосредните последици и се обезбедува заштита на луѓето и материјалните добра на подрачјето на Општината раководи Општинскиот штаб за заштита и спасување во согласност со **Потсетниците за употреба на плановите за заштита и спасување по соодветните мерки** кои се составен дел на овој документ.

Силите за заштита и спасување на Општината се ангажираат согласно планот за заштита и спасување дел - **подготвеност, мобилизација и ангажирање на силите**.

Силите за заштита и спасување на Општината се опремуваат со опрема согласно Одлуката на Владата на РСМ за утврдување на личен и материјален состав.

## VII. ПРИЛОЗИ И ДОКУМЕНТИ КОН ПЛАНОТ

- прилози и дикументти

**Прилог бр. 1** Работна карта -граници на Општината и на урбаните заедници, карактеристики и активности за мерката
**Прилог бр. 2** Карта на водоводна мрежа во Скопје
**Прилог бр. 3** Карта на канализациона мрежа во Скопје
**Прилог бр. 4** Испусти за фекална и атмосферска канализација
**Прилог бр. 5** Постапка за начин на известување на население
**Прилог бр. 6** Упатство за воспоставување и одржување ред
**Прилог бр. 7** Упатство за постапка на граѓани во загрозено подрачје
**Прилог бр. 8** Процена на број на жители по урбани заедници
**Прилог бр. 9** Процена на број на жители за евакуација
**Прилог бр.10** Објекти за сместување на евакуирано население
**Прилог бр.11** Преглед на телефони, адреси и други податоци од лица органи, организации и институции вклучени во Заштита и Спасување

**Прилог број 5**

**Постапка за начин на известување на население (тревожење)**

**I. Тревожење**
**II. Постапка на граѓаните на даден знак за тревожење**

**И .Тревожење**

Знаците за тревожење („Службен весник на Република Македонија,, број 9/2007) преставуваат сигнали со кои се известува и тревожи населението преку инсталираните сирени од системот за тревожење.

**а. Знаци за тревожење**

Знаци за тревожење во Р. Македонија во случај на појава на опасност се:

- **знак за општа опасност**
- **знак за престанување на опасноста**

Знакот за општа опасност се емитува при појава на ризици и опасности со вклучување на сирените од системот за тревожење со непрекинат завивачки тон во траење од 60 секунди.

Знакот за престанување на опасноста се емитува при престанување на ризикот и опасноста со вклучување на сирените од системот за тревожење со едноличен тон во траење од 60 секунди.

Тревожењето го врши Центарот за управување со кризи преку Регионалните центри за управување со кризи во Општината Карпош и Градот Скопје.

## С П И С О К

**на сирени лоцирани во Општина Карпош – Скопје**

| **Ред. бр.** | **Л О К А Ц И Ј А** | **вид** | **З А Б Е Л Е Ш К А** |
|---|---|---|---|
| 1. | 2. | 3. | 4. |
| 1. | ООУ Јан Амос Коменски | електрична | |

**Прилог број 6**

## УПАТСТВО

**за воспоставување и одржување на ред во настрадани зони**

Силите за заштита и спасување се ангажираат во настраданите зони од елементарни непогоди и други несреќи во зависност од дејствието, урнатини, пожари, експлозии и други несреќи, за отстранување на последиците, и спроведување на соодветни хуманитарни активности за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра.

За нивното непречено ангажирање во активностите и задачите, командата на единиците одредуваат определен број на припадници кои имаат за задача да одржуваат ред во настраданата зона.

Овие припадници на себе носат видливи белези и имаат за цел да ја заштитат загрозената зона од непредвидени упади на надворешни лица кои би можеле да предизвикаат пожари, експлозии, кражби и слични дејства со кои би ги загрозиле животите на граѓаните и припадниците на силите за заштита и спасување, како и отстранување и спречување на граѓаните да упаднат во загрозената зона каде се врши интервенција од единиците за заштита и спасување. Во објектите, зградите и сл. на влезовите се поставува лице кое го контролира влегувањето, односно излегувањето.

Градската управа за внатрешни работи ги спроведува потребните мерки на јавниот ред и безбедноста на загрозените подрачја за време на елементарни непогоди, а особено се грижи за заштита на имотот и обезбедување на местата каде што е настаната непогодата.

При вонредните состојби во Градот настанува посебен режим на сообраќајот и органите за контрола и регулирање на сообраќајот своите активности ги прилагодуваат да дадат приоритет на оние возила и правци на движење кои учествуваат во укажување на помош на загрозените и во отстранувањето на последиците. Во целиот тек на отстранување на последиците се користат средства кои се на располагање,средства за врски особено телефонски и радио врски, а при тоа и радио врските и другите врски на органите за внатрешни работи се ставаат во функција на заштитата и спасувањето од вонредни состојби.

Во случај на повреди на луѓето од било кои причини особено при масовни несреќи здравствените установи во градот сите свои расположиви сили и средства ги насочуваат кон спасување на повредените настраданите лица.

Заводот за трансфузија со крв како и организацијата на Црвениот крст се грижат за спроведување на акциите и програмата за доброволно дарување на крв во Заводот се создадени услови да се чуваат одредени количини на крв и крвна плазма кои се неопходни.

При Заводот за здравствена заштита работи посебно одделение за хигиенско - епидемиолошка заштита кое ги следи состојбите на Градот и Општината за опасноста од појава на заразни болести и епидемиолошки заболувања.

За време на вонредните состојби населението се обезбедува и организирано со прехранбени и други потребни артикли. Снабдувањето на загрозените и настраданите делови од Градот ќе се извршува од оние реони кои не се зафатени со вонредната состојба или ако поголемо подрачје е зафатено, се очекува помош од соседните градови и користење на стоковите резерви на Градот и Републиката.

Во оава област особено е значајна координацијата на надлежните органи заради воспоставување соработка со производните, прометните и услужните претпријатија заради обезбедување на најнеопходните средства за живот, храна, облека, постелнина и др.

Горе наведените мерки и активности за воспоставување и одржување ред се преземаат и на собирните места утврдени од Општинскиот штаб за прифаќање на повредените граѓани.

При воспоставување и одржување на ред во настрадани зони и изведувањето на акциите за заштитата и спасување припадниците за одржување на ред соработуваат со силите за Заштита и Спасување во претпријатијата, јавните установи и служби и со силите за Заштита и Спасување на урбаните заедници на чие подрачје се наоѓаат.

**Прилог број 8**

**Преглед**
**Број на жители по урбани и месни заедници во Општина Карпош**

| **Ред. Бр.** | **Урбана, месна заедница** | **Број на жители** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** |
| 1 | Кузман Јосифовски Питу | 6733 | |
| 2 | Владо Тасевски | 4450 | |
| 3 | Тафталиџе 1 | 4262 | |
| 4 | Пецо Божиновски Кочо | 4483 | |
| 5 | Тафталиџе 2 | 4505 | |
| 6 | Нерези | 4358 | |
| 7 | Карпош 1 | 4570 | |
| 8 | Карпош 2 | 3690 | |
| 9 | Карпош 3 | 5679 | |
| 10 | Карпош 4 | 7760 | |
| 11 | Влае 1 | 3720 | |
| 12 | Влае 2 | 2781 | |
| 13 | Злокуќани | 1520 | |
| 14 | Бардовци | 1472 | |
| **15** | **ВКУПНО ЖИТЕЛИ** | **63.760** | |

**Прилог број 9**

**ПРЕГЛЕД**
**на жители со приоритет за евкуација во Општина Карпош**

| **Ред. Бр.** | **Место за евакуација на населението** | **Вкупно за евакуација** | **Деца со Мајки до 7 год** | **Деца 7-14 год** | **Стари Лица** | **Од каде се Евакуира** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | | 1671 | 656 | 534 | 481 | УЗ Карпош 1 |
| 2. | | 748 | 340 | 292 | 116 | УЗ Карпош 2 |
| 3. | | 1315 | 264 | 616 | 435 | УЗ Карпош 3 |
| 4. | | 2120 | 692 | 882 | 546 | УЗ Карпош 4 |
| 5. | | 1164 | 561 | 255 | 348 | УЗ В. Тасевски |
| 6. | | 1432 | 662 | 256 | 514 | УЗ Тафталиџе 1 |
| 7. | | 1481 | 682 | 263 | 536 | УЗ Тафталиџе 2 |
| 8. | | 995 | 465 | 264 | 266 | УЗ Нерези |
| 9. | | 1311 | 455 | 476 | 380 | УЗ П.Б.Кочо |
| 10. | | 2140 | 833 | 861 | 446 | УЗ К.Ј.Питу |
| 11. | | 1042 | 476 | 282 | 284 | УЗ Влае 1 |
| 12. | | 843 | 112 | 447 | 284 | УЗ Влае 2 |
| 13. | | 500 | 136 | 234 | 130 | УЗ Злокуќани |
| 14. | | 437 | 76 | 186 | 175 | МЗ Бардовци |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | 17177 | 6410 | 5848 | 4941 | |

**Прилог број 10**

**Преглед на објекти за сместување на евакуирано население**

| Ред. бр. | Објект за сместување | Локација на објектот | Капацитет | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 | Детска Градинка ”Пролет“ | Населба Козле | 200 легла | |
| 2 | Средно Училиште ”Лазар Танев“ | Населба Козле | | со пренамена за сместување |
| 3 | Основно Училиште ”Владо Тасевски“ | Населба Козле | | со пренамена за сместување |
| 4 | | | | |
| 5 | | | | |
| 6 | | | | |
| 7 | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

**Прилог број 11**

**Преглед на лица, органи, организации и институции вклучени во Заштита и Спасување**

| Ред. Бр. | Име | Телефон | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 4 | 5 |
| 1 | Градоначалник<br>Сотир Лукровски | 071/351-490 | + |
| 2 | Штаб за Заштита и Спасување<br>Дејан Јонузоски | 071/368-710 | + |
| 3 | ДЗС-Карпош<br>Васко Милосиевски | 075/457-510 | + |
| 4 | РЦУК-Карпош<br>Иванка Лазаревска | 076/404-593<br>3092-941 | + |
| 5 | Полициска станица - Карпош<br>Стефан Тасевски | 070/323-468 | + |
| 6 | Црвен Крст - Карпош<br>Маре Кочовска | 070/226-136 | + |
| 7 | Мин.за земјоделство<br>Дејан Давидовски | 075/299-355 | + |
| 8 | Командир на единица<br>Ермин Шаровиќ | 078/508-687 | + |
| 9 | ЈСП - Скопје<br>Јосиф Соколовски | 075/464-858<br>022640-821 | + |
| 10 | ЈП - Водовод и канализација<br>Кирил Џонов | 071/391-266 | + |
| 11 | ЈП - Комунална хигиена<br>Марјан Здравковски | 071/273-553 | + |
| 12 | ЈП - Улици и патишта<br>Влатко Аврамовски | 070/332-766 | + |
| 13 | ЈП - Паркови и зеленило<br>Александар Антовски | 076/490-326 | + |

**Упатство за постапка на граѓани во загрозено подрачје**

Граѓаните од загрозеното подрачје кога ќе добијат знак -сигнал за постоење на опасност од прелевање на водата преку круната на браната или ненадејно рушење на

браната, во зависност од условите, можностите и времето со кое располагаат ги преземаат следните мерки и активности:

-доколку се нареди организирана евакуација на граѓаните се должни да ги почитуваат и спроведуваат наредбите на Општинскиот штаб за заштита и спасување и се подготвуваат на определено време договорен сигнал да ги напуштат своите домови и се упатуваат на однапред договорено односно определено собирно место над линијата на поплавниот бран;

-пред напуштање на своите домови или куќи ја исклучуваат електричната и водоводната мрежа;

-преземаат потребни мерки за заштита и згрижување на болни лица и малолетни деца (ако ги имаат);

-пред напуштање на своите домови со себе ги понесуваат личните и други документи, парични средства и друго и се упатуваат на определено собирно место над линијата на поплавниот бран;

-на определените собирни места граѓаните постапуваат според упатствата и наредбите што ќе ги издава Општинскиот штаб за заштита и спасување;

-граѓаните од урбаните заедници кои се наоѓаат над линијата на поплавниот бран, веднаш по дознавањето за постоење на опасноста, се јавуваат на определени мобилизациски или други организирани места во организираните сили за заштита и спасување;

-останатите граѓани кои не се распоредени во силите за заштита и спасување се јавуваат на своите работни места во претпријатијата, јавните установи и служби и постапуваат согласно наредбите на раководителите, односно на своите претпоставени;

-граѓаните кои не се вработени и не се распоредени во силите за заштита и спасување се пријавуваат во урбаните заедници или во Општината за учество во евакуација и прифаќање на населението, како и учество во отстранување на последиците настанати од уривање или прелевање на вода преку круната на браната.

# ПЛАН
# ЗА РАДИОЛОШКА-ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Скопје 2026 година**

ПЛАН ЗА РАДИОЛОШКО-ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

с о д р ж и н а :

I. КАРАКТЕРИСТИКИ ЗА МЕРКАТА РХБ ЗАШТИТА
1. Општи карактеристики за подрачјето на Општината
2. Население и структура на населението
3. Сообраќајна мрежа и комунална инфраструктура
4. Хидрографија
5. Метеоролошки услови

II. ПРОЦЕНА НА ЗАГРОЗЕНОСТ
III. ПОТСЕТНИК ЗА УПОТРЕБА НА ПЛАНОТ ЗА РХБ ЗАШТИТА
IV. Р.Х.Б. ЗАШТИТА
- Мерки и задачи за РХБ заштита
- Организација и спроведување на РХБ заштита
- Заразни болести и епидемии

V. АНГАЖИРАЊЕ НА СИЛИ И СРЕДСТВА ЗА РХБ ЗАШТИТА
VI. ПРИЛОЗИ И ДОКУМЕНТИ КОН ПЛАНОТ

**Прилог бр.1** Работна карта- граници на Општината и на урбаните заедници, карактеристики и активности за мерката
**Прилог бр.2** Постапка на граѓаните на даден знак на тревожење
**Прилог бр.3** Преглед на лаборатории за РХБ заштита
**Прилог бр.4** Преглед на сили на ДЗС за РХБ Заштита
**Прилог бр.5** Преглед на објекти каде што може да се развие станица за деконтаминација на луѓе

**Прилог бр.6** Сервиси за миење коли-станица за деконтаминација на возила
**Прилог бр.7** Преглед на сервис за хемиско чистење и перење на облека
**Прилог бр.8** Начин на деконтаминација
**Прилог бр.9** Продукти од животинско потекло што се деконтаминираат
**Прилог бр.10** Продукти од растително потекло што се деконтаминира
**Прилог бр.11** Преглед на минимум средства за лична и колективна заштита

## I. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА

### 1. ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА НА ОПШТИНА КАРПОШ

Карпош е Скопска општина и се наоѓа лоцирана во западниот дел од градот Скопје, а зафаќа еден дел и од централно градско подрачје. Нејзината вкупна површина изнесува 105 км2 и таа е втора по големина општина во Скопје. Овде влегуваат руралните населби Бардовци и Горно Нерези, како и урбаната зона Скопје-Карпош. Последната поделена е уште на неколку урбани единици, како што се: Карпош 1, Карпош 2, Карпош 3, Карпош 4, Влае и др. Просечната надморска височина изнесува 362м. Според најновата територијална организација, кон урбаниот дел на Општината Карпош се припоени населбите Влае, Долно Нерези и Злокуќани.

Границата на Општина Карпош започнува од железничкиот мост на реката Лепенец и се движи по границата со Општина Ѓорче Петров, до локалитетот Лака на реката Вардар, продолжува по надворешните граници на катастарските општини КО Горно Нерези, КО Горно Водно, односно по ртот на планината Водно до месноста Теферич, свртува на северозапад до над Институтот за земјотресно инженерство и Инженерската сеизмологија ИЗИИС, продолжува по проектираната јужна обиколница на Градот Скопје до улицата 550, свртува по неа до раскрсницата со улицата Козле, оди по улицата Козле до крстосницата со проектираната улица која поминува меѓу населбите Козле и Капиштец и излегува на крстосницата на улиците Теодосие Гологанов и Рузвелтова, продолжува по улицата Рузвелтова, ги сече булеварот Партизански одреди и улицата Илинденска, продолжува по пешачката улица меѓу Зоолошката градина и првиот дел на Градскиот парк, минува преку пешачкиот мост на реката Вардар, свртува спротивно по реката Вардар, излегува на булеварот Никола Карев, свртува на исток по булеварот Никола Карев, до влезот на касарната Илинден, продолжува по источната ограда на касарната, потоа по улица Словенечка што води од крстосницата на улиците Втора македонска бригада и Македонско-косовска бригада до магистралниот пат Скопје – Блаце, продолжува по надворешните граници на КО Злокуќани и КО Бардовци до реката Лепенец и по реката Лепенец до мостот на железничката пруга.

## 2. НАСЕЛЕНИЕ И СТРУКТУРА НА НАСЕЛЕНИЕТО

Вкупниот број на жители изнесува 59.810 со што се наоѓа на четвртото место во Скопје. Густината на населеност изнесува 570 жители на еден км2, со што се наоѓа на претпоследното, деветто место во Скопје. Најголемиот број живеат во урбаната зона Скопје - Карпош, односно 58.024 или 97%. Во Бардовци живеат 1.472 жители, или 2,46%, а во Горно Нерези само 314 жители или 0,52%. Просечната густина на населеност изнесува 570 жители на еден км2, така што таа е една од најретко населените во Градот Скопје, и се наоѓа на деветтото место.

Во однос на националната припадност 88,52%, или 52.943 жители, се Македонци; 3,67% или 2.195 жители се Срби; 3,26% или 1.952 жители, се Албанци итн.

Оваа Општина претежно е наменета за живеење, а бројот на стопанските и другите објекти, не сметајќи го хотелот “Александар Палас”, е незначителен.

**БРОЈ НА ЖИТЕЛИ ВО ОПШТИНАТА КАРПОШ**
**ВО ОБЛИЦИТЕ НА МЕСНАТА САМОУПРАВА**

| | |
|---|---|
| 1. “Кузман Ј. Питу” | 6733 |
| 2. “Владо Тасевски” | 4450 |
| 3. “Тафталице 1” | 4262 |
| 4. “Пецо Б. Кочо” | 4483 |
| 5. “Тафталице 2” | 4505 |
| 6. “Нерези” | 4358 |
| 7. “Карпош 1” | 4570 |
| 8. “Карпош 2” | 3690 |
| 9. “Карпош 3” | 5679 |
| 10. “Карпош 4” | 7760 |
| 11. “Влае 1” | 3720 |
| 12. “Влае 2” | 2781 |
| 13. “Злокуќани” | 1520 |
| 14. “Бардовци” | 1472 |
| **ВКУПНО ЖИТЕЛИ:** | **63,760** |

## 3. СООБРАЌАЈНА МРЕЖА И КУМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Подрачјето на Општина Карпош во поглед на орографските карактеристики претставува претежно рамничарска површина, но тука е и дел од планината Водно, како и височината Зајчев рид.

Општината со Градот и со соседните општини се поврзува со булевари, а дел со поголеми локални улици и тоа:
-Бул.”Партизански одреди”
-Бул.”8-ми Септември”
-Бул.”Илинден”
-ул.”Митрополит Теодосие Гологанов”
-ул.”Рузвелтова”
-ул.”Ацо Шопов”
-ул.”Скупи”
-ул.”Словенечка”
-ул.”Орце Николов”
-ул.”Никола Карев”
-ул.”Московска”
-ул.”Трнодол”
-ул.”Жданец”
-Пат за Горно Нерези
-Пат за с.Бардовци
-ул.”Адолф Циберовски”
и други локални улици што се наоѓаат на територија на Општина Карпош како и регионалниот пат Скопје-Блаце.

На подрачјето на Општина Карпош исто така се наоѓаат и неколку мостови и тоа:
-Мост ”Обединети нации”
-Мост ”Железнички мост”
-Мост на бул.”8-ми Септември”
-Мост на река Лепенец
-Мост ”Газела”
-Надвозник ”Влајко”

Комуналната инфраструктура во Општината е развиена и овозможува снабдување со вода, електрична енергија, парно затоплување, ПТТ сообраќај и дистрибуирање на отпадни, фекални и атомсферски води.

## 4.ХИДРОГРАФИЈА

На подрачјето на Општина Карпош, течат следните реки и водотеци:
-дел од реката Вардар во должина од околу 4000 м;
-реката Лепенец на дел од Општината со околу 2000 м.;

-реката Серава со околу 1000 м.;

-неколку канали од Водно со должина од повеќе километри ;

-подземни води кои се на длабочина под 10 м.

Каналската мрежа се состои од посебни канали за одводување на атмосферските и фекалните води. Атмосферските и фекалните води се слеваат во реката Вардар.

Реката Вардар низ Скопската котлина поминува во должина од околу 55 км, широчината од 40 до 80 метри, а длабочината од 1,2-2,5 метри, средна брзина на водата 2м/с, а при максимален водостој и до 3,5 м/с.

Поради честите поплави во Скопје и Скопската котлина на коритото на р.Вардар на градскиот потег (устие Треска – населба Влае - населба Аеродром) извршени се одделни регулациони зафати за заштита од поплави, односно извршена е регулација на коритото со должина од 12,05 км..

Коритото на реката Серава во делот на Општина е целосно е регулирано

Реката Вардар ја дели Општината на два дела, едниот и другиот дел се поврзани со мостови од кои два служат за само премин на пешаци а другите се за целокупниот сообраќај во Општината и Градот Скопје.

## 5.МЕТЕРЕОЛОШКИ УСЛОВИ

На подрачјето на Општина Карпош климата е умерено - континентална. Оттаму произлегуваат и две по изразени годишни времиња студена (континентална) и влажна (медитеранска) зима и суво и топло лето. Дуваат три видови на ветрови, Повардарец, Југо и ветерот од северозапад. Температурите во летниот период достигнуваат и до +45 º С, а во зимскиот период може да достигнат и до – 25 º С. Врнежите го достигнуваат својот максимум во декември 555 мм/м2 и во мај 521 мм/м2. Снежните врнежи се најголеми во месец декември и јануари и може да достигнат и до 50 см.

Маглата е најприсутна во есенските и пролетните месеци и тоа во Скопската котлина, просечно околу 72 дена.

## II. ПРОЦЕНА НА ЗАГРОЗЕНОСТ

Радиолошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и средства за навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи како и превземање на мерки за заштита и спасување како и отстранување на последиците од нив.

Хемиската контаминација на воздухот, водата и почвата, а со тоа и на населението и материјалните добра може да настане во редовни услови на живеење и работа, а најчести причини за тоа се:

-различни дефекти и оштетувања;
-неправилно ракување со средствата и постројките;
-несоодветна заштита на магацинските простории;
-резервоарите со хемиски запалливи течности;
-неконтролирано испуштање на хемиски отпад;
-неконтролирана употреба на пестициди;
-сообраќајни несреќи и друго.

Во Градот Скопје има субјекти кои стопанисуваат со хемиски опасни материи или истите ги користат во процесот на производство, при што треба, да се нагласи дека најголем број од нив се наоѓат на поширокото подрачје на Градот Скопје (АД Алкалоид, Окта, Макпетрол, АД Топлификација, АД Технички гасови, Цементара УСЈЕ и други). Истите, при појава на природни непогоди и техничко-технолошки несреќи преставуваат опасност за вкупното население и материјалните добра во Градот и би предизвикале сериозни последици врз здравјето на населението, животните, растенијата, материјалните добра и животната средина.

Што се однесува до степенот на загрозеност од биолошка контаминација може да се каже дека територијата на Општината Карпош не е особено загрозена, но и покрај тоа треба да се преземаат мерки за заштита и спасување од страна на сите субјекти, со цел да се отстранат или намалат последиците кои можат да бидат предизвикани кај населението, материјалните добра, животните и растенијата.

Мерењето на присутноста на радиоактивноста го вршат следните институции: Републичкиот завод за здравствена заштита, Ветеринарниот институт и Центарот за примена на радиоизотопи во стопанството. Квалитетот на водата за пиење го следи Републичкиот завод за здравствена заштита, односно Заводот за здравствена заштита на Град Скопје, додека состојбата на отпадните води, нивната контрола на испусните места го врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Загадувањето на воздухот со хемиски агенси, сулфурен двооксид (СО2), прав и пепел, го следи Републичкиот хидрометеоролошки завод, а Заводот за здравствена заштита врши следење и контрола на биолошките загадувања на хранителните продукти и санитарно -хигиенските услови во Градот.

Степенот на загрозеност од хемиската контаминација се зголемува во услови на природни непогоди и други несреќи, како и во услови на војна, имајќи предвид дека

можат да настанат различни хаварии од помал или поголем обем, предизвикани од видот и карактерот на природната непогода, односно несреќа –појава на земјотрес, пожари, поплави, експлозии, поголеми сообраќајни несреќи и други видови природни и техничко - технолошки непогоди.

Исто така подрачјето може да биде загрозено и од несреќи предизвикани од моторни возила кои превезуваат опасен хемиски состав и други опасни материи, како и при неправилно складирање на таквите опасни материи.

Со оглед на последиците кои можат да бидат предизвикани со неконтролирана употреба на РХБ средства, како во редовни услови на живеење, така и при појава на природни непогоди или војна, се наметнува потреба од систематско дејствување и превземање на мерки и активности од страна на сите надлежни субјекти во рамките на своите надлежности и делокруг на работа.

## III. ПОТСЕТНИЦИ ЗА ЗАДАЧИТЕ НА СИЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО ИЗВРШУВАЊЕ НА ПЛАНОВИТЕ ПО МЕРКИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

### Општински штаб за заштита и спасување

Општинскиот штаб заради успешно реализирање на овој план, покрај другото ги врши и следните активности:
- врши процена на заштита и спасување на луѓето и материјални добра;
- ги утврдува мерките за заштита и спасување на населението и материјалните добра при опасност и настанување на природни непогоди;
- ги утврдува собирните места за прифаќање на повредените граѓани;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
- раководи си силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување;
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организации вклучени во мерката заштита;
- доколку размерот на опасностите се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, Општинскиот штаб дава предлог до Градоначалникот на Општината да се бара помош од Регионалниот, Републичкиот штаб или соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општината Карпош;
- воспоставува посебна соработка со државните органи и организации, службите и претпријатијата чија дејност е непосредно е сврзана со задачите од заштита и засолнување;
- соработува со Црвен крст на РСМ – Општинска Организација на Црвен крст - Карпош;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, Општинскиот штаб за Заштита и Спасување го известува Градоначалникот и Советот на Општината при што за одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;
- обезбедува услови за ефикасно и благовремено известување за опасностите, и акциите за заштита и спасување, особено преку Центрите за управување со кризи во Општината и Градот;
- донесува Упатства за мерки, задачи, активност и носители за воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја.

**Командант на Општински штаб за заштита и спасување**

Командантот на Општинскиот штаб заради успешно реализирање на плановите за Заштита и Спасување покрај другото ги врши и следните активности:
- раководи со штабот и преку него со акциите за заштита и спасување;
- врши конкретна процена на состојбата од настанатата природна непогода која ја предлага на штабот;
- предлага мерките за заштита и спасување на населението и материјалните добра од настанатата природна непогода;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
- издава наредба за упатување на единиците за Заштита и Спасување на местото на почетокот на нивното дејствување;
- ги следи активностите на силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување и ја оценува нивната успешност односно неуспешност;
- соработува со Регионалниот, Градскиот и Републичкиот штаб за заштита и спасување и со штабовите за заштита и спасување на соседните општини.
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организации вклучени во мерката заштита и спасување;
- доколку размерот на опасностите се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, до Општинскиот штаб дава предлог, преку Градоначалникот на Општината да се бара помош од Регионалниот, Републичкиот штаб или од соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општина Карпош;
- соработува со државните органи и организации, службите и претпријатијата чија дејност е непосредно е сврзана со задачите од заштита и спасување;
- соработува со Црвен крст на РСМ – Општинска Организација на Црвен крст - Карпош;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, го известува Општинскиот штаб за Заштита и Спасување, Градоначалникот и Советот на Општината при што за одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;
- за ефикасно и благовремено организирање, раководење, известување за опасностите и акциите за заштита и спасување, ги користи постојните мирновременски врски, средствата за јавно информирање и известување курирските врски на Штабот и на Општината и Градот во целина, а особено Центрите за управување со кризи во Општината и Градот;
- изготвува или донесува Упатство за мерки, задачи, активност и носители за воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја.

- врши и други задачи и активности кои се во функција за успешно спроведување на мерките за заштита и спасување согласно состојбите на теренот.

**Началник на Општински штаб за заштита и спасување**

- учествува во проценување на подготвеноста на силите за Заштита и Спасување за дејство во отстранување на последиците од појавената опасност;
- ги спроведува наредбите на Командантот и на Општинскиот Штаб;
- го организира воспоставувањето на врските со силите за Заштита и Спасување и Штабот;
- ја спроведува наредбата за проверка на пополнетоста на Штабот и единицата со воени обврзници и материјално - технички средства;
- по можност извршува кратка обука со единиците заради поефикасно користење на материјално - техничките средства;
- ја спроведува наредбата за упатување на единиците за Заштита и Спасување на местото на почетокот на нивните зафати и нивно извршување;
- во случај на настанување на проблеми во извршување на задачите на штабот или единиците се ангажира за нивни разрешување;
- ја следи активноста на единиците за заштита и спасување и по потреба предлага нови мерки и задачи;
- учествува во изготвување на информации за преземаните активности;
- учествува во изготвувањето на наредби, одлуки и други акти;
- соработува со началниците на штабовите за заштита и спасување на Регионалниот, Републичкиот, Градскиот и Општинските штабови за заштита и спасување на соседните општини;
- во отсуство на командантот ги презема сите негови надлежности.

## IV. Р. Х. Б. ЗАШТИТА

**Поаѓајќи од фактот дека Општината има една универзална единица за Заштита и Спасување во јачина на вод која не е пополнета, опремена и обучена за РХБ заштита, Општината Карпош со своите органи и Штабот се вклучува во реализацијата на активностите и задачите што ги организира и реализира Подрачната единица за заштита и спасување Карпош, согласно нивните плански документи.**

### Мерки и задачи за РХБ заштита и
### Организација и спроведување на РХБ заштита

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита претставува превземање на мерки и активности заради спречување, ублажување и отстранување на последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси врз населението и материјалните добра во услови на природни непогоди и техничко-технолошки несреќи.

Најефикасен облик на заштита од РХБ агенси како и акциденти со опасни материи преставуваат засолништата, кои покрај тоа што обезбедуваат висок степен на заштита, овозможуваат и подолготраен престој.

Превентивните мерки за заштита од опасните материи најчесто се применуваат преку:

- функционирање на разни автоматски системи за откривање, јавување и следење на условите на непосредна опасност или во услови на веќе настанат ацидент;
- доследно применување на законските прописи при производство, ускладиштување и транспорт на отровните и експлозивните материи;
- редовна техничка контрола на исправноста на постројките и апаратите во кои се чуваат или преработуваат опасните материи;
- во процесот на производството, транспортот и манипулацијата со опасните материи да се обезбеди крајно дисциплиниран однос кон работата и ракувањето со отровните и експлозивните материи;
- преземање активности за обучување на населението во околината на хемиската индустрија со цел да се запознаат со карактерот на евентуалната загаденост на воздухот и водата и со примена на заштитните мерки;
- во случај да настанат акцидентни појави во одделни претпријатија од помали размери службата во претпријатијата за заштита и спасување и други надлежни органи преземаат итни оперативни мерки да се спречи натамошно ширење на појавата и да отстранат настанатите последици;
- ако настанатата појава е од поголеми размери тогаш итно се ангажираат стручните организации и органи во Градот за укажување на прва медицинска помош, спасување на повредените лица, згрижување на настраданите и целосно отстранување на последиците.

### Заразни болести и епидемии

Превентивни мерки за заштита

Заради заштита од заразни болести и епидемии на подрачјето на Градот и Општината се превземаат соодветни превентивни мерки од надлежните органи и организации како масовно здравствено просветување на населението. Приоритетни цели од доменот на епидемиологијата се:
- одржување на резултати постигнати со ередикација на детската парализа;
- елиминација на тетанусот кај новороденчињата;
- континуирано спроведување на задолжителна имунизација;
- намалување на морбитетот од останатите вирусни хепатитиси - редуцирање на опасноста од внесување и ширење на маларија;
- намалување на опасноста од внесување и ширење на колера и други тропски и паразитно заболувања;
- редукција на заболувања кои се пренесуваат по полов пат;
- превенција на СИДА;
- спречување и сузбивање на заразните заболувања од поголемо епидемиолошко и социјално значење;
- следење и проучување и анализи на хроничните незаразни заболувања.

Во градот Скопје е формирана хигиенско - епидемиолошка служба во состав на здравствениот дом на Скопје во која посебно има стручни одделенија и тоа микробиолошка лабораторија, одделение за хигиена и епидемиолошко одделение.

Преку Министерството за здравство и социјална политика со санитарната инспекција редовно се врши контрола на квалитетот на водата за пиење во градската водоводна мрежа, додека на локалните водоснабдителни објекти на скопското подрачје, контролата врз водата за пиење ја вршат подрачните единици за здравство.

Во рамките на Заводот за здравствена заштита на Град Скопје работи отсекот за дезинфекција, дезинсекција и дератизација кој има задача да ја реализира посебната програма за превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целото подрачје на Градот.

Со решавањето на задоволителен начин на снабдувањето со вода за пиење на населението во Општината се придонесува да се намали бројот на заболените од групата на цревни заразни болести и се поретко овие болести да се јавуваат во форма на епидемии.

Затоа покрај другите мерки и активности кои ги спроведуваат Републичкиот и регионалните заводи за здравствена заштита со нивните подрачни единици,

приоритетна задача преставува вршењето на континуиран мониторинг и евалуација на санитарно -хигиенската состојба на водоснабдувањето на населението, на објектите за водоснабдување и на безбедноста на водите за пиење.

Заводот за здравствена заштита на град Скопје преку епидемиолошката служба врши следење и откривање на заразните болести и хемиските материи како можни фактори за настанување на масовно заболување и штетно влијание на здравјето на луѓето.

Превентивните мерки во однос на ветеринарната заштита се преземаат преку ветеринарната станица на Град Скопје преку редовни прегледи на добитокот, живината, кучињата и другите животни, вакцинација против заразни болести како и редовна контрола на чувањето и исхраната на животните. Посебни превентивни мерки се преземаат од ветеринарната инспекција која врши контрола на местото и производите од животинско потекло. Исто така санитарната инспекција врши редовна контрола на прехранбените производи кои се наоѓаат во производство и промет на подрачјето на Градот и општините.

**Оперативни мерки за заштита**

Во случај да се појават заразни заблувања кај одделни лица или во поедини места на подрачјето на Општината епидемиолошката служба на Градот Скопје презема конкретни активности за истражување на заболените од заразни болести. При тоа соработува со здравствените установи и ги утврдува основните параметри на појавената опасност.

По предлог на стручните анализи и наоди на здравствената служба се преземаат соодветни мерки да се спречи ширењето на заразните болести на останатите реони во Градот или нови заболувања со тоа што се врши изолирање на изворите на заразата. Посебни услови за сместување на заболените од заразни болести се создадени на инфективната клиника и медицинскиот факултет.

На местата каде се појавени заразни заболувања или каде се случени вонредни состојби Заводот за здравствена заштита презема мерки да се изврши дезинфекција, дезинсекција и дератизација со кои треба да бидат обезбедени соодветни средства за нивно изведување.

Микробиолошките анализи за потребите на здравствената заштита се вршат во микробиолошката лабараторија во поликлиниката Букурешт. Во Здравствениот дом постојат стручни екипи кои земаат мостри од храна, вода, почва и други материи на кои се врши микробиолошка анализа.

Здравствениот дом на Градот како единствена организација во случај на појава на вонредни состојби ја врши оганизацијата и го спроведува вакцинирањето на населението заради негова заштита од појава и ширење на заразните болести. При тоа се формира посебен стручен штаб за карантински болести кој ја следи состојбата и дава известување на органите во општините и Градот и на населението и предлага оперативен план за активности при појава на заразни болести, односно пандемија.

## V. АНГАЖИРАЊЕ НА СИЛИ И СРЕДСТВА ЗА РХБ ЗАШТИТА

За успешна интервенција и отстранување на опасностите и последиците во случај на природни непогоди и други несреќи се ангажираат сите субјекти на подрачјето на Општината.

Како посебно организирани сили кои се ангажираат на подрачјето на Општината се следните:

- Специјализирани единици на Дирекција за Заштита и Спасување – подрачна единица Карпош
- Специјализирани единици на Дирекција за Заштита и Спасување – подрачна единица – Скопје;
- Здравствени установи;
- Територијалната противпожарна единица – Карпош;
- Универзална единица за Заштита и Спасување на Општина Карпош;
- Месни сили за Заштита и Спасување во јавни претпријатијата, установи и служби кои имаат обврска да ги формираат;
- Центарот за управување со кризи - подрачни за Градот и Општината;
- Претпријатија за снабдување;
- Градежни и сообраќајно транспортни претпријатија;
- Организациите на Црвен крст и други невладини организации;

Со спроведувањето на мерките за заштита со кои се спречуваат, отстрануваат или ублажуваат непосредните последици и се обезбедува заштита на луѓето и материјалните добра на подрачјето на Општината раководи Општинскиот штаб за заштита и спасување во согласност со Потсетниците за употреба на плановите за заштита и спасување по соодветните мерки кои се составен дел на овој документ.

Силите за заштита и спасување на Општината се ангажираат согласно планот за заштита и спасување дел подготвеност, мобилизација и ангажирање на силите.

Силите за заштита и спасување на Општината се опремуваат со опрема согласно Одлуката на Владата на РСМ за утврдување на личен и материјален состав.

## VI. ПРИЛОЗИ И ДОКУМЕНТИ КОН ПЛАНОТ

- Прилог бр. 1 Работна карта- граници на Општината и на урбаните заедници, карактеристики и активности за мерката
- Прилог бр. 2 Постапка на граѓаните на даден знак на тревожење
- Прилог бр. 3 Преглед на лаборатории за Р.Х.Б. заштита

- Прилог бр. 4 Преглед на сили на ДЗС за Р.Х.Б. Заштита
- Прилог бр. 5 Преглед на објекти каде што може да се развие станица за деконтаминација на луѓе
- Прилог бр. 6 Сервис за миење коли -станица за деконтаминација на возила
- Прилог бр. 7 Преглед на сервис за хемиско чистење и перење на облека
- Прилог бр. 8 Начин на деконтаминација
- Прилог бр. 9 Продукти од животинско потекло што се деконтаминираат
- Прилог бр.10 Продукти од растително потекло што се деконтаминираат
- Прилог бр.11 Преглед на минимум средства за лична и колективна заштита

**Преглед број 3**

**Преглед на лабораттории за РХБ заштита**

| Ред. бр. | Место | Вид на лабораторија | Забелешка |
|---|---|---|---|

| | | Радиолошка лабараторија | Хемиско-токсиколошка | Биолошка лабараторија | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Центар за РХБ заштита | Републички завод за здравствена заштита | ЈЗУ Завод за здравствена заштита Скопје | Природно математички факултет -Институт за биологија | |
| 2 | Карпош | Центар за примена за радио изотопи во стопанството | Технолошки факултет | АД Реплек | |

**Преглед број 5**

**Преглед на објекти каде што може да се развие станица за деконтаминација**

| Ред. Бр. | Објект | Адреса | Капацитет | Снабдување со вода |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 | ГУЦ Здравко Цветковски<br>-машка гардероба<br>-женска гардероба | Бул. Партизански одреди | 4 тушеви<br>4 тушеви | Од Градски водовод |
| 2 | Базен Младост<br>-машка гардероба<br>-женска гардероба<br>-надворешна платформа | Бул.8-ми Септември | 4 тушеви<br>4 тушеви<br>6 тушеви | Од Градски водовод |

## Преглед број 6

## Преглед на сервиси за миење на коли - станици за деконтаминација на возила

| Ред. Бр. | Авто перална | Адреса | Телефон | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | Авто перална - Гранит | Ул. Никола Парапунов бр.43 | 070/367-246 | |
| 2. | Премиум Моторс | Ул. Никола Парапунов бр.43 | 077/773-404 | |
| 3. | Авто Перална - Паук | Ул. Ванчо Мицков бр. 1 | 070/220-681 | |
| 4. | Авто Перална - Кристал | Ул. Скупи бр. 21 | 070/213-753 | |
| 5. | Авто Перална - Бате | Ул. Скупи | 070/213-753 | |
| 6. | Авто Перална – Екстра Чисто | Бул. Илинден бр.96 | 070/641-258 | |
| 7. | Градска Перална | Бул. Партизански одреди бр.82 | 070/230-452 | |
| 8. | Авто Перална - Катастар | Ул. Дрезденска бр. 48 | | |
| 9. | Авто Перална – Сонакс Г3 | Ул. Јуриј Гагарин бр. 17 | 02/3220-547 | |
| 10. | Градска Авто Перална 24/7 | Бул. 8-ми Септември | | |
| 11. | | | | |

**Преглед број 7**

**Преглед на сервиси хемиско чистење и перење облека - станици за деконтаминација на облека**

| **Ред. Бр.** | **Име на сервис** | **Адреса** | **Телефон** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 | Фреш Експрес | Бул. М.Т.Гологанов 10/12 – Веро Тафталиџе | 075/404-343 | |
| 2 | Фреш Експрес | Ул. Московска – пазар Тафталиџе | 070/396-958 | |
| 3 | Фреш Експрес | Ул. Никола Парапунов бр.3а - Карпош 4 | 070/396-956 | |
| 4 | | | | |

**Прилог број 8**
НАЧИНИ НА ДЕКОНТАМИНАЦИЈА

| Ред. бр. | Продукти што се деконтаминираат | Радиолошка | Х е м и ска Гасовити бојни отрови | Течни бојни отрови |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | Маст, путер | Со отстранување на површинскиот слој кој треба да биде поголем од слојот на продирање. Со отстојување ако е извршена контаминација со радио нуклиди со краток полупериод на распаѓање. | Со отстранување на површинскиот слој со дебелина од 2-3 см. | Се уништуваат |
| 2. | Млеко | Се преработува во млеко во прав, во сирење, во масла | Се уништува | Се уништува |
| 3. | Месо и сувомеснати Производи | Се отстранува површинскиот слој од 1 см. Останатиот дел добро се измива, а потоа се вари. Се отстрануваат коските бидејќи се носители на Cs | | Со отстранување на површински слој со дебелина 2-3 см. Останатиот дел добро се измива и термички се обработува. Кај сувомеснатите производи од слојот од 2-3 см.треба да се отстрани веднаш после контаминацијата, а ако поминало повеќе од еден час се уништува |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Сирење | Се отстранува површинскиот слој<br>Со одстојување | Се преработува<br>Со отстранување на површинскиот слој | Се уништува |
| 5. | Риба | Со добро измивање со детергент и чиста вода се вадат изнутриците и добро се измива внатрешноста | Се промива 2-3 пати и се вари два часа, водата после првото вриење се фрла | Помалите риби се уништуваат кај поголемите се отстрануваат крлушките и површинскиот слој од 2-3 см се измива и потопува во вода 1,5-2 часа, а потоа се вари при што првата вода се фрла |
| 6. | Брашно | Со отстојување ако радионуклидите се со краток век (полу период на распаѓање)<br>Со отстранување на амбалажата ако брашното е пакувано<br>Со префрлање во друга чиста амбалажа | Со проветрување и термичка обработка, а ако се гасови од кијавци плускавичари се отстранува површинскиот слој | Се отстранува површинскиот слој дебелина од 5-6 см.а останатата количина се проветрува |
| 7. | Леб(двопек) пакуван во поливинилски фолии | Со бришење и отстранување на амбалажата | Се проветрува и термички обработува | Не се деконтаминира и се уништува |
| 8. | Леб (двопек) не заштитен | Во краен случај се отстранува горниот слој кај лебот, а двопекот се уништува | Со проветрување и термо обработка | Не се деконтаминира и се уништува |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9. | Шеќер | Со отстранување ако се радионуклидите со краток полупериод од распаѓање | Со проветрување | Со отстранување на површинскиот слој со дебелина 5-6 см |
| 10. | Зелка, салата, лук, кромид | Со отстранување на надворешните листови и повеќе кратно измивање | Со проветрување и повекратно испирање | Со отстранување на надворешните листови, а потоа со термичка доработка (варење) или промивање неколку пати со топла вода |
| 11. | Кромпир, морков, краставица, пиперка, патлиџан | Со остранување на надворешниот (горен слој и со повеќе кратно измивање | Со проветрување и испирање | Со отстранување на горниот слој, а потоа со термичка доработка |

**Прилог број 9**

**П Р Е Г Л Е Д**
**на продукти од животинско потекло што се деконтаминираат**

| Начин на деконтаминација | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Продукти што се деконтаминираат** | **Радиолошка** | **Х е м и с к а<br>Пари на бојни отрови** | **Течни бојни отрови** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | Маст, путер | Со отстранување на површинскиот слој поголем од длабочина на продирање и со отстранување | Со отстранување на површинскиот слој со дебелина од 2-3 см. | Начелно се уништуваат, бидејќи продираат длабоко и се разградуваат во неа |
| 2. | Млеко | Се преработува во млеко во прав, во сирење, во путер | Се уништува | Се уништува |
| 3. | Сирење | Се отстранува површинскиот слој . | Се преработува и отстранува површински слој | Се уништува |
| 4. | Риба | Добро се измива со детергент и чиста вода, се вадат изнутриците и добро се измива внатрешноста | Се промива 2-3 пати и се вари 2 ч. Водата после првото вриење се фрла | Помалите риби се уништуваат кај пого-лемите се отстрануваат крлушките и површинскиот слој од 2-3 см се измива и потопува во вода 1,5-2 часа, а потоа се вари при што првата вода се фрла |
| 5. | Месо | | | Со отстранување на површински слој со дебелина |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | 2-3 см. Останатите количини добро се измиваат и термички се обработуваат. |
| 6. | Сувомеснати производи | Со отстранување на површински слој | | Со отстранување на слој 2-3 см одма после контаминацијата, ако поминало повеќе од 1 ч. Се уништува |

**Прилог број 10**

**П Р Е Г Л Е Д**
**на продукти од растително потекло што се деконтаминираат и начин на деконтаминација**

| Ред. бр. | Продукти од растително потекло што се деконтаминира | Радиолошка | Х е м и ска Гасовити бот | Течни бот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | Брашно | со одстојување ако се радионуклидите со краток век, со отстранување на амбалажата ако се пакувани, со префрлање во друга чиста амбалажа | Со проветрување и термичка обработка, а ако се гасови од кијавици и пликавци се отстранува површинскиот слој | - се отстранува површинскиот слој дебелина 5-6 см. А останатата количина е проветрува |
| 2. | Леб (двопек) пакован во поливинилски фолии | - со бришење и отстранување на амбалажата | - со проветрување и термичка обработка | Не се деконтаминира и се уништува |
| 3. | Леб (двопек) незаштитен | - во краен случај се отстранува горниот слој кај лебот, а двопекот се уништува | - со проветрување и термичка обработка | Не се деконтаминира и се уништува |
| 4. | Шеќер | Со одстојување ако се радионуклидите со краток век | - со проветрување | со отстранување на површинскиот слој со дебелина 5-6 цм. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Зелка, салата, лук, кромид | Со отстранување на надворешните листови и повеќекратно измивање | Со проветрување и повеќе кратно испирање | Со отстранување на надворешните листови, а потоа со термичка до обработка (готвење) или промивање неколку пати со топла вода |
| 6. | Компир, морков, краставица, пиперка, патлиџан | Со отстранување на надворешниот (горен) слој и повеќекратно измивање | Со проветрување и испирање | Со отстранување на горниот слој, а потоа со термичка дообработка |
| 7. | Овошје | Со отстранување на надворешниот (горниот) слој и повеќекратно измивање | Со проветрување и испирање | Со отстранување на горниот слој, а потоа со термичка дообработка |

# ПЛАН
# ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Скопје 2026 година**

## ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

с о д р ж и н а :

I. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНАТА ЗА МЕРКАТА УРНАТИНИ

1. Географска положба на Општина Карпош
2. Земјотреси
3. Население
4. Хидрографија
5. Метеоролошки услови
6. Сообраќајна мрежа и комунална инфраструктура

II. ПРОЦЕНА НА ОПАСНОСТИ И ЗАГРОЗЕНОСТ ОД УРНАТИНИ

III. ПОТСЕТНИК **за задачи и активности при употреба на Планот за заштита од урнатини**

IV. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

1. Превентивни мерки за заштита и спасување од урнатини
2. Оперативни мрки за заштита и спасување од урнатини

V. ПРЕГЛЕД НА ПОДРАЧЈА ЗАГРОЗЕНИ ОД **урнатини (карта)**

- подрачја подложни на рушење - уривање
- собирни места за укажување помош на настрадани од урнатини
- собирни места за депонирање на материјал од урнатини
- приоритети при расчистување

## VI. АНГАЖИРАЊЕ НА СИЛИ ЗА ЗАШТИТА ОД УРНАТИНИ
## VII. ПРИЛОЗИ И ДОКУМЕНТИ КОН ПЛАНОТ

**Прилог бр. 1** Работна карта граници на Општината и на урбаните заедници, карактеристики и активности за мерката
**Прилог бр. 2** Постапка за начин на известување на население
**Прилог бр. 3** Упатство за воспоставување и одржување на ред
**Прилог бр. 4** Преглед на здравствени установи
**Прилог бр. 5** Процена за број на жители за евакуација
**Прилог бр. 6** Преглед на телефони и други податоци од лица органи, организации и институции вклучени во Заштита и Спасување.
**Прилог бр. 7** Скала на сеизмички интензитет - МЦС

# I. ОПШТИ КАРАКТЕРИСКИТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА

## 1. ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА НА ОПШТИНА КАРПОШ

Карпош е Скопска општина и се наоѓа лоцирана во западниот дел од градот Скопје, а зафаќа еден дел и од централно градско подрачје. Нејзината вкупна површина изнесува 105 км2 и таа е втора по големина општина во Скопје. Овде влегуваат руралните населби Бардовци и Горно Нерези, како и урбаната зона Скопје -Карпош. Последната поделена е уште на неколку урбани единици, како што се: Карпош 1, Карпош 2, Карпош 3, Карпош 4, Влае и др. Просечната надморска височина изнесува 362м. Според најновата територијална организација, кон урбаниот дел на Општината Карпош се припоени населбите Влае, Долно Нерези и Злокуќани.

Границата на Општина Карпош започнува од железничкиот мост на реката Лепенец и се движи по границата со Општина Ѓорче Петров, до локалитетот Лака на реката Вардар, продолжува по надворешните граници на катастарските општини КО Горно Нерези, КО Горно Водно, односно по сртот на планината Водно до месноста Теферич, свртува на северозапад до над Институтот за земјотресно инженерство и Инженерска сеизмологија ИЗИИС, продолжува по проектираната јужна обиколница на Градот Скопје до улицата 550, свртува по неа до раскрсницата со улицата Козле, оди по улицата Козле до крстосницата со проектираната улица која поминува меѓу населбите Козле и Капиштец и излегува на крстосницата на улиците Теодосие Гологанов и Рузвелтова, продолжува по улицата Рузвелтова, ги сече булеварот Партизански одреди и улицата Илинденска, продолжува по пешачката улица меѓу Зоолошката градина и првиот дел на Градскиот парк, минува преку пешачкиот мост на реката Вардар, свртува спротивно по реката Вардар, излегува на булеварот Никола Карев, свртува на исток по булеварот Никола Карев, до влезот на касарната Илинден, продолжува по источната ограда на касарната, потоа по новата улица “Словеначка” што води од крстосницата на улиците Втора македонска бригада и Македонско -косовска бригада до магистралниот пат Скопје – Блаце, продолжува по надворешните граници на КО Злокуќани и КО Бардовци до реката Лепенец и по реката Лепенец до мостот на железничката пруга.

## 2. ЗЕМЈОТРЕСИ

Географската положба, геолошкиот состав и хидрометереолошките услови во Р. Македонија, се мошне честа причина за елементарни несреќи, како земјотреси со послаб и појак интензитет, лизгање и уривање на земја, поплави, силни ветрови и сл.

Подрачјето на Р. Македонија е особено подложно на чести земјотреси.

Во вонредните услови што ги предизвикуваат овие опасности, последиците, особено жртвите можат значително да бидат намалени со добра организираност,

обученост и познавање на обврските, мерките и постапките што во такви услови треба да ги извршуваат граѓаните и институциите.

Од овде произлегува правото и должноста на секој граѓанин да се запознае со распоредот, задачите и постапките во разни услови на природни несреќи.

За последиците од земјотреси секој знае, но малку кој размислувал и знае што треба да стори во случај на таква непогода. Спонтаните и паничните постапки се најчести и мошне опасни, затоа настојувајте во такви услови да внесете повеќе организираност и колку што е можно повеќе да ги контролирате вашите постапки.

## 3. НАСЕЛЕНИЕ И НАСЕЛБИ

Вкупниот број на жители изнесува 63.760 со што се наоѓа на четвртото место во Скопје. Густината на населеност изнесува 570 жители на еден км2, со што се наоѓа на претпоследното, деветто место во Скопје. Најголемиот број живеат во урбаната зона Скопје -Карпош, односно 58.024 или 97%. Во Бардовци живеат 1.472 жители, или 2,46%, а во Горно Нерези само 314 жители или 0,52%. Просечната густина на населеност изнесува 570 жители на еден км2, така што таа е една од најретко населените во Градот Скопје, и се наоѓа на деветтото место.

Во однос на националната припадност 88,52%, или 52.943 жители, се Македонци; 3,67% или 2.195 жители се Срби; 3,26% или 1.952 жители се Албанци итн.

Оваа Општина слично како и Општина Аеродром, претежно е наменета за живеење, а бројот на стопанските и другите објекти, не сметајќи го хотелот “Александар Палас”, е незначителен.

### БРОЈ НА ЖИТЕЛИ ВО ОПШТИНАТА КАРПОШ ВО ОБЛИЦИТЕ НА МЕСНАТА САМОУПРАВА

| | | |
|---|---|---|
| 1. | “Кузман Ј. Питу” | 6733 |
| 2. | “Владо Тасевски” | 4450 |
| 3. | “Тафталице 1” | 4262 |
| 4. | “Пецо Б. Кочо” | 4483 |
| 5. | “Тафталице 2” | 4505 |
| 6. | “Нерези” | 4358 |
| 7. | “Карпош 1” | 4570 |
| 8. | “Карпош 2” | 3690 |
| 9. | “Карпош 3” | 5679 |
| 10. | “Карпош 4” | 7760 |
| 11. | “Влае 1” | 3720 |
| 12. | “Влае 2” | 2781 |
| 13. | “Злокуќани” | 1520 |
| 14. | “Бардовци” | 1472 |
| | **ВКУПНО ЖИТЕЛИ:** | **63,760** |

## 4. ХИДРОГРАФИЈА

На подрачјето на Општина Карпош, течат следните реки и водотеци:
-дел од реката Вардар во должина од околу 4000 м;

-реката Лепенец на дел од Општината со околу 2000 м.;

-реката Серава со околу 1000 м.;

-неколку канали од Водно со должина од повеќе километри ;

-подземни води кои се на длабочина под 10 м.

Каналската мрежа се состои од посебни канали за одводнување на атмосферските и фекалните води. Атмосферските и фекалните води се слеваат во реката Вардар.

Реката Вардар низ Скопската котлина поминува во должина од околу 55 км, широчината од 40 до 80 метри, а длабочината од 1,2-2,5 метри, средна брзина на водата 2м/с, а при максимален водостој и до 3,5 м/с.

Поради честите поплави во Скопје и Скопската котлина на коритото на р. Вардар на градскиот потег (устие Треска – нас. Влае - нас. Аеродром) извршени се одделни регулациони зафати за заштита од поплави, односно извршена е регулација на коритото со должина од 12,05 км.

Коритото на реката Серава во делот на Општина целосно е регулирано.

Реката Вардар ја дели Општината на два дела, едниот и другиот дел се поврзани со мостови од кои два служат за само премин на пешаци а другите се за целокупниот сообраќај во Општината и Градот Скопје.

## 5. МЕТЕРОЛОШКИ УСЛОВИ

На подрачјето на Општина Карпош климата е умерено -континентална. Оттаму произлегуваат и две по изразени годишни времиња студена (континентална) и влажна (медитеранска) зима и суво и топло лето.

Дуваат три видови на ветрови, Повардарец, Југо и ветерот од северозапад.

Температурите во летниот период достигнуваат и до +45 º С, а во зимскиот период може да достигнат и до – 25 º С.

Врнежите го достигнуваат својот максимум во декември 555 мм/м2 и во мај 521 мм/м2.

Снежните врнежи се најголеми во месец декември и јануари и може да достигнат и до 50 см.

Маглата е најприсутна во есенските и пролетните месеци и тоа во Скопската котлина, просечно околу 72 дена.

## 6. СООБРАЌАЈНА МРЕЖА И КУМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Подрачјето на Општина Карпош во поглед на орографските карактеристики претставува претежно рамничарска површина, но тука е и дел од планината Водно, како и височината Зајчев рид.

Општината со Градот и со соседните општини се поврзува со булевари, а дел со поголеми локални улици и тоа:
-Бул.”Партизански одреди”
-Бул.”8-ми Септември”
-Бул.”Илинден”
-ул.”Митрополит Теодосие Гологанов”
-ул.”Рузвелтова”
-ул.”Ацо Шопов”
-ул.”Скупи”
-ул.”Словенечка”
-ул.”Орце Николов”
-ул.”Никола Карев”
-ул.”Московска”
-ул.”Трнодол”
-ул.”Жданец”
-Пат за Горно Нерези
-Пат за с.Бардовци
-ул.”Адолф Циберовски”

и други локални улици што се наоѓаат на територија на Општина Карпош како и регионалниот пат Скопје -Блаце.

На подрачјето на Општина Карпош исто така се наоѓаат и неколку мостови и тоа:
-Мост ”Обединети нации”
-Мост ”Железнички мост”
-Мост на бул.”8-ми септември”
-Мост на река Лепенец
-Мост ”Газела”
-Надвозник ”Влајко”

Комуналната инфраструктура во Општината е развиена и овозможува снабдување со вода, електрична енергија, парно затоплување, ПТТ сообраќај и дистрибуирање на отпадни, фекални и атмосферски води.

## II. ПРОЦЕНА НА ОПАСНОСТИ И ЗАГРОЗЕНОСТ ОД УРНАТИНИ

Во поглед на геолошкиот и тектонскиот состав на теренот, Скопскиот регион претставува специфично подрачје и е познат како сеизмично трустно подрачје.

Морфолошки гледано во рамките на административната граница на Скопскиот регион покрај Скопската котлина влегуваат планините Скопска Црна Гора, Жеден, Осој, Каршијака, Сува планина, Китка, Водно како и други помали ридови.

Скопската котлина претставува нео тектонска депресија исполнета со нео гонски наслаги.

Нео депресијата Лепенец е распространета меѓу селата Злокуќани, Ново Село и Бардовци, во должина од 3000 метри, ширина 750-1200 метри и дебелина околу 130 метри.

Скопското сеизмолошко подрачје претставува пример на жариште кое е манифестација на современи тектонски процеси во рамките на Скопската котлина и при контактни равни делови и спаѓа во сеизмолошки извори од прв ред каде што се случени земјотреси со М=6,1-7,8, односно се очекуваат максимални магнитуди М = 6,5 – 8,0.

Катастрофалниот земјотрес од 1963 година е посебно ригорозен пример на екстремна сеизмичка опасност. Бројот на жртвите од 1070 и 3300 повредени лица, штетите на материјални добра во однос на националниот доход ги надминува сите дотогашни катастрофални земјотреси во светот.

Подрачјето на Општина Карпош покрај висока сеизмичка активност се карактеризира со густа населеност посебно во урбаните средини и одреден број на стари санирани и несанирани објекти.

Во поголемиот дел на Општина Карпош се застапени повеќе катни армирано - бетонски градби, согласно предвидениот степен на сеизмолошката карта.

Градбата на објектите е различна и тоа:

- ново изградените објекти се изградени со рам - конструкција од армиран бетон и зидани со полна тула и асеизмички градени.
- во населбите Тафталиџе 1, Тафталиџе 2, Влае 1, Влае 2, Козле и др. каде што после земјотресот 1963 година се изградени бараки. Тие бараки денеска приближно 80% се реконструирани и изградени се семејни куќи со армирано бетонска конструкција и ѕидани со полни и шупливи тули.
- во делот на Карпош 3 и 4 се претежно се изградени од монтажно армирано бетонски елементи на фабриката Карпош.
- дел од објектите во Општина Карпош се блок - систем кој после земјотресот се реконструирани и засилени.

Градбите од типот на монтажно тешки панели се најчесто со висина од П+ 7 ката и истите се најсигурни до овие висини.

Скелетниот систем е многу подобар во смисла на изведување на објекти од поголема катност од П+17 до П+25 и издржува поголеми земјотреси од 7-9 степени MCS.

За карактеристиките на постојниот градежен фонд по подрачјето на Општината и степенот на ранливост од земјотреси поголеми од 7 до 9 степени MCS тешко е да се зборува без претходна изработка на комплексна студија за состојбата на градежниот фонд но во глобална оценка може да се констатира:

1. Изградените нови објекти по земјотресот во општествениот сектор се со најголем степен на заштита и во случај на катастрофални земјотреси не треба да се очекуваат урнатини (во исклучителен мал обем), а можат да се очекуваат локални оштетувања во конструкциите и крупни оштетувања во преградните ѕидови, инсталации и друго.

2. Постојните објекти што се санирани по земјотресот се категорија на објекти каде постои најголема диспропорција со оглед на зафатите што се превземени. Така има ѕидани објекти во населба Карпош 2 кој се санирани со армирано бетонски елементи и обележани ѕидови со мрежеста арматура и бетон, чија сигурност е голема, меѓутоа има исто така објекти чие санирање е изведено провизорно и со делумно зајакнување. Кај овие објекти се очекуваат големи оштетувања и уривања во случај на земјотреси од 7-9 степени , според Меркалиевата скала.

3. Кај постојните објекти што не се санирани постои голема разлика од оние што биле без оштетувања што не значи дека во иден земјотрес со други карактеристики исто така добро ќе се однесуваат, а има и објекти кои се уште егзистираат со пукнатини и не е спроведено нивно конструктивно санирање. На оваа конструкција на објекти може да се очекуваат најголеми уривања и оштетувања.

4. Новите објекти од посебна важност се проектирани со поголем степен на заштита и во најголем број на истите ќе бидат употребливи веднаш по земјотресот.

5. За индивидуалните станбени згради и покрај тоа што не се под директна контрола, вообичаени начини на градење зборуваат дека е со доста голем степен на заштита и во тој фонд не би требало да очекуваме големи уривања.

Одговор на горните претпоставки квантитативно и квалитативно треба да се дадат во студијата за ранливоста на Градот Скопје, која ќе послужи на Општината како основа за идните планирања во процесот на заштитата.

Во поглед на метежот на сообраќајниците не треба да се очекува поголем проблем бидејќи сообраќајното решение во Општина Карпош е солидно изведено, каде што има три подолги сообраќајници и тоа: ул. Илинденска, Бул. Партизански Одреди и ул. Митрополит Т. Гологанов кој се поврзани со повеќе попречни сообраќајници кој овозможуваат непречен пристап на ПП возила до сите делови на Општината. Меѓутоа најголема опасност постои во густо населените населби каде катноста на зградите е висока, а станбените улици се тесни како што е случај во населбите Карпош 1, Карпош 2, Карпош 3, Карпош 4 и Влае 2 - Порта Влае.

Призмите и уривањата на објектите зависат од конструктивните системи се цени дека нема услови за легнување на згради каде што должината на урнатината да е еднаква на висината, туку уривање на “купови” при што зафатената површина ќе изнесува околу 1/5–1/8 од висината на зградите.

При евентуални катастрофални земјотреси (од 7 до 9 степени MCS) последиците од уривање на објектите процентуално би биле далеку помали од оние во 1963 година. Процентот на уривање на објекти се проценува дека ќе изнесува околу 50% од станбениот фонд и другите објекти.

Логично е да се очекуваат и човечки загуби при појава на катастрофални земјотреси. Се проценува дека при земјотреси од 7 до 9 степени MCS човечките загуби да

изнесуваат околу 2% од вкупното население, односно околу 2.600 лица, додека бројот на повредените би изнесувал 10 до 15%.

## III. ПОТСЕТНИЦИ ЗА ЗАДАЧИТЕ НА СИЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО ИЗВРШУВАЊЕ НА ПЛАНОВИТЕ ПО МЕРКИТЕ ЗА ЗАШТИТА и СПАСУВАЊЕ

### 1. Општински штаб за заштита и спасување

Општинскиот штаб заради успешно реализирање овој план покрај другото ги врши и следните активности:
- врши процена на заштита и спасување на луѓето и материјални добра;
- ги утврдува мерките за заштита и спасување на населението и материјалните добра при опасност и настанување на природни несреќи;
- ги утврдува собирните места за прифаќање на повредените граѓани;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
- раководи си силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување;
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организации вклучени во мерката заштита од урнатини;
- доколку размерот на опасностите од поплави се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, Општинскиот штаб дава предлог до Градоначалникот на Општината да се бара помош од Регионалниот, Републичкиот штаб или соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општината Карпош;
- воспоставува посебна соработка со државните органи и организации, службите и претпријатијата чија дејност е непосредно е сврзана со задачите од заштита од урнатини;
- соработува со Црвен крст на РСМ – Општинска Организација на Црвен крст - Карпош;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, Општинскиот штаб за Заштита и Спасување го исвестува Градоначалникот и Советот на Општината при што за

одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;
- обезбедува услови за ефикасно и благовремено известување за опасностите и акциите за заштита и спасување, особено преку Центрите за управување со кризи во Општината и Градот;

- донесува Упатства за мерки, задачи, активност и носители за воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја.

**Командант на Општински штаб за заштита и спасување**

Командантот на Општинскиот штаб заради успешно реализирање на плановите за Заштита и Спасување покрај другото ги врши и следните активности:
- раководи со штабот и преку него со акциите за заштита и спасување;
- врши конкретна процена на состојбата од настанатата природна непогода која ја предлага на штабот;
- предлага мерките за заштита и спасување на населението и материјалните добра од настанатата природна непогода;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
- издава наредба за упатување на единиците за Заштита и Спасување на местото на почетокот на нивното дејствување;
- ги следи активностите на силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување и ја оценува нивната успешност односно неуспешност;
- соработува со Регионалниот, Градскиот и Републичкиот штаб за заштита и спасување и со штабовите за заштита и спасување на соседните општини
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организации вклучени во мерката заштита и спасување;
- доколку размерот на опасностите од урнатини се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, до Општинскиот штаб дава предлог, преку Градоначалникот на Општината да се бара помош од Регионалниот, Републичкиот штаб или од соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општината Карпош;
- соработува со државните органи и организации, службите и претпријатијата чија дејност е непосредно е сврзана со задачите од заштита и спасување;
- соработува со Црвен крст на РСМ – Општинска Организација на Црвен крст - Карпош;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, го известува Општинскиот штаб за Заштита и Спасување, Градоначалникот и Советот на Општината при што за одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;
- за ефикасно и благовремено организирање, раководење, известување за опасностите и акциите за заштита и спасување, ги користи постојните мирновременски врски, средствата за јавно информирање и известување курирските врски на Штабот и на Општината и Градот во целина, а особено Центрите за управување со кризи во Општината и Градот;

- изготвува или донесува Упатство за мерки, задачи, активност и носители за воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја;

- врши и други задачи и активности кои се во функција за успешно спроведување на мерките за заштита и спасување согласно состојбите на теренот.

**Началник на Општински штаб за заштита и спасување**

- учествува во проценување на подготвеноста на силите за Заштита и Спасување за дејство во отстранување на последиците од појавената опасност;
- ги спроведува наредбите на Командантот и на Општинскиот штаб;
- го организира воспоставувањето на врските со силите за Заштита и Спасување и штабот;
- ја спроведува наредба за проверка на пополнетоста на Штабот и единицата со воени обврзници и материјално - технички средства;
- по можност извршува кратка обука со единиците заради поефикасно користење на материјално - техничките средства;

- ја спроведува наредба за упатување на единиците за Заштита и Спасвуање на местото на почетокот на нивните зафати и нивно извршување;
- во случај на настанување на проблеми во извршување на задачите на штабот или единиците се ангажира за нивно разрешување;
- ја следи активноста на единиците за заштита и спасување и по потреба предлага нови мерки и задачи;
- учествува во изработка на информации за преземените активности;
- учествува во изработка на наредби, одлуки и други акти;
- соработува со началниците на штабовите за заштита и спасување на Регионалниот, Републичкиот, Градскиот и Општинските штабови за заштита и спасување на соседните општини;
- во отсутност на командантот ги презема сите негови надлежности.

**Помошници на Началникот за мерките за кои се задолжени**

- во зависност од наредбата а согласно моментната состојба на теренот за потребите на силите за Заштита и Спасување врши организација за обезбедување на неопходни материјално - технички средства;
- ја спроведуваат Наредбата за упатување на единиците за заштита и спасување на местото на почетокот на нивното ангажирање;
- непосредно соработува и им дава помош на раководниот кадар на единиците за заштита и спасување со кои располага општината.
- го организираат и го пратат воспоставувањето на врските со одделението за заштита и спасување и штабот;
- го пратат движењето на единиците во правецот на дејствување, односно нејзиното ангажирање во отстранување на последиците и по потреба предлага дали е потребна помош од други единици;

- ја организира и следи состојбата во собирните места за прифаќање на повредените и ги прати транспортот на повредените до собирните места односно до здравствените установи;
- ја организира и следи состојбата во собирните места за прифаќање на евакуираните граѓани од подрачја каде настанале урнатините;
- ги организира и спроведува Упатствата донесени од Општинскиот штаб;
- изготвува информации за преземаните активности;
- врши и други работи и задачи кои ги добива од командантот односно штабот за заштита и спасување.

## IV. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

### 1. Превентивни мерки

Познато е дека во урбани средини, административни центри и важни региони изложени на можности за појава на земјотресни дејства неопходно е планирана и организирана заштита. Потребните мерки и активности пред појавата на земјотреси како перманентни задачи и обврски се:
- Урбанистичко и регионално планирање, вклучувајќи ги и асеизмичкото проектирање и градење на објектите во соодветниот регион при што треба да се избегне густината и групирањето и станувањето, децентрализација на важни функции и планирања на алтернативни комуникации.
- Во услови на планирана заштита посебно внимание треба да се обрне на комуникациите и тоа на комуникациите од сите аспекти: сообраќајници, телефонско - телеграфски и радио комуникации како и можноста за информираноста на населението.
- Од посебен интерес да се истакне дека при проектирањето и планирањето да се води сметка за стратешки важните објекти како што се: болници, училишта, важни

административни и други објекти, комуникациони центри и други за кои е потребен поголем степен на заштита.

Организираната заштита подразбира директно вклучување на сите структури како би се овозможило делување во случај на катастрофален земјотрес и настапување со однапред подготвени планови.

Евакуација на населението, спасување на луѓето, гасење на пожари, расчистување на урнатини за комуницирање, давање на медицинска помош, поправка на мрежите од посебна важност - струја, вода, телефон и друго јавни работи и информации и други активности.

Вградувањето на мерките за заштита и спасување во просторните и урбанистичките планови мора да во согласност со утврдените законски норми и прописи. Во тој поглед при планирањето на просторот за развој на Градот, населбите и индустриските, сообраќајните, енергетските, ПТТ и сите др. дејности и објекти да се обезбеди почитување на барањата и потребите на одбраната и заштитата.

Планирањето, проектирањето и изградбата на засолништа е една од значајните мерки за заштита на луѓето и материјалните добра од воени дејства преставува мошне сложена задача.

Од сето ова може да се заклучи дека спроведувањето на урбанистичко - техничките нормативи мора доследно да се применуваат а особено во централното градско подрачје.

## 2. Оперативни мерки за заштита

Од горе кажаното може да се заклучи дека Општината Карпош како најгусто изградено и населено подрачје е најмногу изложено на големи ризици од уривање од евентуален катастрофален земјотрес.

За таа цел потребно е итно расчистување на урнатините и спасување на загрозените граѓани. Затоа Општинскиот штаб ќе ангажира единици за спасување и расчистување од урнатини кои се опремени со материјално технички средства според пропишаната формација.

Покрај овие сили и средства што се пропишани со формациите во системот за расчистување ќе бидат вклучени и тешката механизација од градежната оператива која во нашиот град ја има во доволна мера .

### Приоритети при расчистување

Бидејќи на подрачјето на Општината секојдневно се градат нови објекти, кои во основ треба да се асеизмичко градени тешко е да се каже кои реони ќе бидат најзагрозени од урнатини и затоа не е можно однапред да се утврдат приоритетите за расчистување. Во основа приоритети ќе бидат во расчистување на урнатините и

улиците, особено оние кон здравствените организации како и инсталациите на комуналната инфраструктура.

По воспоставувањето на нормално комуницирање по сообраќајниците за непречено интервенирање на другите единици и служби тежиште на приоритетно интервенирање би требало да биде во најзагрозените делови на Градот каде се очекува и најголем број затрупани и загинати граѓани, а тоа се станбените зони во Општината Карпош, како и во поголемите населби. За таа цел ќе се превземаат следните мерки:

-За успешно спроведување на организирана прва медицинска помош во услови на вонредни состојби и други опасности во Општинскиот штаб се формираат специјализирани единици за прва медицинска помош со потребните материјално технички средства. Овие единици како и здравствените установи во Градот ќе бидат вклучени во давањето превентивна медицинска заштита како и поголеми оперативни зафати на настраданото население. Доколку има поголеми оштетувања на болничките простории за таа цел предвидени се медицински шатори за хируршки интервенции и слична здравствена заштита.

-Идентификација и погребувањето на затрупани или загинати лица ќе го вршат единици за асанација кои имаат задача да ги откријат т.е. идентификуваат и соберат на едно место загинатите и организирано да се погребат.

- При појава на евентуални пожари за нивно локализирање и гасење ќе се грижи ПП бригадата на Градот како и доброволните ПП друштва што се формирани по општините и поголемите работни организации.

- За спроведувањето и организирањето на здравствената заштита, а особено за хигиенско – епидемиолошката заштита во Градот надлежен е Здравствениот дом на Градот Скопје.

Градската управа за внатрешни работи презема конкретни мерки за обезбедување на имотот од кражби и за регулирање на сообраќајот.

## V. ПРЕГЛЕД НА ПОДРАЧЈА ЗАГРОЗЕНИ ОД УРНАТИНИ (карта)

а) **Собирни места за прифаќање и укажување помош на настрадани**

Во зависност од елементарната несреќа, местоположбата на настанување, на несреќата, последиците од истата и потребите за давање на прва помош и неопходно згрижување на повредените се определуваат собирни места за прифаќање на повредени и тоа:

**1. Собирно место Спортски игралишта Влае** ( локација - населба Влае 2, Спортско рекреативен центар Влае)

Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Влае 1 и УЗ Влае 2.

**2. Собирно место Партизан** (локација - Спортска сала Партизан во Карпош 4)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Карпош 4.

**3. Собирно место Базен Младост** (локација – празниот простор околу Базен Младост, паркинг простор Спортска сала Борис Трајковски)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Карпош 1, УЗ Карпош 2 и УЗ Карпош 3.

**4. Собирно место Братство** (локација - ООУ Братство во УЗ Тафталиџе 2)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Тафталиџе 2 и УЗ Нерези.

**5. Собирно место Алумина** (локација - празниот простор карши Фабриката Алумина)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Тафталиџе 1, УЗ Кузман Јосифовски – Питу и дел од УЗ Пецо Божиновски - Кочо.

**6. Собирно место Бардовци** (локација - Фудбалското игралиште во село Бардовци)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарни несреќи од МЗ Бардовци.

**7. Собирно место Злокуќани** (локација - Фудбалското игралиште во населбата Злокуќани)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарни несреќи од УЗ Злокуќани.

**На собирните места ќе бидат ангажирани, одделение за ПМП од Универзалната единица, екипи на Црвен крст а по потреба и одделение за ПМП од подрачните специјализирани единици.**

**б) Правци на движење**

Правците на движење за транспорт до собирните места и до најблиските здравствени установи ќе бидат во согласност со проодноста и близината на улиците по кои треба да се транспортираат повредените.

**в) Транспортни средства**

За транспортирање на повредените ќе се користат сите превозни средства на единиците за Заштита и Спасувње, а по потреба ќе се бара помош од здравствените установи, додека за полесно повредените ќе се бара превоз од ЈСП Скопје.

**г) собирни места за депонирање на материјал од урнатини**

По добиените информации од Центарот за управување со кризи и Дирекција за заштита и спасување во кои реони има урнатини се проценува кои улици (правци) се приоритетни за нивно расчистување, за да полесно се изврши дислокација на материјалот од урнатините до местото за депонирање. Место за депонирање на материјалот од урнатините од реонот на Општина Карпош во прво време е празниот простор позади Скејт паркот на кејот на реката Вардар и дел во Депонија „ Дрисла”.

## VI. ПРЕГЛЕД НА ПОДРАЧЈА ЗАГРОЗЕНИ ОД УРНАТИНИ
## (карта)

- подрачја подложни на рушење - уривање
- собирни места за укажување помош на настрадани од урнатини
- собирни места за депонирање на материјал од урнатини
- приоритети при расчистување

## VII. АНГАЖИРАЊЕ НА СИЛИ ЗА ЗАШТИТА ОД УРНАТИНИ

За успешна интервенција и отстранување на опасностите и последиците во случај на природни несреќи и други несреќи се ангажираат сите субјекти на подрачјето на Општината.

Како посебно организирани сили кои се ангажираат на подрачјето на Општината се следните:
- Територијална противпожарна единица – Карпош;
- Универзална единица за Заштита и Спасување на Општина Карпош;
- Специјализирани единици на Дирекција за Заштита и Спасување –подрачна единица Карпош;
- Специјализирани единици на Дирекција за Заштита и Спасување –подрачна единица – Скопје;
- Месни сили за Заштита и Спасување во јавни претпријатијата, установи и служби кои имаат обврска да ги формираат;
- Центарот за управување со кризи -подрачни за Градот и Општината;
- Претпријатија за снабдување;
- Градежни и сообраќајно транспортни претпријатија;
- Здравствени установи;
- Организациите на Црвен крст и други невладини организации;

Со спроведувањето на мерките за заштита со кои се спречуваат, отстрануваат или ублажуваат непосредните последици и се обезбедува заштита на луѓето и материјалните добра на подрачјето на Општината, раководи Општинскиот штаб за заштита и спасување во согласност со **Потсетниците за употреба на плановите за заштита и спасување по соодветните мерки** кои се составен дел на овој документ.

Силите за заштита и спасување на Општината се ангажираат согласно планот за заштита и спасување дел - подготвеност, мобилизација и ангажирање на силите.

Силите за заштита и спасување на Општината се опремуваат со опрема согласно Одлуката на Владата на РСМ за утврдување на личен и материјален состав.

## VIII. ПРИЛОЗИ И ДОКУМЕНТИ КОН ПЛАНОТ

**Прилог бр. 1** Работна карта -граници на Општината и на урбаните заедници, карактеристики и активности за мерката
**Прилог бр. 2** Постапка за начин на известување на население
**Прилог бр. 3** Упатство за воспоставување и одржување на ред

**Прилог бр. 4** Преглед на здравствени установи
**Прилог бр. 5** Процена за број на жители за евакуација
**Прилог бр. 6** Преглед на телефони и други податоци од лица органи, организации и институции вклучени во Заштита и Спасување
**Прилог бр. 7** Скала на сеизмички интензитет - МЦС

## Прилог број 2

## Постапка за начин на известување на население (тревожење)

**I. Тревожење**
**II. Постапка на граѓаните на даден знак за тревожење**

### I.Тревожење

Знаците за тревожење („Службен весник на Република Македонија„ број 9/2007) преставуваат сигнали со кои се известува и тревожи населението преку инсталираните сирени од системот за тревожење.

**а. Знаци за тревожење**

Знаци за тревожење во Р. Македонија во случај на појава на опасност се:

- **знак за општа опасност**
- **знак за престанок на опасноста**

Знакот за општа опасност се емитува при појава на ризици и опасности со вклучување на сирените од системот за тревожење со непрекинат завивачки тон во траење од 60 секунди.

Знакот за престанок на опасноста се емитува при престанок на ризикот и опасноста со вклучување на сирените од системот за тревожење со едноличен тон во траење од 60 секунди.

Тревожењето го врши Центарот за управување со кризи преку Регионалните центри за управување со кризи во Општината Карпош и Градот Скопје.

С П И С О К

**на сирени лоцирани во Општината Карпош – Скопје**

| **Ред. бр.** | **Л О К А Ц И Ј А** | **вид** | **З А Б Е Л Е Ш К А** |
|---|---|---|---|
| 1. | 2. | 3. | 4. |
| 1. | ООУ Јан Амос Коменски | електрична | |

**Прилог број 3**

УПАТСТВО

**за воспоставување и одржување на ред во настрадани зони**

Силите за заштита и спасување се ангажираат во настраданите зони од елементарни несреќи и други несреќи во зависност од дејствието, урнатини, пожари, експлозии и други несреќи, за отстранување на последиците, и спроведување на

соодветни хуманитарни активности за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра.

За нивното непречено ангажирање во активностите и задачите, командата на единиците одредуваат определен број на припадници кои имаат за задача да одржуваат ред во настраданата зона.

Овие припадници на себе носат видливи белези и имаат за цел да ја заштитат загрозената зона од непредвидени упади на надворешни лица кои би можеле да предизвикаат пожари, експлозии, кражби и слични дејства со кои би ги загрозиле животите на граѓаните и припадниците на силите за заштита и спасување, како и отстранување и спречување на граѓаните да упаднат во загрозената зона каде се врши интервенција од единиците за заштита и спасување. Во објектите, зградите и сл. на влезовите се поставува лице кое го контролира влегувањето, односно излегувањето.

Градската управа за внатрешни работи ги спроведува потребните мерки на јавниот ред и безбедноста на загрозените подрачја за време на елементарни несреќи, а особено се грижи за заштита на имотот и обезбедување на местата каде што е настаната непогодата.

При вонредните состојби во Градот настанува посебен режим на сообраќајот и органите за контрола и регулирање на сообраќајот своите активности ги прилагодуваат да дадат приоритет на оние возила и правци на движење кои учествуваат во укажување на помош на загрозените и во отстранувањето на последиците. Во целиот тек на отстранување на последиците се користат расположивите средства за врски особено телефонски и радио врски, а при тоа и радио врските и другите врски на органите за внатрешни работи се ставаат во функција на заштитата и спасувањето од вонредни состојби.

Во случај на повреди на луѓето од било кои причини особено при масовни несреќи здравствените установи во градот сите свои расположиви сили и средства ги насочуваат кон спасување на повредените настраданите лица.

Заводот за трансфузија со крв како и организацијата на Црвениот крст се грижат за спроведување на акциите и програмата за доброволно дарување на крв во Заводот се создадени услови да се чуваат одредени количини на крв и крвна плазма кои се неопходни.

При Заводот за здравствена заштита работи посебно одделение за хигиенско - епидемиолошка заштита кое ги следи состојбите на Градот и Општината за опасноста од појава на заразни болести и епидемиолошки заболувања.

За време на вонредните состојби населението се обезбедува и организирано со прехранбени и други потребни артикли. Снабдувањето на загрозените и настраданите делови од Градот ќе се извршува од оние реони кои не се зафатени со вонредната состојба или ако поголемо подрачје е зафатено, се очекува помош од соседните градови и користење на стоковите резерви на Градот и Републиката.

Во ава област особено е значајна координацијата на надлежните органи заради воспоставување соработка со производните, прометните и услужните претпријатија

заради обезбедување на најнеопходните средства за живот, храна, облека, постелнина и др.

Горе наведените мерки и активности за воспоставување и одржување ред се преземаат и на собирните места утврдени од Општинскиот штаб, за прифаќање на повредените граѓани.

При воспоставување и одржување на ред во настрадани зони и изведувањето на акциите за заштитата и спасување припадниците за одржување на ред соработуваат со силите за Заштита и Спасвуање во претпријатијата, јавните установи и служби и со силите за Заштита и Спасвуање на урбаните заедници на чие подрачје се наоѓаат.

**Прилог број 4**

**Преглед**
**на здравствени установи**

| Ред бр. | Здравствена установа | Лекари | Техни чари | Хигиени чари | Легла | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | Инс. за белодробни заболувања кај децата | 36 | 88 | 12 | 146 | |
| 2 | 8 ми Септември | / | / | / | 420 | |
| 3 | Жан Митрев | 26 | 65 | 14 | 42 | |
| | | | | | | |

**Прилог број 5**

**ПРЕГЛЕД**
**на жители со приоритет за евакуација**
**во Општина Карпош**

| Ред. Бр. | Место за евакуација на населението | Вкупно за евакуација | Деца со Мајки до 7 год | Деца 7-14 год | Стари Лица | Од каде се Евакуира |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | | 1671 | 656 | 534 | 481 | УЗ Карпош 1 |
| 2. | | 748 | 340 | 292 | 116 | УЗ Карпош 2 |
| 3. | | 1315 | 264 | 616 | 435 | УЗ Карпош 3 |
| 4. | | 2120 | 692 | 882 | 546 | УЗ Карпош 4 |
| 5. | | 1164 | 561 | 255 | 348 | УЗ В. Тасевски |
| 6. | | 1432 | 662 | 256 | 514 | УЗ Тафталице 1 |
| 7. | | 1481 | 682 | 263 | 536 | УЗ Тафталице 2 |
| 8. | | 995 | 465 | 264 | 266 | УЗ Нерези |
| 9. | | 1311 | 455 | 476 | 380 | УЗ П.Б.Кочо |
| 10. | | 2140 | 833 | 861 | 446 | УЗ К.Ј.Питу |
| 11. | | 1042 | 476 | 282 | 284 | УЗ Влае 1 |
| 12. | | 843 | 112 | 447 | 284 | УЗ Влае 2 |
| 13. | | 500 | 136 | 234 | 130 | УЗ Злокуќани |
| 14. | | 437 | 76 | 186 | 175 | МЗ Бардовци |
| | **ВКУПНО** | **17177** | **6410** | **5848** | **4941** | |

**Прилог број 6**
**Преглед**

**на лица, органи, организации и институции вклучени во Заштита и Спасување**

| Ред. Бр. | Име | Телефон | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 4 | 5 |
| 1 | Градоначалник<br>Сотир Лукровски | 071/351-490 | + |
| 2 | Штаб за Заштита и Спасување<br>Дејан Јонузоски | 071/368-710 | + |
| 3 | ДЗС - Карпош<br>Васко Милосиевски | 075/457-510 | + |
| 4 | РЦУК - Карпош<br>Иванка Лазаревска | 076/404-593<br>3092-941 | + |
| 5 | Полициска станица - Карпош<br>Стефан Тасевски | 070/323-468 | + |
| 6 | Црвен Крст - Карпош<br>Маре Кочовска | 070/226-136 | + |
| 7 | Мин.за земјоделство<br>Дејан Давидовски | 075/299-355 | + |
| 8 | Командир на единица<br>Ермин Шаровиќ | 078/508-687 | + |
| 9 | ЈСП - Скопје<br>Јосиф Соколовски | 075/464-858<br>022640-821 | + |
| 10 | ЈП - Водовод и канализација<br>Кирил Џонов | 071/391-266 | + |
| 11 | ЈП - Комунална хигиена<br>Марјан Здравковски | 071/273-553 | + |
| 12 | ЈП - Улици и патишта<br>Влатко Аврамовски | 070/332-766 | + |
| 13 | ЈП - Паркови и зеленило<br>Александар Антовски | 076/490-326 | + |
| | | | |

**Прилог број 7**

**Меркалиева скала на сеизмички интензитет**

| Интензит | Начин на | Е ф е к т и |
|---|---|---|

| ет | опишување | |
|---|---|---|
| I | Неперцепиран | Непочуствуван. Регистриран само на сеизмограф |
| II | Доста слаб | Се чувствува само во горните катови, само од некои луѓе што не се во движење |
| III | Слаб | Се чувствува само во објектите. Вибрациите се како при премин на некои возила. |
| IV | Умерен | Обесените предмети се лулаат. Вибрациите се како при премин на потешки возила или тресење, нешто слично како кога некој предмет удира на ѕид. Паркираните автомобили почнуваат да се клацкаат. Прозорците, вратите и керамичките предмети тропкаат. |
| V | Доволно силен | Се чувствува и надвор на отворено. Заспаните луѓе се будат. Неприцврстените предмети се поместуваат и превртуваат. Вратите се отвораат и затвораат. Прозорските капаци и сликите се лулаат. Механичките часовници се иклучуваат и вклучуваат или ја менуваат брзината на работењето. |
| VI | Силен | Одењето станува тешко. Прозорците, керамичките и стаклените предмети се кршат. Книгите и сличните предмети паѓаат од полиците. Сликите паѓаат од ѕидовите. Мебелот се иземстува или превртува. Се појавуваат пукнатини на слабите материјали и конструкциите од типот “D”. Помалите ѕвона ѕвонат (во црквите, школите и тн.). |
| VII | Мошне силен | Се чувствува и од пешаците и од управувачите на автомобили. Покуќнината се крши. Материјалот од конструкциите тип значително се оштетува. Во некои случаи настануваат пукнатини во малтерот на конструкциите од типот “C”. Слабите оџаци на покривите распукнуваат. Малтерот, слабите тули, каменот, ќерамидите, полиците паѓаат. Се бранува водата од барите и езерцата. |
| VIII | Разурнувачки | Управувањето со возилата станува тешко. Тешки оштетувања на конструкциите од типот и некои оштетувања на оние од типот “C”. Парцијални уривања. Помали оштетувања на некои објекти од типот “B”. Кршење и исфрлување на гипсениот малтер. Оџаците, монументите, кулите и високите резервоари се рушат. Гранките од некои дрва се |

| | | |
|---|---|---|
| | | кршат. Промена на температурата и употребливоста на изворите. Промена на нивото на водата во бунарите. Пукнатини на влажните почви или на стрмите падини. |
| IX | Јако разурну вачки | Општа паника. Конструкциите од типот “D” потполно се урилаат. Значителни оштетувања на конструкциите од типот “C”, а и чести рушења. Сериозни оштетувања и на конструкциите од типот “B”. Рамовските конструкции се искорнуваат од темелите или пак, се рушат. Носивите елементи на железно бетонските конструкции добиваат пукнатини. Вкопаните цевки во почвата напукнуваат. Големи пукнатини на почвата . Во алувијалните терени избива вода, песок и тиње. |
| X | Екстремно Разурнувачки | Голем број на ѕиданите и дрвените конструкции се рушат. Челичните згради и мостови значитело се  оштетуваат, некои и се рушат. Забележителни оштетувања на браните, бедемите и уставите. Огромни лизгања на земјиштето. Вода се исфрла од заштитните бедеми, канали, реки и езера. |
| XI | Катастрофа | Сите конструкции се рушат. Дури и голем број добро конструирани мостови се рушат или тешко оштетуваат. Само мал број згради останува не разрушен. Железничките пруги силно се деформираат. Подземните кабли и цевководи пукаат и се кршат. |
| XII | Голема катастрофа | Големи промени во топографијата на теренот. Надземните и подземните текови на реките и потоците се менуваат на повеќе начини. Настануваат водоскоци и водопади, а езерата се преградуваат или пукаат нивните бедеми. Реките ги менуваат своите корита. |

# ПЛАН
# ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
# ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Скопје 2026 година**

ПЛАН ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО

с о д р ж и н а :

I. ПОТСЕТНИК **за употреба на планот за згрижување**
II. ЗГРИЖУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО

**а. Организација на згрижување на настрадано население**
**б. Активности за спроведување на згрижување на население**

1. Собирни места за прифаќање на населението кое подлежи на згрижување,со правци на движење и начин на превоз на населението.
2. Места за згрижување на населението кое подлежи на згрижување, со правци на движење и начин на превоз на населението

III. АНГАЖИРАЊЕ НА СИЛИ И СРЕДСТВА
IV. ПРИЛОЗИ И ДОКУМЕНТИ КОН ПЛАНОТ

**Прилог бр.1** Работна карта - граници на Општината и на урбаните заедници, карактеристики и активности за мерката
**Прилог бр.2** Евиденција на населението за згрижување
**Прилог бр.3** Наредба за згрижување на населението
**Прилог бр.4** Постапка за начин на известување на население
**Прилог бр.5** Упатство за воспоставување и одржување на ред
**Прилог бр.6** Преглед на телефони, адреси и други податоци од лица органи, организации и институции вклучени во Заштита и Спасување

## I. ПОТСЕТНИЦИ ЗА ЗАДАЧИТЕ НА СИЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА и СПАСУВАЊЕ ВО ИЗВРШУВАЊЕ НА ПЛАНОВИТЕ ПО МЕРКИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

**1. Општински штаб за заштита и спасување**

Општинскиот штаб заради успешно реализирање овој план покрај другото ги врши и следните активности:
- врши процена на заштита и спасување на луѓето и материјални добра;
- ги утврдува мерките за заштита и спасување на населението и материјалните добра при опасност и настанување на природни непогоди;
- ги утврдува собирните места за прифаќање на повредените граѓани;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
- раководи си силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување;
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организааци вклучени во мерката заштита;
- доколку размерот на опасностите се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, Општинскиот штаб дава предлог до Градоначалникот на Општината да се бара помош од Регионалниот, Републичкиот штаб или соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општината Карпош;
- воспоставува посебна соработка со државните органи и организации, службите и претпријатијата чија дејност е непосредно е сврзана со задачите од заштита и засолнување;
- соработува со Црвен крст на РСМ – Општинска Организација на Црвен крст - Карпош;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, Општинскиот штаб за Заштита и Спасување го известува Градоначалникот и Советот на Општината при што за одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;
- обезбедува услови за ефикасно и благовремено известување за опасностите, и акциите за заштита и спасување, особено преку Центрите за управување со кризи во Општината и Градот;
- донесува Упатства за мерки, задачи, активност и носители за воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја.

**Командант на Општински штаб за заштита и спасување**

Командантот на Општинскиот штаб заради успешно реализирање на плановите за Заштита и Спасување покрај другото ги врши и следните активности:
- раководи со штабот и преку него со акциите за заштита и спасување;
- врши конкретна процена на состојбата од настанатата природна непогода која ја предлага на штабот;
- предлага мерките за заштита и спасување на населението и материјалните добра од настанатата природна непогода;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
- издава наредба за упатување на единиците за Заштита и Спасување на местото на почетокот на нивното дејствување;
- ги следи активностите на силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување и ја оценува нивната успешност односно неуспешност;
- соработува со Регионалниот, Градскиот и Републичкиот штаб за заштита и спасување и со штабовите за заштита и спасување на соседните општини
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организации вклучени во мерката заштита и спасување;
- доколку размерот на опасностите се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, до Општинскиот штаб дава предлог, преку Градоначалникот на Општината да се бара помош од Регионалниот, Републичкиот штаб или од соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општината Карпош;
- соработува со државните органи и организации, службите и претпријатијата чија дејност е непосредно е сврзана со задачите од заштита и спасување;
- соработува со Црвен крст на РСМ – Општинска Организација на Црвен крст - Карпош;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, го известува Општинскиот штаб за Заштита и Спасување, Градоначалникот и Советот на Општината при што за одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;
- изготвува или донесува Упатство за мерки, задачи, активност и носители за воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја.
- врши и други задачи и активности кои се во функција за успешно спроведување на мерките за заштита и спасување согласно состојбите на теренот.

**Началник на Општински штаб за заштита и спасување**

- учествува во проценување на подготвеноста на силите за Заштита и Спасување за дејство во отстранување на последиците од појавената опасност;
- ги спроведува наредбите на Командантот и на Општинскиот штаб;
- го организира воспоставувањето на врските со силите за Заштита и Спасување и Штабот;
- ја спроведува наредбата за проверка на пополнетоста на Штабот и единицата со воени обврзници и материјално - технички средства;
- по можност извршува кратка обука со единиците заради поефикасно користење на материјално -техничките средства;

- ја спроведува наредбата за упатување на единиците за Заштита и Спасување на местото на почетокот на нивните зафати и нивно извршување;
- во случај на настанување на проблеми во извршување на задачите на штабот или единиците се ангажира за нивни разрешување;
- ја следи активноста на единиците за заштита и спасување и по потреба предлага нови мерки и задачи;
- учествува во изготвување на информации за преземените активности;
- учествува во изготвувањето на наредби, одлуки и други акти;
- соработува со началниците на штабовите за заштита и спасување на Регионалниот, Републичкиот, Градскиот и Општинските штабови за заштита и спасување на соседните општини;
- во отсуство на командантот ги презема сите негови надлежности.

## II. ЗГРИЖУВАЊЕ НА НАСТРАДАНО И ЗАГРОЗЕНО НАСЕЛЕНИЕ

Планирањето на активностите за спроведување на згрижување на настрадано население опфаќа проценување на можните загрозувања на животот и здравјето на населението, утврдување на посебна организација и постапка за спроведување на згрижувањето на настраданото и загрозено население.

При утврдување на организацијата за спроведување на згрижувањето посебно се утврдуваат задачите на сите носители на оваа активност, објектите во кој ќе се врши згрижувањето на настраданото и загрозено население, нивниот вид и место положбата.

Во спроведувањето на мерките и активностите околу згрижувањето на настраданото и загрозеното население во услови на природни непогоди и други несреќи значајно место и улога имаат органите и институциите во Републиката кои согласно нивните надлежности и делокруг на работа се вклучени во таа проблематика Министерствата за: здравство, труд и социјална политика, образование, локална самоуправа, како и Организацијата на црвениот крст, туристичките и угостителските претпријатија и други.

Особено значајна улога во реализирањето на  оваа мерка за заштита има Министерството за внатрешни работи, односно Секретаријатот за внатрешни работи на Скопје кој ги спроведува потребните мерки на јавниот ред и мир и безбедноста на загрозените подрачја за време на природните непогоди и други поголеми несреќи, а особено се грижи за обезбедување на местата каде што е настаната непогодата. Особена улога во спроведување на овие задачи има Полициската станица Карпош.

При природни непогоди во Градот и Општина Карпош настанува посебен режим на сообраќајот и затоа Полициската станица за безбедност на патниот сообраќај на Скопје своите активности ги прилагодуваат во давање приоритет на оние возила и правци на движење кои учествуваат во укажување на помош на загрозените и во отстранувањето на последиците.

Во целиот тек на отстранувањето на последиците се користат расположиви средства за врски особено телефонски и радио врски, а особено Регионалниот центар за управување со кризи, при тоа, радио врските и другите врски на сите органи и организации се ставаат во функција на заштитата и спасувањето во вонредни состојби. Во регионалниот центар на Општина Карпош се формира регионален штаб како оперативно стручно тело на Центарот, кој раководи со активностите за превенција и справување со кризни ситуации.

Заради континуирано и ефикасно извршување на горенаведените мерки и активности Регионалниот центар за Скопје работи 24 часа секој ден во неделата и е воспоставен единствен комуникациско - информативен систем со единствен број на повик –јавување  (112), а Регионалниот Центар за Општина Карпош работи по 8 часа само во работните денови.

Преку Регионалниот центар за Градот Скопје а заради известување  на учесниците во системот на управување со кризи и на населението се организира известување и тревожење. Исто така Центарот врши  анализа и обработка на податоците и информациите и ги доставува до сите учесници во системот за управување со кризи.

Во случај на природни непогоди и други несреќи одреден број на објекти ќе бидат уништени а населението ќе остане без најнеопходните услови за живот односно ќе дојде до евентуално пореметување во снабдувањето на населението со неопходните прехрамбени и други продукти.

Во ваа област особено е значајна координацијата на надлежните органи заради воспоставување соработка со производните, прометните и услужните претпријатија заради обезбедување на најнеопходните средства за живот храна, облека, постелнина и др.

**а. Организација на згрижување на настрадано и загрозено население**

**б. Активности за спроведување на згрижување настрадано и загрозено  на население**

Во зависност од природната непогода или друга несреќи местоположбата на настанување, последиците од истата и потребите за евакуација на населението се определуваат

1. Собирни места за прифаќање на згрижување на настрадано и загрозено население. Населението ,со правци на движење и начин на превоз .

2. Места за згрижување на згрижување на настрадано и загрозено население, со правци на движење и начин на превоз на населението.

**1. Собирни места за прифаќање, правци на движење и превоз на населението**

**Собирни места**

**1. Собирно место Спортски игралишта Влае** (локација - населба Влае 2, Спортско рекреативен центар Влае)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Влае 1 и Влае 2

**2. Собирно место Партизан** (локација - Спортска сала Партизан во Карпош 4)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Карпош 4.

**3. Собирно место Базен Младост** (локација – празниот простор околу Базен Младост, паркиг простор Спортска сала Борис Трајковски)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Карпош 1, УЗ Карпош 2 и УЗ Карпош 3.

**4. Собирно место Братство** (локација - Основно Училиште Братство во УЗ Тафталиџе 2)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Тафталиџе 2 и УЗ Нерези.

**5. Собирно место Алумина** (локација - празниот простор карши Фабриката Алумина)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарна непогода од УЗ Тафталиџе 1, УЗ Кузман Јосифовски - Питу и дел од УЗ Пецо Божиновски - Кочо.

**6. Собирно место Бардовци** (локација – Фудбалското игралиште во село Бардовци)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарни непогоди од МЗ Бардовци.

**7. Собирно место Злокуќани** (локација – Фудбалското игралиште во населбата Злокуќани)
Во ова собирно место ќе бидат прифаќани лицата настрадани од елементарни непогоди од УЗ Злокуќани.

**Правци на движење до собирни места**

Правците на движење за доаѓање и транспорт на повредените до собирните места ќе бидат во согласност со проодноста и близината на улиците по кои треба да се движат граѓаните.

На собирните места ќе бидат ангажирани одделение за ПМП од Универзалната единица, екипи на Црвен крст а по потреба и одделение за ПМП од подрачните специјализирани единици

**Транспортни средства**

До собирните места за евакуација, за населението не се организира превоз, бидејќи истите не се оддалечени повеќе од пет километри, освен за болните, мајки со деца до седум години и бремени жени, за кои ќе се обезбедат соодветни превозни средства за транспорт.

**(Доколку евакуацијата е делумна и краткотрајна со траење до 15 дена, собирните места можат да послужат и како места за евакуација, односно населението да биде сместено во објектите и дворните места на собирните пунктови)**

Активностите и задачите поврзани со евакуацијата на населението од подрачјето на Општината Карпош ќе се реализираат во соработка со Подрачниот штаб за заштита и спасување - Карпош на Дирекцијата за Заштита и Спасување. Заради усогласеност на активностите во реализација на евакуацијата, места за евакуација на населението кое подлежи на евакуација, со правци на движење и начин на превоз на населението се преземани од планот на подрачниот Штаб, кои се доставени на барање на Општината.

**2. Места и капацитети за згрижување на настрадано и загрозено населението.**

**Капацитети** (канцеларии и др.простор) **и број на вработени во средни - основни училишта и градинки во Општина Карпош**

| Ред. бр. | Основно училиште | Број на простории | Фискултурна сала | Дворна површина | Број на ученици | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** |
| 1 | Аврам Писевски | 13 | 1 | 7760 м2 | 288 | |
| 2 | Јан Амос Коменски | 31 | 1 | 24680 м2 | 599 | |
| 3 | Лазо Трповски | 29 | 1 | 65511 м2 | 494 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Петар Поп Арсов | 28 | 1 | 10510 м2 | 775 | |
| 5 | Братство | 24 | 1 | 10790 м2 | 560 | |
| 6 | Вера Циривири Трена | 25 | 1 | 10082 м2 | 403 | |
| 7 | Владо Тасевски | 31 | 1 | 4400 м2 | 957 | |
| 8 | Војдан Чернодрински | 21 | 1 | 6398 м2 | 637 | |
| 9 | Димо Хаџи Димов | 41 | 1 | 19947 м2 | 1328 | |
| 10 | Христијан Тодоровски - Карпош | 18 | 1 | 16141 м2 | 369 | |

**Детски градинки**

| **Ред. Бр.** | **Детска градинка** | **Број на простории** | **Број на креветчиња** | **Број на деца** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** |
| 1 | Распеана младост | 10 | 187 | 187 | |
| 2 | Орце Николов | 30 | 610 | 607 | |
| 3 | Мајски цвет | 33 | 630 | 588 | |
| 4 | Пролет | 33 | 566 | 566 | |

**Средни училишта**

| **Ред. бр.** | **Средно училиште** | **Број на простории** | **Фискултурн а сала** | **Дворна површина** | **Број на ученици** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|---|

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ѓорѓи Димитров | 20 | 1 | 8000 м2 | 1264 | |
| 2 | Лазар Танев | 25 | 1 | 5558 м2 | 1110 | |
| 3 | Орце Николов | 26 | 1 | 4200 м2 | 1157 | |
| 4 | Никола Карев | 36 | 1 | 19935 м2 | 1150 | |
| 5 | Здравко Цветковски | 64 | 2 | 11540 м2 | 1200 | |

**Преглед на хотели и други сместувачки капацитети**

| **Ред. бр.** | **Назив на субјектот** | **Број на легла** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** |
| 1 | Хотел Александар Палас | 270 | |
| 2 | Хотел Карпош | 92 | |
| 3 | Студентски дом Гоце Делчев | 1216 | |
| 4 | Средношколски интернат Здравко Цветковски | 396 | |
| 5 | | | |
| 6 | | | |
| 7 | | | |
| 8 | | | |
| | | | |

МЕСТА ЗА ЕВАКУАЦИЈА

**локалитет Базен Младост**

- ќе се постават шатори на паркинг просторот и зелената површина околу базенот и салата (има вода, струја, ВЦ и можност за организирање на исхрана);

**локалитет Алумина**
- ќе се постават шатори во зелениот појас (паркот) спроти Фабриката Алумина во должина према Студентскиот дом Гоце Делчев (има вода, струја, ќе се обезбедат мобилни тоалети (ВЦ) и можност за организирање исхрана),

**локалитет Влае**
- ќе се постават шатори на Спортските терени Влае (има вода, струја ќе се обезбедат мобилни тоалети (ВЦ) можност за организирање исхрана)

**локалитет Бардовци**
- ќе се постават шатори на фудбалското игралиште во село Бардовци (има вода, струја, ќе се обезбедат мобилни тоалети (ВЦ) можност за организирање исхрана)

## ПРАВЦИ НА ДВИЖЕЊЕ НА ЕВАКУИРАНОТО НАСЕЛЕНИЕ

Од собирните пунктови населението што се евакуира ќе се движи по алтернативните слободни правци во зависност од настанатата елементарна непогода.

**Други активности во реализација на евакуација**

Во согласност со член 24 од Уредбата за спроведување на евакуацијата на населението (Сл. весник на Р.М.бр.109/05) во спроведувањето на евакуацијата се вклучуваат Министерствата на Владата на Р.М. секое според своите надлежности, како и Црвениот крст и други хуманитарни организации.

По завршувањето на опасностите и отстранување на последиците предизвикани од природни непогоди и други несреќи, се преземаат мерки за организирано враќање на евакуираното население во постојното место на живеење.

## III. АНГАЖИРАЊЕ НА СИЛИ И СРЕДСТВА ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ

За успешна интервенција и отстранување на опасностите и последиците во случај на природни непогоди и други несреќи се ангажираат сите субјекти на подрачјето на Општината.

Како посебно организирани сили кои се ангажираат на подрачјето на Општината се следните:

- Територијалната противпожарна единица – Карпош;
- Универзална единица за Заштита и Спасување на Општина Карпош;
- Специјализирани единици на Дирекција за Заштита и Спасување –подрачна единица Карпош;
- Специјализирани единици на Дирекција за Заштита и Спасување –подрачна единица – Скопје;
- Месни сили за Заштита и Спасување во јавни претпријатијата, установи и служби кои имаат обврска да ги формираат;
- Центарот за управување со кризи - подрачни за Градот и Општината;
- Претпријатија за снабдување;
- Градежни и сообраќајно транспортни претпријатија;
- Здравствени установи;
- Организациите на Црвен крст и други невладини организации;

Со спроведувањето на мерките за заштита со кои се спречуваат, отстрануваат или ублажуваат непосредните последици и се обезбедува заштита на луѓето и материјалните добра на подрачјето на Општината раководи Општискиот Штаб за заштита и спасување во согласност со Потсетниците за употреба на плановите за заштита и спасување по соодветните мерки кои се составен дел на овој документ.

Силите за заштита и спасување на Општината се ангажираат согласно планот за заштита и спасување дел подготвеност, мобилизација и ангажирање на силите.

Силите за заштита и спасување на Општината се опремуваат со опрема согласно Одлуката на Владата на РСМ за утврдување на личен и материјален состав.

## IV. ПРИЛОЗИ И ДОКУМЕНТИ КОН ПЛАНОТ

**Прилог бр. 1** Работна карта- граници на Општината и на урбаните заедници, карактеристики и активности за мерката
**Прилог бр. 2** Евиденција на населението за згрижување
**Прилог бр. 3** Наредба за згрижување на населението
**Прилог бр. 4** Постапка за начин на известување на население
**Прилог бр. 5** Упатство за воспоставување и одржување на ред
**Прилог бр. 6** Преглед на телефони, адреси и други податоци од лица органи, организации и институции вклучени во З и С.

**Прилог број 2**

ЕВИДЕНЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ

| Ред. Бр. | Место за евакуација на населението | Вкупно за евакуација | Деца со Мајки до 7 год | Деца 7-14 год | Стари Лица | Од каде се Евакуира |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | | 1671 | 656 | 534 | 481 | УЗ Карпош 1 |
| 2. | | 748 | 340 | 292 | 116 | УЗ Карпош 2 |
| 3. | | 1315 | 264 | 616 | 435 | УЗ Карпош 3 |
| 4. | | 2120 | 692 | 882 | 546 | УЗ Карпош 4 |
| 5. | | 1164 | 561 | 255 | 348 | УЗ В. Тасевски |
| 6. | | 1432 | 662 | 256 | 514 | УЗ Тафталиџе 1 |
| 7. | | 1481 | 682 | 263 | 536 | УЗ Тафталиџе 2 |
| 8. | | 995 | 465 | 264 | 266 | УЗ Нерези |
| 9. | | 1311 | 455 | 476 | 380 | УЗ П.Б.Кочо |
| 10. | | 2140 | 833 | 861 | 446 | УЗ К.Ј.Питу |
| 11. | | 1042 | 476 | 282 | 284 | УЗ Влае 1 |
| 12. | | 843 | 112 | 447 | 284 | УЗ Влае 2 |
| 13. | | 500 | 136 | 234 | 130 | УЗ Злокуќани |
| 14. | | 437 | 76 | 186 | 175 | МЗ Бардовци |
| | **ВКУПНО** | **17177** | **6410** | **5848** | **4941** | |

**Прилог број 4**

**Постапка за начин на известување на население (тревожење)**

**I. Тревожење**
**II. Постапка на граѓаните на даден знак за тревожење**

**I.Тревожење**

Знаците за тревожење (”Службен весник на Република Македонија“ број 9/2007) преставуваат сигнали со кои се известува и тревожи населението преку инсталираните сирени од системот за тревожење.

**а. Знаци за тревожење**

Знаци за тревожење во Република Северна Македонија во случај на појава на опасност се:

- **знак за општа опасност**
- **знак за престанок на опасноста**

Знакот за општа опасност се емитува при појава на ризици и опасности со вклучување на сирените од системот за тревожење со непрекинат завивачки тон во траење од 60 секунди.

Знакот за престанок на опасноста се емитува при престанок на ризикот и опасноста со вклучување на сирените од системот за тревожење со едноличен тон во траење од 60 секунди.

Тревожењето го врши Центарот за управување со кризи преку Регионалните центри за управување со кризи во Општината Карпош и Градот Скопје.

**С П И С О К**
**на сирени лоцирани во Општината Карпош – Скопје**

| Ред. бр. | Л О К А Ц И Ј А | вид | З А Б Е Л Е Ш К А |
|---|---|---|---|
| 1. | 2. | 3. | 4. |
| 1. | ОУ Јан Амос Коменски | електрична | |

**Прилог број 5**

## УПАТСТВО
### за воспоставување и одржување на ред во настрадани зони

Силите за заштита и спасување се ангажираат во настраданите зони од елементарни непогоди и други несреќи во зависност од дејствието, урнатини, пожари, експлозии и други несреќи, за отстранување на последиците, и спроведување на соодветни хуманитарни активности за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра.

За нивното непречено ангажирање во активностите и задачите, командата на единиците одредуваат определен број на припадници кои имаат за задача да одржуваат ред во настраданата зона.

Овие припадници на себе носат видливи белези и имаат за цел да ја заштитат загрозената зона од непредвидени упади на надворешни лица кои би можеле да предизвикаат пожари, експлозии, кражби и слични дејства со кои би ги загрозиле животите на граѓаните и припадниците на силите за заштита и спасување, како и отстранување и спречување на граѓаните да упаднат во загрозената зона каде се врши интервенција од единиците за заштита и спасување. Во објектите, зградите и сл. на влезовите се поставува лице кое го контролира влегувањето, односно излегувањето.

Градската управа за внатрешни работи ги спроведува потребните мерки на јавниот ред и безбедноста на загрозените подрачја за време на елементарни непогоди, а особено се грижи за заштита на имотот и обезбедување на местата каде што е настаната непогодата.

При вонредните состојби во Градот настанува посебен режим на сообраќајот и органите за контрола и регулирање на сообраќајот своите активности ги прилагодуваат да дадат приоритет на оние возила и правци на движење кои учествуваат во укажување на помош на загрозените и во отстранувањето на последиците. Во целиот тек на отстранување на последиците се користат расположиви средства за врски особено телефонски и радио врски, а при тоа и радио врските и другите врски на органите за внатрешни работи се ставаат во функција на заштитата и спасувањето од вонредни состојби.

Во случај на повреди на луѓето од било кои причини особено при масовни несреќи здравствените установи во градот сите свои расположиви сили и средства ги насочуваат кон спасување на повредените настраданите лица.

Заводот за трансфузија со крв како и организацијата на Црвениот крст се грижат за спроведување на акциите и програмата за доброволно дарување на крв во Заводот се создадени услови да се чуваат одредени количини на крв и крвна плазма кои се неопходни.

При Заводот за здравствена заштита работи посебно одделение за хигиено-епидемиолошка заштита кое ги следи состојбите на Градот и Општината за опасноста од појава на заразни болести и епидемиолошки заболувања.

За време на вонредните состојби населението се обезбедува и организирано со прехранбени и други потребни артикли. Снабдувањето на загрозените и настраданите

делови од Градот ќе се извршува од оние реони кои не се зафатени со вонредната состојба или ако поголемо подрачје е зафатено, се очекува помош од соседните градови и користење на стоковите резерви на Градот и Републиката.
Во оваа област особено е значајна координацијата на надлежните органи заради воспоставување соработка со производните, прометните и услужните претпријатија заради обезбедување на најнеопходните средства за живот, храна, облека, постелнина и др.

Горе наведените мерки и активности за воспоставување и одржување ред се преземаат и на собирните места утврдени од Општинскиот штаб, за прифаќање на повредените граѓани.

При воспоставување и одржување на ред во настрадани зони и изведувањето на акциите за заштитата и спасување припадниците за одржување на ред соработуваат со силите за Заштита и Спасување во претпријатијата, јавните установи и служби и со силите за Заштита и Спасување на урбаните заедници на чие подрачје се наоѓаат.

**Преглед на лица, органи, организации и институции вклучени во Заштита и Спасување**

| Ред. Бр. | Име | Телефон | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 4 | 5 |
| 1 | Градоначалник<br>Сотир Лукровски | 071/351-490 | + |
| 2 | Штаб за Заштита и Спасување<br>Дејан Јонузоски | 071/368-710 | + |
| 3 | ДЗС - Карпош<br>Васко Милосиевски | 075/457-510 | + |
| 4 | РЦУК - Карпош<br>Иванка Лазаревска | 076/404-593<br>3092-941 | + |
| 5 | Полициска станица - Карпош<br>Стефан Тасевски | 070/323-468 | + |
| 6 | Црвен Крст - Карпош<br>Маре Кочовска | 070/226-136 | + |
| 7 | Мин.за земјоделство | 075/299-355 | + |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Дејан Давидовски | | |
| 8 | Командир на единица<br>Ермин Шаровиќ | 078/508-687 | + |
| 9 | ЈСП - Скопје<br>Јосиф Соколовски | 075/464-858<br>022640-821 | + |
| 10 | ЈП - Водовод и канализација<br>Кирил Џонов | 071/391-266 | + |
| 11 | ЈП - Комунална хигиена<br>Марјан Здравковски | 071/273-553 | + |
| 12 | ЈП - Улици и патишта<br>Влатко Аврамовски | 070/332-766 | + |
| 13 | ЈП - Паркови и зеленило<br>Александар Антовски | 076/490-326 | + |
| | | | |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Правилник за заштита од пожари и експлозии**

1. Се објавува Правилник за заштита од пожари и експлозии, донесен на 11. седница (второ продолжение) на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 април 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3519/10**
**Датум: 03.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 10; член 36, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), и Согласноста бр.09-31/3 од 06.03.2026 година од Дирекција за заштита и спасување Подрачно одделение Карпош, Советот на Општина Карпош, на 11. седница (второ продолжение), одржана на 02 април 2026 година година, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со Правилникот за заштита од пожари и експлозии се уредува начинот на организирање и остварување на противпожрната заштита. Со него се врши утврдување на правата и обврските на вработените во делот на заштитата од пожари и експлозии, а особено:

- Мерките за заштита од пожари и експлозии;
- Постапките во случај на избувнување на пожар и гаснење на пожарите;
- Опремата,техничките и другите средства за гаснење на пожарите;
- Должностите и одговорностите на органот на раководење на општината;
- Одговорностите и задачите на Советот на Општина Карпош, Градоначалникот на Општина Карпош и останатите вработени во преземањето на мерките и организацијата на активностите за заштита од пожари и експлозии;
- Делокругот и овластувањата на одговорните работници за заштита од пожар и експлозии;
- Непосредните должности, задачи и постапки на сите вработени во случај на избивање на пожар и учество во гаснење на истиот;
- Начинот на запознавање на вработените со опасностите од пожари и експлозии;
- Обука на вработените од областа на противпожарната заштита;
- Распоредот и времето на испитување на уредите, техничката опрема и средствата за гасење на пожарите.

### II. ОРГАНИЗАЦИОНА, ФУНКЦИОНАЛНА И ПРОСТОРНА ПОСТАВЕНОСТ НА ОПШТИНА КАРПОШ

Член 2

Во рамките на Општина Карпош согласно Законот за локална самоуправа постојат два органи и тоа:

- Совет на Општина Карпош
- Градоначалник на Општина Карпош

Општинската администрација ја сочинуваат:

- Секретар на Општина Карпош

- Сектор за правни работи;
- Сектор за подршка на Градоначалник;
- Сектор за финансиски прашања;
- Сектор за јавни набавки;
- Сектор за развој на Општината;
- Сектор за урбанизам;
- Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи;
- Сектор за дејности од јавен интерес;
- Сектор за екологија и енергетска ефикасност;
- Сектор за односи со јавноста и информации на граѓаните;
- Сектор  инспекторат;
- Сектор за поддршка и организација на општината и архивско-административни работи.
- Одделение за човечки ресурси;
- Одделение за внатрешна ревизија;

Член 3

За извршување на активностите од противпожарната заштита  задолжени се сите вработени во Општината

Член 4

Објектот на Општината заради функционалност и успешно реализирање на активностите се состои од следниве функционални целини:

- Административна зграда на Општина Карпош, ул. Никола Русински бр.11

Член 5

Заштитата од пожари и експлозии опфаќа мерки и постапки на вработените кои се утврдуваат и превземаат заради спречување на настанување, локализирање и гасење на пожарите, како и спасување на луѓето и материјалните добра кои можат да бидат загрозени од пожари и експлозии.

Заштитата од пожарите и експлозиите се организира и спроведува на секое работно место, во сите делови и во сите простории на Општината, а посебно на оние места каде што има зголемена опасност од настанување на пожар.

За отстранување на евентуални појави на пожари и други загрозености на ниво на Општината формирана е просторна универзална единица за заштита и спасување во јачина на вод, а за нејзино раководење формиран е Штаб за заштита и спасување.

## III. ДОЛЖНОСТИ НА ОРГАНОТ НА РАКОВОДЕЊЕ, ВРАБОТЕНИТЕ ОПРЕДЕЛЕНИ ЗА НЕПОСРЕДНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ И ДРУГИТЕ РАБОТНИЦИ

Член 6

1. **Совет на Општина Карпош**

Совет на Општина Карпош ја утврдува политиката за заштита од пожари и експлозии на вработените и имотот на Општината и се грижи за нејзино доследно спроведување.

Во врска со ова Советот на Општина Карпош ги има следните права и должности:

- Ги донесува општите акти, одлуките, плановите и програмите со кои се уредува заштитата од пожари и експлозии;
- Ја следи, разгледува и проценува состојбата на противпожарната заштита и врз основа на тоа донесува заклучоци и одлуки за отстранување на опасностите од избивање на пожари и експлозии и превземање на противпожарни мерки;
- Ја разгледува состојбата, организираноста, бројноста и техничката опременост со противпожарната опрема, како и стручноста и оспособеноста на вработените за брзо и ефикасно гасење на појавени пожари;
- Врши и други задачи кои можат да се јават по потреба, а се однесуваат на оваа проблематика.

Член 7

2. **Должност и одговорност во врска со заштита од пожари**

Градоначалникот на Општина Карпош во областа за заштита од пожари ги има следните права и должности:

- Организира и врши надзор над примената и спроведувањето на општите прописи од областа на противпожарната заштита, нормативните акти и одлуки кои се донесени на Советот на Општина Карпош;
- Градоначалникот на Општина Карпош е одговорен за правовремена изработка, донесување и спроведување на сите акти од областа на заштитата од пожари и превзема мерки за спроведување и унапредување на заштитата од пожари;
- Покренува дисциплинска постапка против вработените кои имаат направено повреда на работната обврска во врска со заштитата од пожари;
- Во случај на пожар со материјални штети формира комисија за утврдување на причините за настанување на истата и утврдување на евентуалните виновници за настанување на пожарот.
- Секретарот Општина Карпош и раководителите на секторите во поглед на извршувањето на мерките за заштита од пожари, должни се :
- да се грижат за остварување на мерките од противпожарната заштита во согласност со одредбите од овој Правилник;
- да организираат отстранување на воочените и пријавените недостатоци;
- да ги пријават на непосредно повисокиот раководител сите недостатоци во врска со заштита од пожари кои не се во состојба сами да ги одстранат;
- да присуствуваат по потреба при извршување на работни операции во просториите каде што може лесно да дојде до настанување на пожар;
- да учествуваат при гасење на евентуален пожар во објектите на Општината,при спасување на животот на луѓето и имотот на Општината;
- да поднесуваат пријава за утврдување на одговорност против вработените кои не се придржуваат на пропишаните мерки од противпожарна заштита.

Член 8

**3. Должности на вработените задолжени за непосредно спроведување на мерките за заштита од пожари и експлозии**

Во заштитата од пожари и експлозии вработените задолжени за непосредно спроведување на мерките за заштита од пожари и експлозии ги имаат следните права, должности и одговорности:
- ги организираат и спроведуват мерките за заштита од пожари и експлозии кои се дефинирани со прописите и со овој Правилник;
- ги отстрануваат опасностите од појава и ширење на пожар;
- ги организираат и запознаваат вработените со пожарните опасности, мерките за заштита и постапките во случај на пожар или експлозија;
- го известуваат Градоначалникот на Општина Карпош за потребата на хитно превземање на мерки за заштита од пожар и експлозии во колку тие самите не се во можност успешно да ги превземат;
- раководат со акцијата за гаснење на евентуално појавен пожар се до моментот кога акцијата за гаснење не ја превземе Територијалната противпожарна единица на град Скопје(ТППЕ);

- ја оценуваат потребата од поставување на противпожарна стража кога тоа е потребно.

Член 9

**4. Должност и обврска на останатите вработени**

Останатите вработени во Општината непосредно ги спроведуваат мерките за заштита од пожари и експлозии, а посебно обврзани се:

- Да се запознаат со организација на заштитата од пожари и експлозии во Општината;
- Да бидат запознати со упатствата за сигурна работа од аспект на заштита од пожари и експлозии, а посебно на оние делови од должностите кои се однесуваат на извршувањето на работните задачи во рамките на своите работни должности;
- Да го знаат телефонскиот број на противпожарната единица на територијална противпожарна единица на град Скопје;
- Да го знаат распоредот на противпожарните апарати и другата опрема за гаснење на пожар;
- Да знаат како треба да постапат и како да се однесуваат во случај на опасност од пожар или експлозија;
- Да се оспособат за работа на сигурен и безбеден начин од аспект на заштита од пожари и експлозии ;
- За сите воочени недостатоци или други неисправности кои би можеле да предизвикаат пожар да ги известат нивните претпоставени, односно лицата задолжени за противпожарна заштита;
- Да внимаваат противпожарните патишта секогаш да бидат чисти и проодни;
- После завршување на работните обврски во работните простории да ги одстранат сите опасности кои би можеле да предизвикаат пожар или експлозија;
- Да учествуваат во обуките за оспособување за заштита од пожари и експлозии;
- Да ги вршат сите други останати работи во врска со заштитата од пожари и експлозии.

- Во случај на пожар, по неговото локализирање се воведува дежурство за да не дојде до негово повторно избувнување.

Вработените, за време на своето дежурство да ја контролираат исправноста на преносните противпожарни апарати и други уреди и опрема за гасење на пожар и за состојбата да го известуваат надлежниот одговорен работник со внесување на забелешките во книгата за дежурства;

- Добро да ги познаваат направите за гасење, распоредот на противпожарните апарати, противпожарните хидранти како и сите приоди и влезови во објектите на Општината.
- Да превземаат и други мерки и активности за заштита од пожар.

## IV. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ

Член 10

Во сите простории на Општина Карпош мора да се спроведуваат сите пожарно - превентивни мерки одредени со законските и други прописи, како и со превентивните мерки одредени со овој Правилник .

Член 11

Со мерките за заштита од пожари и експлозии се одстрануваат сите извори за настанување на пожари, спречување на негово ширење и создавање на услови за спасување на вработените и материјалните добра.

Член 12

Во сите делови и простории на Општина Карпош ќе се превземаат и спроведуваат следните мерки за заштита од пожари и експлозии :

- Патиштата и приодите кои водат кон влезот на објектот, влезните и излезните врати како и ходниците, мора да бидат слободни и функционални во секое време,како би можело во случај на пожар и други несреќи непречено да се изведува акција за спасување и гасење;
- Електричната инсталација во објектот и просториите и опремата за работа е изведена така што нема да претставува опасност за предизвикување на пожар, а одстранувањето на евентуално настанати дефекти мора да го вршат само лица со соодветна квалификација за такви активности;
- Громобранската инсталација да се испитува во согласност со важечките прописи, а испитувањето да го врши овластена лиценцирана институција;
- Отпадни материи кои се создаваат во текот на работењето редовно да се чистат и изнесуваат од просториите на објектот;
- Техничката опрема, апаратите, справите и сите средства за гасење на пожар мора секогаш да бидат во исправна состојба за евентуална употреба и поставени на места според Планот за заштита од пожари и експлозии;
- Пристапните патишта до апаратите и другите справи за гасење на пожар да бидат проодни заради овозможување на брз пристап со цел брзо и ефикасно ставање во функција за гасење на пожар;
- Редовно да се врши отстранување на појавените дефекти на електричната инсталација (оштетени кабли, прекинувачи, утичници и др.);
- Употребата на грејните тела (решоа, греалки и сл,) да биде забранета, односно истите доколку е неопходно, да се користат во посебни простории и во исправна состојба како не би предизвикале пожар и со посебна наредба од овластено лице;
- Да се врши почеста контрола на исправноста на продолжните кабли од апаратите кои се користат за административно работење (компјутери, печатари и др.), како и исправност на самите апарати;

- При секое напуштање на објектот после завршување на работното време да се изврши проверка дали се исклучени апаратите кои можат да предизвикаат пожар или експлозија;
- Во корпите за фрлање на отпадоци да не се фрлаат средства и материи кои можат да предизвикаат забавени реакции на палење (потрошени плински запалки, шишиња со хемиски средства и др);
- При евентуални зафати кои би се изведувале во објектот, а за чии што активности би се користеле средства кои можат да предизвикаат пожар и други апарати да се превземат сите мерки кои би оневозможиле појава на пожари и експлозии во објектот;
- Најстрого да се почитува Законот за забрана за пушењето;
- Во просторијата која што служи за приготвување на топли напитоци и каде што се користи електричен шпорет со  рингли да не се чуваат лесно запалливи и експлозивни материи;
- На ринглите од шпоретот да не се оставаат пластични или други садови кои можат да се запалат;
- После секое користење на електричниот шпорет задолжително да се изврши негово исклучување на регулаторот за вклучување и исклучување, а доколку приклучокот за струја е на дофат задолжително да се изврши исклучување на шпоретот од доводот на струја;
- При евентуални реконструкции, доградби и други зафати на објектот да се почитуваат одредбите од Законот за заштита и спасување кои предвидуваат изготвување на елаборат за заштита од пожари и експлозии  за активностите кои ќе се изведуваат, односно мерките за заштита од пожари и експлозии кои треба да се превземат на новите доградби.
- Доследно да се почитуваат сите превентивни мерки кои се предвидени во Планот за заштита од пожари и експлозии кој е составен дел на Планот за заштита и спасување.

## V. ПОСТАПКА НА ВРАБОТЕНИТЕ ПРИ ПОЈАВА НА ПОЖАР ВО ПРОСТОРИИТЕ  НА ОПШТИНАТА

Член 13

Во случај на пожар секој вработен е должен е да постапи според Упатството за постапка во случај на пожари според кое работникот во случај на пожар треба да ги превзема следните активности:

1. Веднаш да пристапи кон гасење на настанатиот пожар;
2. Во колку тоа не може да го стори самиот,на помош ги повикува останатите вработени и заедно со сите средства за гасење кои се на располагање го гаснат настанатиот пожар, а воедно доколку пожарот излезе од контрола и добие пошироки размери се известува и противпожарната единица на град Скопје .
3. Повикување на противпожарната единица на градот Скопје, се врши на тој начин што при дојавата се даваат (кажуваат) следниве податоци кои се неопходни за правилна дојава за настанат пожар, односно,

- Назив на објекот што гори;

- Улица и број, односно локација на објектот што гори;
- Што гори и од каков обем е пожарот;
- Дали постои опасност по вработените ,
- Лично име и презиме на лицето кое дојавува за пожарот.

4. Телефонскиот број на кој се повикува противпожарната единица на градот Скопје е:193

## VI. НАЧИН НА ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ СО ОПАСНОСТИТЕ ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ ПОВРЗАНО СО СООДВЕТНОТО РАБОТНО МЕСТО ПРИ СТАПУВАЊЕ НА РАБОТА И ПРИ РАСПОРЕДУВАЊЕ ОД ЕДНО НА ДРУГО РАБОТНО МЕСТО

Член 14

Секој вработен пред да почне со работа, односно пред распоредување на работа или при прераспоредување од едно на друго работно место мора да биде запознат со изворите на опасности за настанување на пожар.

Член 15

Секој вработен мора темелно да ги запознае сите можни извори за настанување на пожари и потполно да се обучи за негово спречување и гасење,а посебно треба да знае :
- Сите опасности од пожарите или експлозиите кои можат да му го загрозат животот и здравјето;
- Начинот на извршување на работата;
- Противпожарните постапки предвидени со општите и посебните прописи и упатства за заштита од пожари и експлозии;
- Практична употреба на противпожарните апарати, уредите и средствата за гасење на пожарите;
- употребата на личните и колективните средства;
- организацијата на заштитата од пожарите и експлозиите и нејзиното функционирање во Општина Карпош;
- Должностите,правата и одговорностите во областа на заштитата од пожари и експлозии;
- Сите други останати активности кои можат да бидат од значење за заштитата од пожари и експлозии .

Член 16

Запознавањето на вработените со условите за работата, опасностите од настанувањето на пожари, мерките средствата за заштита од пожари и експлозии се изведува на курсеви, предавања и на други начини.

## VII. НАЧИН НА ОБУКА НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗА УЧЕСТВО ВО ГАСЕЊЕ НА ПОЖАРИТЕ, РАКУВАЊЕ СО УРЕДИТЕ, ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМА И СРЕДСТВАТА ЗА ГАСЕЊЕ НА ПОЖАРИ

Член 17

Секој вработен е должен да посетува обука од областа на противпожарната заштита заради оспособување за успешно справување со евентуална појава на пожар.

Член 18

Обуката на вработените од областа на заштитата од пожари и експлозии се спроведува во следните случаи:

- При стапување на вработениот на работа, а пред распоредувањето на работите и работните задачи кои произлегуваат од неговото работно место;
- При прераспоредување од едно на друго работно место и
- За време на работата.

Член 19

Обуката мора да опфати теоретски и практични знаења и тоа :

- Знаења за општите опасности за пожарите;
- Знаења за специфичните опасности од настанување на пожари поврзани за поедини работи;
- Знаења за нормите и нормативите за заштитата од пожарите експлозиите и опасните материи;
- Знаења за содржините на Правилникот за заштита од пожари и експлозии;
- Знаења за правата, должностите и одговорностите во спроведувањето на заштитата од пожари;
- Знаења за начинот за ракување со противпожарните апарати и друга опрема за гасење на пожарите.

Член 20

Обуката ја изведуваат и спроведуваат овластени правни лица со овластување издадено од Дирекцијата за заштита и спасување на Р.Македонија.

Член 21

После извршената обука овластеното правно лице на секој вработен кој ја завршил обуката мора да му издаде соодветен документ за завршена теоретска и практична обука.

## VIII. РАСПОРЕДОТ И ВРЕМЕТО НА ИСПИТУВАЊЕ НА УРЕДИТЕ, ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМА И СРЕДСТВАТА ЗА ГАСЕЊЕ НА ПОЖАРИ

Член 22

Рачните противпожарни апарати да бидат поставени на места во согласност со Планот за заштитата од пожари, технички исправни и закачени на зид на височина од 1.5 метри од котата на подот на ниво на рачката за активирање на апаратот, а над апаратот да има поставена ознака ППА со пропишани димензии според Правилникот од Дирекцијата за заштита и спасување.

Член 23

Сите противпожарни апарати да се одржуваат во исправна состојба и редовно да се сервисираат.

Член 24

Пристапот до противпожарните апарати постојано и во секое време да биде прооден за брзо приоѓање до истите.

Член 25

Сервисирањето на противпожарните апарати да го врши овластено правно лице со овластување издадено од Дирекцијата за заштита и спасување на РСМ за одржување и сервисирање на противпожарни апарати.

Член 26

Рачните противпожарни апарати се испитуваат и сервисираат во согласност со Правилникот кој ја регулира ова проблематика и најмалку еднаш во текот на годината, а доколку истите се изложени на атмосферски влијанија и други агресивно технолошки средини истите да се испитуваат на шест месеци.

Противпожарните апарати кои работат на принципот под постојан притисок и со шишенце за погонски гас подлежат на испитување на исправноста на садот во кој е сместено средството за гасење. Испитувањето го вршат акредитирани правни лица за испитување на садови под притисок.

Член 27

Хидрантска инсталација во Општината секогаш да биде во исправна состојба и комплетна во поглед на опременоста со вентили, црева, спојки и млазници.

Член 28

Испитувањето на исправноста на на хидрантската инсталација да се врши најмалку еднаш годишно од страна на овластено правно лице со овластување издадено од Дирекцијата за заштита и спасување на Р.М за одржување, сервисирање и испитување на стабилни системи и инсталации за гасење на пожар.

Член 29

Испитувањето се врши во согласност со Правилникот за испитување на вакви инсталации, а опфаќа испитување на протокот на водата (статички и динамички притисок, количина на вода), како и испитување на другата опрема вклучувајќи го тука и испитувањето на притисокот на противпожарните црева на потребен притисок.

Член 30

Испитување на системот за дојава на пожар и тоа на :

- Димно оптичкиот јавувач на пожар;
- Рачниот јавувач на пожар и
- Надворешните сирени за тревога

## IX. ОДГОВОРНОСТИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ПОГЛЕД НА ЗАШТИТАТА ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ

Член 31

Сите вработени во Општина Карпош се должни да се придржуваат кон мерките за заштита од пожари и експлозии кои се определени со овој Правилник, а за неизвршување одговорни се според законските регулативи кои ги регулираат одговорностите на работниците.

Член 32

Неспроведувањето и непочитувањето на пропишаните мерки за заштита од пожари и експлозии претставува потешка повреда на работната дисциплина.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 33

Доколку некои прашања не се опфатени со одредбите на овој Правилник,непосредно ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита и спасување, Законот за пожарникарство и другите нормативни акти кои ја регулираат оваа проблематика.

Член 34

Со цел остварување на целите и задачите од областа на заштитата од пожари, по потреба да се соработува со надлежните органи од Дирекцијата за заштита и спасување подрачно одделение “Карпош“.

Член 35

Градоначалникот на Општина Карпош е должен да ги разгледа и утврди мерките и средствата за отстранување на сите констатирани неправилности од страна на надлежниот ресорен орган, а во определениот рок да ја извести инспекцијата за превземените мерки утврдени при инспекцискиот надзор.

Член 36

Правилникот за заштита од пожари и експлозии стапува во сила од денот на неговото донесување.

Член 37

Со стапување во сила на овој правилник престанува да важи Правилниот за заштита од пожари и експлозии бр. 09-9269/12 од 28.11.2018 година.

**Број 09-2973/17**
**Датум 02.04.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Христо Саракинов с.р.**

## СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА
**Исправка на техничка грешка**

По реализација на актите усвоени на 6 (шестата) седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2026 година и објавувањето на истите во „Службен гласник на Општина Карпош “ бр.23/25, констатирано е дека во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2026 година бр. 09-11690/16 од 26.12.2025 година, се направени технички грешки и истите се корегирани на начин што:

- во точка 16 од програмата, „Трошоци“ се тргнати како ставка, бидејќи предвидената финансиска рамка е 0 денари.
- Во вкупната предвидена финансиска рамка, сумата изразена во зборови има техничка грешка, се бришат зборовите „и пет“. Бројчаниот износ на финансиската рамка останува непроменет.
- и во Точка III „Финансирање“ во износот на финасиската рамка наведена со зборови во заградата има техничка грешка, се бришат зборовите „и пет“. Бројчаниот изност на финансиската рамка останува непроменет.

**Број: 09-2973/18**
**Датум: 02.04.2026 година**
**Скопје**

**СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС**
**Пом. раководител**
**Анета Марковска Илиевска, с.р.**

СОДРЖИНА

1.Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за изградба на новопроектирана секундарна улична мрежа за дел од сервисна улица: „Д“ и дел од сервисна улица „А“ (ул.Скупи-3) -н.м. Злокуќани, Општина Карпош, со Решение за објавување.
2.Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје со, Решение за објавување.
3.Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Карпош-Скопје со, Решение за објавување.
4.Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Карпош-Скопје, со Решение за објавување.
5.Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на групи со поголем односно помал број на деца од законски предвидениот број на деца во групите во јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Карпош-Скопје, со Решение за објавување.
6.Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје, со Решение за објавување.
7.Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациии наменети за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош за 2026 година, со Решение за објавување.
8.Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2026 година, со Решение за објавување.
09.Одлука за усвојување на План за заштита и спасување на подрачје на Општина Карпош (+презентација), со Решение за објавување.
10. Правилник за заштита од пожари и експлозии, со Решение за објавување
11. СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

Издавач:
Општина Карпош
Уредува: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот
Адреса: ул.Никола Русински бр.11
Тираж: 30 примероци